Проф. д-р Ѓорге Иванов

*Предизвици на новата меѓународна политика*

Настаните што се случија последниве месеци, пред сè неуспешните референдуми за европскиот устав во Франција и Холандија и неуспешниот економски самит, ја ставаат Европа пред еден голем предизвик. Сега треба да се одговори на едно суштествено прашање: дали европската интеграција е само една маска од периодот на студената војна за да се прикрие американската доминација над нејзиниот западен дел, простор кој го изразуваше одбивањето на советизацијата на континентот; или нешто многу поголемо од сето тоа: израз на стогодишната желба за обединување на континентот што во современи услови единствено овозможува нејзин опстанок и гарантира сочувување на нејзината разновидност и креативна моќ.



Политичарите постојано имаа свои причини да ја избегнат јавната дебата за целта на европското обединување. По двојното „не“ на Франција и Холандија дел од европските граѓани сакаат да знаат каде треба да води европскиот проект, кој дневно влијае врз нивниот живот. Тие сега бараат европското обединување да се поврзе со политичката перспектива. Еврократите пропуштија благовремено и јасно да ги дефинираат овие спорни моменти. Едноставно не сакаа да го загрозат удобниот бирократски модел на обединување одозгора. Инаку, европскиот терен и без последните настани веќе е миниран од противречните интереси на богатите и сиромашните, големите и малите, старите и нови земји-членки, митовите за меѓусебно спротивставените национални истории.

Сакале да го признаат тоа или не, сепак, по речиси половина век на студена војна, САД беа тие што ја поттикнуваа европската интеграција. Тие беа убедени дека обединета Европа би претставувала подобар економски партнер, но и политички сојузник. Војната во Ирак донекаде ги искомпликува таквите очекувања. Настана еден кризен период, како резултат на различни политички филозофии, со оценки за постоење на „стара“ и „нова“ Европа. Новите членки на ЕУ потсетија дека главното прашање во времето на создавањето на ЕУ не беше заедничкиот пазар, туку прашањето за војната и мирот. Според таа „нова“

Европа прашањата за војната, мирот и безбедноста и денес имаат фундаментално значење. Затоа новите членки пројавија и интерес за американското присуство во европската политика.

Ни се допаѓало тоа нам или не, сеедно, светот онаков каков што е станува сè поопасно место за живеење. Војната во Ирак и глобализацијата доведуваат до зголемување на меѓународниот тероризам и можноста тој да добие нова сила. Ирак веќе станува магнет и расадник на меѓународни терористички активности. Таму се обучуваат и борат разновидни екстремисти, кои потоа одат во други држави каде спроведуваат атентати и диверзии. Ирак сè повеќе станува уште едно хронично жариште, покрај израелско-палестинскиот конфликт, Чеченија, Кавказ, Филипини, ширејќи ја „радикалната исламска идеологија". Ова веќе се третира како сценарио за создавање на „нов калифат" кога исламскиот фундаментализам ги загрозува западните вредности. Тоа би довело до разидинување на европските, американските, руските и кинеските интереси давајќи им голем простор за дејствување на терористите. Глобалните, пак, напори да се спречат терористичките акции и прометот на оружје за масовно уништување ќе подигне големи бариери кои директно ќе ја оневозможуваат глобализацијата. Поинаку кажано, заканата од меѓународен тероризам направи пресврт на целиот контекст на меѓународната политика.

Глобализацијата, барем засега, почна да го пренесува тежиштето на моќта врз Азија, загрозувајќи ја надмоќта на Америка. Засега најголемата корист од глобализацијата ја имаат Кина и Индија, користејќи ги предностите на огромна евтина работна сила и пристапот до високите технолошки можности. Се оценува дека за една до две децении бруто домашниот производ на Кина ќе биде значително поголем од која било друга западна земја, а Индија ќе ја надмине европската економија. Се очекува најголем економски раст да доживеат и Бразил и Индонезија. Затоа Европа, но и Русија со сите свои проблеми, стануваат важни партнери за САД, како во борбата против тероризмот, така и кон напредувањето на информациско-комуникациската револуција.

На меѓународен план веќе се создаваат алијанси на групи од криминалци. Тие сè почесто настојуваат да ги корумпираат лидерите на нестабилните, економски ослабнати држави, продирајќи во нивните банки и бизниси кои се во лоша состојба, користејќи информациски технологии и соработувајќи со групи и движења кои контролираат одредени територии. Ваквите криминални структури можат да преземаат виртуелна контрола над цели територии на „неуспешни и недовршени држави" каде централната власт не е во состојба да ги спроведува своите надлежности.

Сериозните анализи на овие феномени веќе укажуваат на блиските врски меѓу структурите на организираниот криминал и терористите. Меѓутоа организираниот криминал е мотивиран само од парите, додека терористите, барем засега, избегнуваат поврзување со луѓе без

идеологија, затоа што тоа ги зголемува можностите за продирање на полицијата во нивните редови.

Нашиот регион како да го губи значењето за САД и ЕУ. Тие се сè помалку заинтересирани за нас бидејќи си поставуваат пред себе други приоритети.

Регионот е пред големи предизвици. Претстои решавање на статусот на Косово. Нови проекции за Босна и Херцеговина. Референдум во Црна Гора. Преговорите на ЕУ со Турција и Хрватска. Одговор на македонската кандидатура. Вклучување на Бугарија и Романија во ЕУ.

Сето тоа бара поголема свест за регионот, затоа што многу лесно може да остане подолг период надвор од Европската унија. Колку се подготвени балканските политичари да се соочат со големите предизвици на меѓународен и регионален план, засега не може да се предвиди. Најголем дел од политичките елити немаат реална моќ сами да ги решат бројните отворени прашања и затоа со леснотија ги примаат иницијативите тоа да го стори некое меѓународно тело.

**Abstract**

Events in the last months, especially the unsuccessful referenda on the European Constitution in France and Holland and the fail of the Economic summit, set big challenge to Europe. Aware or not, after half of century cold war USA were the ones who were supporting European integration in order to find an equal economic and political partner in the United Europe. However, the war in Iraq did not match these expectations. This war, together with the globalization, increased international terrorism and the possibility for it to gain a new power. Globalization has started to move the power to Asia, endangering the influence of the States. The biggest benefit of globalization, for the time being, goes to China and India as they have advantage using cheep labor market and higher technological achievements. All of this sets other priorities to the USA and the EU and place the Balkan region in a less important position. Considering that the region is facing big challenges in the forthcoming period, the Balkan politicians should be aware of the new situation in order not to leave the region on the doorstep of the European Union.

# СОДРЖИНА / CONTENTS

**Вовед**
Ѓорге Иванов
**Introduction**
Gjorge Ivanov

Предизвиците на новата меѓународна политика/
**Challenges of the new international politic**

**Безгранична еуфорија за Кина?**
Завршен збор за една земја на суперлативи од
еден поумерен агол ______ **11**
Штефан Фридрих
**Unlimited Euphoria for China?**
Closing Words for a Country of Superlative from a Moderate Angle
Stefan Friedrich

**Меѓународната политика на Европската унија** ______ **21**
Дане Талески
**Internacional Policy of the European Union**
Dane Taleski

**Военото јавно информирање на НАТО,**
**неговата улога во современите безбедносни кругови**
**и односите со медиумите** ______ **31**
Ханс Петер Бух
**NATO's Military Public Information, Its Role in the Modern**
**Security Environment and Its Relationship with the Media**
Hans Peter Buch

Меѓу мултилатерализмот и унилатерализмот:
**Турската политика кон ирачката криза како тест** ______ **37**
Ерман Топчу
In-between Multilateralism and Unilateralism:
**Turkey's Policy towards Iraqi Crisis as a Test-Case**
Erman Topcu

**По изборот на Бенедикт Шеснаесетти за папа, католицизмот**
**свртен кон изворните вредности на христијанството** ______ **49**
Анета Стојановска
**After the Election of Pope Benedict XVI, the**
**Catholicism Turned to the Authentic Values of Christianity**
Aneta Stojanovska

## Актуелно/**Current**

Дебата за ратификување на Европскиот устав
**На пат кон добар устав?** ____ 55
Андреас Шваб
Debate for Ratification of the European Constitution
**Towards Good Constitution?**
Andreas Schwab

**Црногорската православна црква и референдумот за независност на Црна Гора** ____ 61
Александар Спасеновски
**The Montenegrin Orthodox Church and the Referendum for Independence of Montenegro**
Aleksandar Spasenovski

## Меѓународни организации/**International Organizations**

ООН 2005:
**Променето време или време на промени** ____ 65
Кирил Нејков
United Nations 2005:
**Changed Times or Time for Changes**
Kiril Nejkov

## Предизвици и перспективи/**Challenges and Perspectives**

**Името како стар повод** ____ 77
Ѓунер Исмаил
**The Name as an Old Motive**
Gjuner Ismail

**Независност - опција за (не)решавање на конечниот статус на Косово** ____ 81
Сашо Додевски
**Independance - an Option for (Un-)Solving the Final Status of Kosovo**
Saso Dodevski

## Теорија/Theory

**Името Македонија** 91

Ѓорге Иванов

**The Name Macedonia**

Gjorge Ivanov

## Портрети/Portraits

**Џон Мајнард Кејнс - сè уште економски (р)еволуционер** 97

Улрих Клепман

**John Maynard Keynes – Still an Economical (R)Evolutionary**

Ulrich Kleppmann

## Рецензии/Recensions

**На што мислиме ние, кога велиме „ние“?** 101

Леона Страха

**What Do We Think, When We Say „We“?**

Leona Straha

## Документи/Documents

**Извадок од извештајот на Кофи Анан за реформи во ООН:**
**Поголема слобода (21 март 2005)** 107

**Excerpt of Kofi Annan’s Report on UN Reform:**
**In Larger Freedom (March 21, 2005)**

## За авторите/ About the authors 109

Година 3
Бр.10
јуни
Скопје 2005
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Year 3
N∫ 10
June
Skopje 2005
ISSN 1409-9853

Списание за политичко-општествени теми

Magazine for political-societal subjects

Издавачи :
д-р Ѓорѓе Иванов
Улрих Клепман
Уредници :
Дане Талески
м-р Сандра Кољачкова
м-р Ненад Марковиќ
м-р Иван Дамјановски
м-р Владимир Божиновски
Гоце Дртковски

Publishers:
Dr. Gjorge Ivanov
Ulrich Kleppmann
Editors:
Dane Taleski
Sandra Koljackova M.A.
Nenad Markovic M.A.
Ivan Damjanovski M.A.
Vladimir Bozinovski M.A.
Goce Drtkovski

Адреса :
Фондација „Конрад Аденауер“
Максим Горки 16 кат 3
МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3231 122
Факс: 02 3135 290
Email: kasŽunet.com.mk
Internet: www.kas.de

Address:
Konrad-Adenauer-Stiftung
ul. Maksim Gorki 16 / 3
MK-1000 Skopje
phone: 02 323 11 22
fax: 02 313 52 90
email: kasŽunet.com.mk
internet: www.kas.de

Институт за демократија,
солидарност и цивилно општество
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 59 / 1 / 6 -13
МК - 1000 Скопје
Тел. / Факс :02 3217 080
Email: idscsŽmail.com.mk
Интернет: www.idsco.org.mk

Institute for Democracy, Solidarity
and Civil Society
ul. Metropolit Teodosij Gologanov 59/1/6-13
MK-1000 Skopje
phone/fax: 02 321 70 80
email: idscsŽmail.com.mk
internet: www.idsco.org.mk

Печат:
Винсент графика
Дизајн:
Натали Николовска
Организација:
Даниела Трајковиќ
Техничка подготовка:
Пепи Дамјановски
Превод:
Перица Сарџоски,
Оливер Јордановски, Тина Фарни
Лектура:
Снежана Орловиќ Стојановиќ

Printing:
Vinsent grafika
Design:
Natali Nikolovska
Organization:
Daniela Trajkovik
Technical preparation:
Pepi Damjanovski
Translation:
Perica Sargzoski,
Oliver Jordanovski, Tiina Fahrni
Proof reading:
Snezana Orlovik Stojanovik

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот.

The viewpoints expressed in the magazine are not the viewpoints of the Foundation „Konrad Adenauer“ and the Institute for Democracy, Solidarity and Civil Society. They are personal views of the authors. The publishers are not liable for the translation errors.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија.

The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.

Konrad
-Adenauer-
Stiftung

IDSCS
Institute for democracy, solidarity and civil society

# Безгранична еуфорија за Кина?
## Завршен збор за една земја на суперлативи од еден поумерен агол

Штефан Фридрих

Повисоко, побрзо, подалеку - се чини така гласи мотото на денешна Кина. Царството на средината сака повторно да го заземе своето место во центарот на светот, и тоа не во далечна иднина, туку најдобро уште утре ако може. На оваа безусловна волја наидува директно и непосредно набљудувачот на лице место во метрополите како Шангај, Пекинг или Кантон. Но, и тие што не биле во „новата Кина“, ќе бидат зафатени од оваа еуфорија. Првата трка на формула-1 на кинеско тло, првиот Кинез во вселената, првиот комерцијално управуван трансрапид, кинеските фирми  што притискаат на светскиот пазар, следните Олимписки игри во Пекинг, ЕКСПО 2010 во Шангај - сѐ ова се примери за стремежот на Кина да заземе водечка позиција во светот. Кина веќе ја има оваа положба кај медиумите. Се чини дека Германија е зафатена од вистинска треска за Кина. Весниците Spiegel, Wirtschaftswoche, дури и високо гламурозното списание MAX, им посветија цели специјални изданија, или во најмала рака насловни приказни на земјата на економското чудо Кина и на градот Шангај. Се чини дека Кина, скоро дваесет и пет години од почетокот на политиката на реформи и на отворање, конечно го предизвика вниманието на Германците што одамна го заслужува.

Во секој случај, мора да се забележи дека дел од оптимизмот за Кина е во добра мерка исполнет со наивност. Од чиста еуфорија, често пати, се заборавaат опасностите и проблемите со коишто се бори оваа огромна земја. Ова важи за германските мултинационални концерни или средни претпријатија, како и за некои индивидуи. Така на пример, некој студент кој ги напуштил студиите и којшто досега немал никаков контакт ниту со Кина ниту со кинескиот јазик, убеден е во меѓувреме, дека во Кина е полесно да се создаде професионалниот почеток, за кој во Германија се смета дека не може да се создаде.

Тоа може да успее, ама и не мора, но во никој случај не е полесно отколку во Германија. Затоа при сета еуфорија никако не смее да се заборави дека развојниот пат на Кина е поврзан со ризици. Не само стапката на пораст и брзината на промената во Кина, туку и ризиците добиваат такви димензии, што одвај може да се замислат и не смее да се занемарат доколку се разгледува оваа земја. Затоа што ќе има повратни реакции во развојниот процес. Тие би можеле, доколку не се уочат навреме, одново да доведат до тоа, Германија и Западот разочарано да

се оттргнат од Кина, исто како во 1989 година, по крвавите настани на Плоштадот на небесниот мир. Тоа никому не би му користело, ниту на Германците, а најмалку на Кинезите.

Следниов напис треба да предизвика сензибилитет за ова прашање. Тој треба да оттргне од стереотипите, исмевање на Кина наспроти еуфорија за Кина. Се бара умерено разгледување на шансите и на ризиците, на позитивните и на негативните развојни опции на оваа земја. Се разбира дека тоа не може да се скицира во краток напис со груби црти. Сепак, треба да постои обид со примери од три централни аспекти, имено од аспект на економската, на внатрешната и на надворешната политика.

*Висок пораст - големи проблеми*

Новиот економски развој во Кина е навистина забележителен. Од 1979 година, Народната република остава впечаток со стапките на пораст од просечно 8,5 проценти. Се разбира дека е значајно да се укаже дека Кина овие стапки на развој ги постигна од релативно ниско ниво, но во меѓувреме Народната република стигна и со апсолутните бројки до врвот на трговските нации во светот. На тој начин, во 2003 година таа го достигна местото на шеста најголема национална економија. Како трговска нација, Кина стои на четврто место ширум светот. Во 2002 и во 2003 година на Народната република ѝ успеа со повеќе од педесет милијарди американски долари да ги потисне САД од првото место на земји со најголеми странски директни инвестиции (SDI) ширум светот. Овој факт, на впечатлив начин, ја нагласува атрактивноста на Кина како место на производство за странски претпријатија. Дури и појавата на болеста на белодробното заболување САРС во почетокот на 2003 година, која го стиши јавниот живот во многу метрополи, не му наштети на динамичниот развој на кинеското стопанство. Можеби највпечатлив е успехот на кинескиот економски развој со тоа што бруто домашниот производ во 2003 година, за првпат, ја надмина границата од илјада американски долари по глава на жител. За најгусто населена земја во светот, со повеќе од 1,3 милијарди луѓе, ова е огромна работа, којашто не може доволно високо да се категоризира (спореди со написот на Маргот Шилер).

Овие големи успеси носат, во секој случај, проблеми со себе. Тука разликуваме акутни, долгорочни и структурни проблеми.

Во акутните проблеми спаѓа и опасноста од прегревање на кинеското стопанство. Во 2003 година достигнатиот висок пораст од 9,1 процент ги надмина планирањата на централата во Пекинг за повеќе од 2 процента. За да се дејствува против опасноста од прегревање, посебно во секторот на недвижности и во автомобилската индустрија, кинеското раководство презеде драстични противмерки во април 2004 година. Меѓу другото, се заостријa условите за доделување на кредити и цела една низа на големи градежни проекти, вклучувајќи ги и престижните градби за

Олимписките игри во 2008 година, привремено се стопираа. Принудните исклучувања на производствените погони во име на стопирање на енергијата летото 2004 год., од коишто беа погодени и странските фирми, не ѝ служеа само на целта за штедење на струја, туку и на стремежот на Пекинг да се дејствува против прегревање на економијата (спореди со написот на Керстин Лосе). Објаснетата цел на „нежно слетување" се чини дека кон крајот на 2004 год., и покрај очекуваниот пораст од преку девет проценти, се помести во опиплива близина за кинеското стопанство. Ова сигурно треба да се вреднува како успех на „макро-политичкото насочување", кое одвај може да се замисли во западните земји. Во секој случај, овие мерки имаат и свои контраефекти. Западните производители на автомобили, кои минатата година масивно ги зголемија своите капацитети, сега седат со своите резерви и се изложени на енормна битка на цени. На кинеска страна, пак, од построгите критериуми за давање на кредити посебно се погодени малите и средните претпријатија, иако и стабилните претпријатија одвај може да добијат кредити од државните банки, и покрај тоа што само во приватниот сектор се создаваат нови работни места. Со ваква заднина во моментов воопшто не може да се даде проценка колку е висока цената со која е искупен привидниот успех на политиката на кочење.

Во долгорочните проблеми на кинеската економија припаѓа и зголемената поларизација на кинеското општество. Разликите меѓу богатиот источен брег и сиромашните внатрешни провинции, меѓу градските жители и населението на село, станаа огромни. Кина, во меѓувреме, стана земја, во која има листа на топ-богати луѓе, кои на големо ги надминуваат претставите за богатство во Германија. Покрај нив има незамислив степен на сиромаштија, дури и во мега-градовите како Шангај и Пекинг. Коефициентот-гини, значи општото вообичаено одредување на разликата на приход меѓу најбогатите и најсиромашните дваесет проценти на населението, во Кина во 1978 год. изнесуваше 0,21. Во моментов тој изнесува 0,46; што соодветствува на една од најголемите вредности за нееднаква поделба на приход ширум светот. Поделбата на развојот во Источна и во Западна Кина не можеше јасно да се сопре ниту со големата инвестициона програма за отворање на владата во 1999 година „Изградба на Западот".

На кинеската економија најголеми структурни потешкотии ѝ подготвува комбинацијата на најмалку три суштински проблеми, што се меѓусебно испреплетени и што меѓусебно се засилуваат: преструктурирањето на државните претпријатија, реформата на финансискиот сектор, како и големата невработеност. Преструктурирањето на државните претпријатија уште од почетокот на реформската политика е дел од целите на работата на владата. Приватизацијата се одвива потешко. Од друга страна, многу претпријатија, поради својата палета на производи, како и поради

превработеноста, не се конкурентни. Понатаму, многу привилегии на соработниците од времето на социјализмот, како поволните трошоци за живеење, здравственото и пензиското осигурување и други водат до тоа трошоците за ваквото преземање да бидат тешко исплатливи за приватните инвеститори. Обидите на кинеското раководство да ги трансформира претпријатијата во акционерски друштва се само делумно успешни. Иако голем број поранешни државни претпријатија со години се на кинеските берзи, државата често држи повеќе од седумдесет проценти. Доколку таа се обиде да продаде пакет акции на пазарот, тогаш соодветните гласини ќе го потресат курсот на акциите на претпријатијата.

Тесно поврзан со ова е, се разбира, целиот финансиски сектор, посебно банкарскиот систем. Четирите големи државни банки, кои доминираат со кинескиот банкарски сектор, важат за де факто банкрот. Во изминатите години се направија огромни напори преку формирање на таканаречените претприемачки друштва да се дојде поблиску до санација на државните банки. Во почетокот на 2004 год. кинескиот државен совет објави дека ќе подготви две од овие банки за излегување на берза со помош на силни финансиски инекции. Конечно, не е на повидок ефективна санација на оваа област, бидејќи државните банки, од една страна, даваат значителни средства за одржување на непрофитабилните државни претпријатија, а од друга страна, по две години, по истекувањето на роковите од СТО за нивна трансформација, мора да се изложат на меѓународната конкуренција. Важна причина за тоа што банкарскиот систем до сега се покажа како стабилен треба да се бара во фактот што Кина ја покажа најголемата квота на штедење во светот, дека за обичните граѓани одвај да постојат алтернативи за да ги вложат своите пари и дека довербата во способноста на владата да го управува овој процес сè уште не е нарушена.

Воздржаноста на кинеското раководство за реформа на државните претпријати има, се разбира, многу добри причини. Една од суштинските е грижата дека би дошло до дополнителни масовни отпуштања, кои би ги заостриле општествените напнатости. На крајот на 2003 година, Народната република имаше, според официјалните податоци, стапка на невработеност од 4,3 проценти. Оваа бројка зборува малку, минимум поради две причини. Прво, со овој податок се опфатени исклучиво невработените во градовите, а второ независни проценки, на пример на Азиската банка за развој, поаѓаат од тоа дека вредноста изнесува 8,5 проценти во градовите и околу триесет проценти на село. Бројката на таканаречените патувачки работници се проценува од 120 до 150 милиони.

Овие бројки треба да ја разјаснат димензијата на предизвикот пред кој се наоѓа кинеското раководство. И покрај сите позитивни економски развои при разгледувањето на земјата не смее да се превидат горенаведените проблематични области.

## *Внатреполитички развои - успешна смена на генерации*

Имајќи ги зад нас гореопишаните економски предизвици станува разбирливо зашто „стабилноста“ има екстремно висока вредност за кинеското раководство. Во овој контекст, позитивно е да се нагласи колку лесно се случи со години подготвуваната промена на врвот на партијата во државата. Во ноември 2002 година се поставија сите правци на партиско ниво и во март 2003 година таканаречената четврта лидерска генерација ги зазеде соодветните позиции на државно ниво. Во ноември минатата година поранешниот државен и партиски шеф Јианг Цемин ја напушти својата последна служба: претседателството на воената комисија. Со тоа, за првпат во помладата кинеска историја се спроведе сеопфатна и регулирана генерациска смена.

Новото раководство можеше да постави нови акценти во некои централни области по почетокот на својата служба (спореди со написот на Џони Ирлинг). Сега не се ориентира сѐ според економскиот пораст. Оваа промена се спроведе за време на дискусијата за можно прегревање на кинеската економија. Одлучувачката последица произлезе од избивањето на белодробното заболување САРС, чијашто разорна големина стана позната кратко по стапувањето на должност на новата влада. Оттогаш факторите што не се вбројуваат непосредно во бројките за пораст на БДП, како на пример развојната состојба во здравството, доаѓаат повеќе во центарот на вниманието при изградбата на едно модерно општество. На сличен начин, новото раководство си зема задача да стори повеќе за „малите луѓе“. Во овој контекст се поаѓа, од паролата за „општество на малата благосостојба“ (xiaokang shehui). Покрај тоа, новото раководство започна североисточна иницијатива за да ги зголеми шансите за развој на овој регион, кој порано беше ковачот на челикот во Кина, а денес страда од процесот на преструктурирање.

Со сите овие иницијативи политичкото раководство реагира на незадоволството на населението. Избивањето на САРС-от не само што ги покажа јавно слабостите на здравствениот систем, туку и тие на политичкиот систем, кој прво реагираше со затајување, со што само го поддржа проширувањето на заразата. Раководството сака и со свртувањето кон „малите луѓе“ и со североисточната иницијатива да дејствува против впечатокот дека тие што го изгубија процесот на реформација се заборавени и дека ќе се грижат само за новата група на капиталисти. Тие пак, од 16. Собрание на партијата во ноември 2003 год. може и официјално да станат членови на КП на Кина, една слично неортодоксна и револуционерна одлука на КП како и одредувањето на приватната сопственост во уставот во март 2004 година. Овие мерки се правилни и се за поздравување. Се поставува прашањето дали поединечните корекции на курсот ќе бидат доволни за долгорочно да се одржи стабилноста на општеството.

Во последните месеци повеќепати дојде до спонтани протестни акции од бесни граѓани, разгорени најчесто од ситни настани, како арогантност на локалните партиски кадри во контактот со „обичните луѓе“, корупција, лош менаџмент или слично. Во западнокинескиот град Хонг-кинг во ноември 2004 година беше нападната една зграда на владата. Овие настани не се само израз на зголемената поделба меѓу сиромашните и богатите, туку на едно „дифузно незадоволство“ во населението, како што го нарекуваат кинеските партнери. Во крајна линија, тие се знак дека напнатоста во општеството и понатаму расте, а истовремено инструментот за нивно надминување не е доволно развиен. И меѓу новото раководство досега не е покажана волја за политички реформи. Напротив: во некои области се забележува покруто држење отколку порано. Медиумите се изложени на построго набљудување. Во изминатите месеци повеќе интелектуалци беа заробени и дел од нив осудени на долгогодишни затворски казни; храбри уредници и новинари, како и универзитетски професори, беа отпуштени. Пример за оваа политика е односот со лекарот Јианг Јанuонг, кој јавно ја објави целата големина на прикривањето на почетокот на епидемијата на САРС-от. Тој беше уапсен на 15. ден од почетокот на настаните на 4 јуни 1989 год., откако со јавно писмо, обраќајќи му се на раководството, се изјасни за ново оценување на тогашното студентско движење. Друг пример е пропагандниот напад против таканаречените „јавни интелектуалци“: во ноември 2004 година ширум земјата се критикуваше едно нискотиражно списание дека направило листа на педесетте најзначајни „јавни интелектуалци“ во Кина. Во шангајскиот дневен весник Jiefang Ribao (Liberation Daily), близок до КП (подоцна буквално испечатена во најраспространетите дневни весници ширум земјата Renmin Ribao и Guangming Ribao), се критикуваше оваа листа на еден јазик, кој некои гласачи ги потсети на стилот на кампањите од педесеттите години. Остратa критика беше објаснета со тоа што ниту една група не смее да се постави меѓу партијата и народот. Без разлика дали тоа беше цел на оние кои сакаа да го пренесат концептот на „јавни интелектуалци“ во Кина, критиката укажа точно на единствениот проблем на денешна Кина: интересите на различните групи значително се издиференцираа во однос на економските реформи; светот стана покомплексен, и во Кина исто така. Но, досега недостигаат инструменти на посредување меѓу поединечните актери. Токму тие му се неопходни на кинескиот систем за да може долгорочно да ја осигура толку важната стабилност за понатамошниот развој (спореди со написот на Јанг Пенг).

## *Поголема надворешно-политичка одговорност*

Надворешната политика на Кина значително се промени во изминатите години. Ако Народната република претходно секогаш придаваше значење на тоа да може да

негува максимум флексибилност во нејзините надворешни односи и да не создава долгорочни обврзувачки обврски, денес Пекинг е подготвен меѓународно да се ангажира и да преземе одговорности. Тоа се покажува во разговорите со Северна Кореја, при коишто Народната република ја презема улогата на организатор и на медијатор. И најновите развои во правец на етаблирање на слободна трговска зона во Азија се надоврзуваат на еден предлог што го даде тогашниот премиер на Кина Цу Ронгји во ноември 2002 год. на заседанието на АЈИАН. Во рамки на Шангајската организација за соработка (ШОС), произлезена од „Шангај 5“, органот, кој првобитно имаше задача при распадот на Советската унија да го регулира текот на сè уште неопределената граница помеѓу Кина и соседните ЗНД држави, Народната република презема активна улога што претходно не се очекуваше од неа, при што доаѓа до израз дека Секретаријатот на ШОС го има своето седиште во Пекинг. Во рамки на ООН, Народната република испраќа и полициски трупи и набљудувачи во меѓународните кризни области. Сиот овој развој е поздравен од меѓународната заедница, бидејќи една земја со големина и значење како Народната република, со постојано седиште во Советот за безбедност на ООН, може и треба да биде значаен стабилизатор на регионот, но стабилизатор и за други прашања ширум светот.

Истовремено, една земја како Кина поседува способност да делува дестабилизирачки на регионот и надвор од него. Сигурно тоа не би било во интерес на кинеското раководство, бидејќи мирољубивото меѓународно опкружување важи за значаен предуслов за понатамошниот економски развој. И покрај тоа, има области што се толку важни за Кина што Пекинг би земал предвид и кризен развој. Примерот на штедење на енергија и на сурови материјали веќе беше спомнат. Фактот што Пекинг во 2004 год. во Советот за безбедност на ООН се изјасни против санкции за Судан, недвојбено произлезе од тоа што Кина има стратешки интереси во оваа земја - произведувач на нафта. Ако ваквите примери може да се оценат како вообичаено однесување на една голема сила со глобални интереси, тогаш случајот со Тајван е специфичен кинески проблем: Кина го набљудува решавањето на тајванското прашање како внатрешно политички проблем, но последиците - доколку прашањето не се реши по мирен пат - сигурно ќе имаат реперкусии и надвор од границите на Кина. Иако Пекинг во најновата бела книга за одбранбена политика (декември 2004) одново се изјасни за мирољубиво решение на тајванското прашање, во неа се содржеше заканата воено да се уништи секоја „завера за независност“ на Тајван. Освен ова, кинескиот парламент предложи „Закон за антиотцепување“ против Тајван, кој треба да биде усвоен во март 2005 година. Иако досега не се познати поединости, се чини дека Пекинг сака воената опција, која досега беше само закана, да ја одреди и закон-

ски. Ова одново ја нагласува загриженоста на Кина во однос на најновиот развој на ситуацијата во Тајван и во однос на политиката на претседателот Хен Шуибиан што води во правец на независност. Во овој контекст, Западот не треба да си создава никакви илузии дека Народната република би се повлекла од воен напад врз Тајван поради престиж (Олимписки игри 2008, Експо 2010 итн.), или од економски размислувања (значењето на СДИ и на извозите). Од една страна, легитимацијата на кинеското раководство е неизвесна (дури и кога раководството би се изјаснило против, населението се чини би побарало таква воена акција, затоа што тоа со векови израснало со мислата дека Тајван е составен дел на Кина), од друга страна пак, секој кинески политичар ќе се конфронтира со проблемот дека успешното отцепување на Тајван би можело да предизвика други стремежи за отцепување (на пример Тибет или Хинјианг). Тоа нема да го дозволи ниту едно кинеско раководство, независно од тоа колку е висока цената.

Преструктурирањето на кинескиот економски систем од планско во пазарно стопанство е во полн ек. Притоа се постигнати големи успеси, што посебно се манифестираат во метрополите во земјата. Еден од најголемите е што на кинеското раководство му успеа видливо да го покачи животниот стандард на голем дел од населението. Да се надеваме и да посакаме економскиот развој да продолжи на сличен начин. Тоа би било за доброто на Кина, но и на светот (токму денес може да се види колку многу надежите на светската економија почиваат на континуираниот пораст во Кина). Но, при сета еуфорија треба да се имаат предвид ризиците од овој развој. Минатата година ни ги покажа огромните потешкотии на кинеската влада. Додека Народната република се бореше против прегревање на економијата, таа беше истовремено предупредена да постигне помалку од седум проценти пораст. Таа бројка важи за магична вредност за да може да се создадат доволно работни места и на овој начин да се спречи избувнувањето на сеопфатни социјални напнатости. За постојана економска криза не би била подготвена посебно младата генерација во Кина, која досега го запозна само напредокот и која и покрај ова искуство делумно се задолжи. Социјалните протести што се зголемија од 1999 година, најверојатно би преминале од сиромашните, заостанати области кон центарот на економскиот развој. Не треба да се потценат ниту ризиците што може да произлезат од енергетската криза во земјата, а посебно од нерешеното прашање со Тајван. Најголемата опасност се наоѓа во продолженото развлекување на оптегот од најуспешните економски реформи од една страна и најголемото воздржување при спроведувањето на политичкото модернизирање од друга страна.

Веќе има еуфорија за постигнатото и вложеното во Кина, како и надеж во способноста за придонес на кинеското раководство. Но, тоа

не смее да биде слепа или наивна доверба. Кина е преголема за да биде еднодимензионално перцепирана. Неопходно е земјата да се набљудува во својата многуслојност, за да може да се искористат понудените шанси, а истовремено да се биде подготвен за можни повратни удари.

**Abstract**

„Bigger, faster, more“ seems to be Chinažs current slogan. The purpose of this article is to dispel stereotypes and to shed a light on Chinažs economic, internal and foreign policy. The success of the Chinese economic development is coupled with short term, long term and structural problems. Acute problems include above all the overheating of the Chinese economy. One of the most crucial long term problems is the increasing polarisation among the Chinese society. The discrepancy between the rich east coast and the poor central provinces, between urban and rural population has grown enormously. At least three core problems form the structurally largest difficulties of Chinese economy: the restructuring of the state enterprises, the reform of the financial sector and the high unemployment rate. New goals in central issues have been set by the new government. The outbreak of SARS was crucial for the consideration of aspects such as health care for the development of a modern society. The concerns of different groups of society have come to diverge very much in the course of the economic reforms, but there is a lack of means of mediation between them. Peking is now far more inclined to international commitment and responsibility than in the past decades. At the same time, China is in the position to destabilize the region and beyond. It is necessary to consider China in all its aspects in order to benefit of all its possibilities and be aware of possible drawbacks.

# Меѓународната политика на Европската унија

Дане Талески

Дебатите и прашањата на кои се фокусираме најчесто се формирани под директно влијание на нашите интереси. Така во Република Македонија, кога се зборува за Европската унија сите прашања и дебати се низ визирот на нашите интереси. Европската унија ја гледаме како развиен и функционален политички и економски систем на кој што сакаме да припаѓаме заради наша подобра иднина[1]. Општата јавност во Македонија, како и политичката јавност, а до некаде и научната, многу малку говорат и се интересираат за посебностите и спецификите на ЕУ.

Во овој есеј ќе се потрудам да ја претставам улогата што Европската унија се труди да ја игра во глобалниот свет денес. Ќе го претставам развојот на капацитетите на Унијата за водење на меѓународна политика. Понатаму ќе ја објаснам структурата и институциите на таквите политики. Дебатата за улогата на ЕУ во меѓународниот систем би била безпредметна без примери за применливоста на таквата политика. Ќе ги објаснам клучните стратегии и пристапи на ЕУ кон своите соседи, кон Русија и САД. Во заклучокот ќе се обидам да ги доловам контурите на моделот на дејствување на ЕУ во меѓународната политика и ќе ги посочам најважните теоретски објаснувања на дејствувањето на ЕУ во меѓународната политика.

Во својата суштина есејот, за жал, ќе биде повеќе описен отколку аналитичен. Намерно го користам овој пристап бидејќи сметам дека за да ја почнеме дебатата за меѓународната политика на Европската унија, мора прво да се информираме и запознаеме со моделот на дејствување, структурата и процесите на одлучување, како и со релевантните документи според кои Европската унија ја креира својата меѓународна политика.

### *Развојот на политичката соработка на меѓународен план во ЕУ*

Кога се зборува за меѓународната политика на ЕУ мора да се прави разлика помеѓу економската и политичката димензија на таа политика. Двете димензии заедно ја формираат меѓународната политика на ЕУ, но бидејќи просторот е ограничен есејот ќе се фокусира само на политичката димензија. Меѓународната политика на ЕУ во овој есеј ќе се третира во таа смисла.

Економската димензија е многу поразвиена и политиките во оваа смисла се покохерентни. ЕУ има влијание на меѓународната економија со самото формирање на Европ-

[1] ИДСЦО, мај 2004, Јавното мислење во Република Македонија и Евроинтеграциските процеси, Телефонска анкета

ската економска заедница и воведувањето на заедничката надворешна тарифа и заедничката политика на тргување[2]. Денес активностите во оваа сфера се главно во доменот на Комисијата на Европската унија, која преку точно определена процедура[3] добива овластување од земјите-членки на Унијата да ја креира меѓународната трговска политика на ЕУ со други земји и меѓународни организации[4].

Разликата со политичката димензија е повеќе значајна. Прво, во економската сфера земјите-членки на Унијата веќе во голема мера се имаат откажано од својот суверенитет. Во политичката димензија националните интереси сè уште играат клучна улога. Понатаму додека во економскиот дел на меѓународната политика главна улога има Комисијата на Европската унија со одобрение на Советот на министри, во политичиот дел главниот актер е Европскиот совет. Додека Европскиот парламент треба да биде консултиран за економските политики, за политичките решенија треба да биде само известен. Од формално правен карактер Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) е во посебен дел, одвоен од економските политики на ЕУ на меѓународен план[5].

Вообичаено е клишето дека ЕУ е творба на економска интеграција врз која се гради политичка соработка. Но ако се погледнат мотивите и констелацијата на односи во 1950. ќе се види дека политичката соработка секогаш била важна и нејзиното остварување секогаш е дел од дебатата околу ЕУ. Имено после договорот од Париз за Европска заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ), вториот нацрт-предлог за нова соработка се однесува на Европска одбранбена заедница. Договорот е потпишан во 1952 од тогашните земји-членки на ЕЗЈЧ, но не го поминува процесот на ратификација во Франција „која е нервозна заради можното вооружување на Германија и откажувањето од контролата над своите вооружени сили“[6].

Политичкото раководство на Франција само 10 години подоцна иницира нов план за соработка познат како „Планот на Фуше“. Идејата е на претседателот Де Гол, а планот на неговиот министер за надворешни работи, Фуше. Темелот на идната соработка се гледа, пред сè, во заедничка надворешна и безбедносна политика. Во тој момент само Германија ја поддржува оваа иницијатива која набрзо замира во почетокот на 1962[7].

Следен чекор кон поголема координација на меѓународната политика на земјите членки е создавањето на Европската политичка соработка (ЕПС) во 1970. Иако соработката не е формално-правно потврдена, набрзо станува пракса да се одржуваат состаноци на министрите за надворешни работи на кои се дискутираат и усогласуваат ставовите во однос на одредени прашања. Овие состаноци

[2] Договор за формирање на ЕЕЗ од Рим 1957 година
[3] член 133 од Договорот за формирање на ЕЕЗ
[4] Dinan, D. (2000), *Encyclopedia of the European Union*, pp. 76 - 80
[5] Договор за формирање на Европската унија од Мастрихт 1992
[6] Мек Кормик, Џ. (2004), *Разбирање на Европската унија*, стр. 68
[7] Dinan, D. (2000), *Encyclopedia of the European Union*, pp. 237

често се одржувале пред самиот Совет на министри, а како производ од нив се јавува и иницијативата да се создаде Европскиот совет[8]. На почетокот на 80. министрите за надворешни работи на Германија и Италија, Ханс Дитрих Геншер и Емилио Коломбо, приложуваат иницијатива до Европскиот парламент за донесување на Европски акт со кој би се зајакнала политичката соработка во меѓународните односи[9].

Иако шефовите на држави и влади на Европските заедници уште идната година  после оваа декларација донесуваат одлука за зајакнување на соработката, дури со Единствениот европски акт (ЕЕА) од 1986 ЕПС добива формално-правно признавање. Со ЕЕА, во делот III, се институционализира праксата на политичка соработка и порамнување на ставовите на земјите-членки во сферата на меѓународната политика[10].

Сепак до Договорот за Европска унија од Мастрихт 1992 меѓународната политика на Унијата се гради врз база на волунтаристичка соработка и порамнувања на ставовите на земјите-членки.  Оваа лабава и некохерентна соработка е структуирана и унапредена со вториот столб на Договорот за ЕУ, за ЗНБП. Главни елементи на ЗНБП се[11]: 1) идентификација на заеднички цели; 2) систематска соработка меѓу земјите-членки; 3) едногласно донесување на одлуки; 4) посебни инструменти за спроведување на ЗНБП; 5) вклучување на прашања од одбранбен карактер и 6) Западно-европската унија[12] станува интегрален дел од ЕУ.

Договорот од Амстердам од 1997 донесува значајни промени во ЗНБП. И тоа во институционална и во функционална смисла. За прв пат се воведува систем за донесување на одлуки со квалификувано мнозинство во сферата на ЗНБП, и се создава Висок претставник за ЗНБП[13].

Покрај политичката во ЕУ се развива и воената соработка. Во самиот договор за ЕУ се спомнува развивањето на Европски безбедносен и одбранбен идентитет. Само година дена после договорот од Амстердам во Св. Мало на Британско-француски самит, Блер и Ширак, носат декларација за заеднички одбранбени капацитети независни од НАТО алијансата[14]. На самитот во Хелсинки, во 1999, овие напори се потврдени и поставени се главните цели и рокови за формирање на Европска безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП).  Самитот во Ница само ги потврдува овие заложби, а веќе во 2002 во Лаекенската декларација институциите на ЕБОП се прогласуваат за оперативни[15].

---

[8] Ibid, pp. 217 - 219

[9] „Statement by Hans-Dietrich Genscher“, dans  Official Journal of the European Communities (OJEC). 14.10.1982, n∝ 1-289, pp.241-247

[10] Nugent, N. (1999), *The Government and Politics of the European Union,* pp. 447

[11] Ibid, pp. 449

[12] Соработка помеѓу земјите-членки востановена во 1948. После пропаѓањето на Европската одбранбена заедница, воената соработка се одвива во рамките на ЗЕУ, но надвор од ЕУ или НАТО. Капацитетите од ЗЕУ денес се користат за развивање и унапредување на ЗНБП и ЕБОП

[13] Cowles, M. G. and Dinan, D. (eds) (2004), *Developments in the European Union,* pp. 223

[14] Британско-француски самит, Св. Мало, 3-4 декември 1998, http://www.iss-eu.org/chaillot/chai47e.html#3 (21.05.2005)

[15] Cowles, M. G. and Dinan, D. (eds) (2004), *Developments in the European Union,* pp. 224

*Инструменти, институции и капацитети*

Во следниот дел ќе бидат посочени релевантните институции и процесите на одлучување во сферата на ЗНБП и ЕБОП, како и инструментите и капацитетите за исполнување на тие одлуки. Овие елементи се клучни за да се сфати меѓународната политика на ЕУ, со сите нејзини успеси и падови. Ќе биде земена предвид постоечката правна рамка, додека предлог-измените со Уставот на ЕУ ќе бидат предмет на дискусија во заклучокот.

Правната рамка се наоѓа во делот V, популарно познат како „Втор столб на ЕУ", од Договорот за ЕУ. Во дискусија ќе бидат земени предвид сите досегашни измени на овој дел и неговата последна форма. Во 17 члена (од 11 до 28) е дадена рамката на меѓународната политика на ЕУ. Целите на таа политика се воопштени и широки. Единствено таков пристап може да обезбеди минимум конзензус и активности во оваа сфера која традиционално го отсликува суверенитетот и интегритетот на државите. Почнувајќи од заштита на заеднички вредности, зајакнување на безбедноста на ЕУ и зачувување на мирот до промовирање меѓународна соработка и развивање на демократијата, владеење на правото и почитување на човековите слободи и права[16].

Инструментите преку кои се спроведува политиката и треба да се постигнат нејзините цели се[17]: генерални упатства, заеднички стратегии, заеднички акции, заеднички позиции и систематска соработка помеѓу земјите-членки[18]. Главен збор во одлучување и најважна институција во овој дел е Европскиот совет[19]. Оваа институција е највисокото политичко тело на ЕУ и има овластување да ги носи генералните упатства и заедничките стратегии на ЕУ во сферата на меѓународната политика[20]. Додека упатствата обично се општи заклучоци, стратегиите ги условуваат сите идни активности и позиции на самата ЕУ и нејзините земји-членки.

Имплементацијата на одлуките и усвојувањето на заедничките акции и позиции е во ингеренциите на Советот на министри на ЕУ[21]. Заедничките акции се најконкретниот инструмент на ЕУ. Единствено преку нив ЕУ може да води активна улога во меѓународните односи. Сепак тие мора да произлегуваат и да ги следат упатствата и стратегиите. Во однос на процесот на одлучување интересно е да се спомне дека додека упатствата и стратегиите се носат едногласно, акциите и позициите можат да бидат изгласани со квалификувано мнозинство[22].

Другите институции на ЕУ сè уште имаат само маргинална улога во сферата на меѓународната политика. Кога се работи за заеднички

[16] чл. 11 од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

[17] чл. 12од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

[18] Систематската соработка се однесува на навремено информирање и консултирање на земјите-членки за нивните позиции како би се избегнале конфронтации или удвојување

[19] Во Македонија познат и како Самит на шефови на држави и влади

[20] чл. 13 од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

[21] чл. 14 и 15 од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

[22] чл. 23 од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

акции, Советот може да побара од Комисијата на ЕУ да изработи предлог, а Европскиот парламент е информиран за развојот на настаните ама не учествува во процесот на одлучување. Во својата суштина меѓународната политика на ЕУ е сфера на меѓувладина политичка соработка на земјите членки. Иако е сè уште тешко да се зборува за вистинска и кохерентна меѓународна политика на ЕУ, капацитетите на истата и препознатливоста секојдневно се зголемуваат.

Главен столб, кој треба да донесе кохерентност и конзистентност на меѓународната политика на ЕУ, е Генералниот секретар на Советот на министри кој, во исто време, ја има функцијата на Висок претставник за ЗНБП[23]. Добро познатиот на нашата јавност, Хавиер Солана ја извршува во моментот оваа функција. Иако ја дели одговорноста со претседателот на Советот на министри и со Комесарот за надворешни односи[24], оперативно меѓународната политика на ЕУ гравитира околу неговата функција.

Други заеднички капацитети кои ги има ЕУ на располагање се сите дипломатски и конзуларни претставништва на земјите-членки во трети земји. Тие се ангажираат во имплементацијата на акциите и позициите[25], а воедно и нудат помош на државјани од сите земји-членки на ЕУ. Специфична компонента е и можноста за „проширена соработка“[26]. Концептот се однесува на поблиска соработка и партиципација само на одредени членки во заеднички акции и позиции. Можноста на прв поглед оддава впечаток на поделба во самата ЕУ, но од друга страна условеноста за добивање на одобрение од Советот преку релативно компликувана процедура ја намалува веројатноста за користење на оваа можност.

Заедничките капацитети се присутни и во сферата на Европската безбедносна и одбранбена политика. Иако целите се насочени кон обнова и развој во пост-конфликтни ситуации, идејата е да се создадат самостојни одбранбени сили кои би застанале под знамето на ЕУ. Во одредена мера тие и постојат денес. Силите за брза интервенција создадени во 2003 бројат 60.000 вооружени војници, а под команда на ЕУ се наоѓаат и 5.000 полициски офицери[27]. Капацитети и можностите се подредени на принципите и пристапот. Во меѓународната политика ЕУ се труди да промовира мултилатерализам и вклученост на повеќе актери. Ангажманот е фокусиран на посредување во конфликти и обнова во пост-конфликтни региони.[28]

### *Стратегии и политики*

“Безбедна Европа во подобар свет“[29] е насловот на стратегијата која во догледно време ќе ги условува и диктира сите акции и поведенија на ЕУ на меѓународен план.

[23] чл. 26 од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

[24] Овој „Тројка“ состав е задолжен за меѓународната политика на ЕУ

[25] чл. 20 од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

[26] чл. 27 од Договор за формирање на ЕУ од Мастрихт 1992

[27] Hill, C. (2004) *Rationalizing or Regrouping? EU Foreign Policy Since September 2004,* Journal of Common Market Studies,Vol 42, No 1.

[28] Мисиите на ЕУ во Македонија, Конго, Киншаса, Грузија, Босна и Херцеговина пред сè се насочени кон зајакнување на институциите на системот.

[29] Усвоена од Европскиот совет во Брисел на 12.12.2003

Подготвена од Хавиер Солана, стратегијата е уште позната и како „Документот на Солана". Во голема мера оваа стратегија на ЕУ ја следи Националната безбедносна стратегија на САД[30].

Глобалните закани и идентификацијата на главните проблеми, како и во Америка така и во ЕУ, се сведува на истиот вокабулар[31]. Иако ЕУ инсистира на блискост со САД и зачувување на транс-атлантската соработка како еден заеднички блок, сепак прави обид за поголема самостојност. Во стратегијата за прв пат се детектираат зоните на интерес на ЕУ и се исцртува моделот на дејствување на ЕУ во меѓународната политика. Примарна зона на интерес на ЕУ е нејзиното соседство[32], а се претпочита мултилатералност во меѓународната политика. Покрај мултилатералноста ЕУ инсистира и на превентивни ангажмани и на зајакнување на сопствените воени и пост-конфликтни капацитети. Овие елементи имаат големо значење во објаснувањето на моделот на дејствување и улогата која ЕУ ја има во светот денес.

Година дена после донесувањето на оваа стратегија ЕУ ја дефинира својата политика кон соседите со инструментот за Европска политика кон соседите[33]. Во своите соседи ЕУ ги вбројува земјите со кои граничи и кои во догледен период нема да станат членки на Унијата. Овие земји се означени како „круг на пријатели", а во нив спаѓаат земјите од Северна Африка, Блискиот Исток, Кавкаскиот регион, Белорусија, Молдавија и Украина.

Идејата на политиката на ЕУ е да ја зајакне соработката со своите соседи и да ја зајакне нивната стабилност и безбедност. Соработката се одвива врз билатерална основа со секоја земја одделно врз основа на „Акциони планови"[34]. Акционите планови се изготвуваат преку процес на заедничка соработка помеѓу ЕУ и посебната земја. Ваквиот пристап овозможува да се детектираат потребите и проблемите на секоја земја. Во соработката ЕУ доследно ги следи принципите за демократија, владеење на правото и почитување на човековите права и слободи, и понекогаш ја условува соработката врз основа на почитувањето на овие принципи. За таа цел се изработуват извештаи за земјите кои се дел од овој процес, и врз основа на тие извештаи ЕУ понатаму ја креира и следи имплементацијата на својата политика кон нив. Крајната цел на оваа политика е соседите на ЕУ да имаат пристап до заедничкиот пазар на ЕУ, и да имаат учество во безбедносниот и општествениот живот на Унијата. Со новиот буџет на ЕУ, кој ќе биде делотворен од 2007 година, оваа политика на ЕУ ќе добие поголема поддршка и видливост.

Втора значајна компонента на меѓународната политика на ЕУ е односот и соработката со Русија.

[30] Fr^hlich, S. (2004) *Euro-Atlantic Enlargement and its implications for ESDP,* New Stimulus or Integration Backlash? SWP paper, Berlin, July 2004, pp.29 - 35

[31] Главни закани и во двете стратегии се: меѓународниот тероризам, оружјата за масовно уништување, нефукционални држави, меѓународен криминал и регионални конфликти

[32] Европската политика кон соседите е инструмент за спроведување на политиката во оваа сфера

[33] Документот на Европската комисија усвоен во мај 2004 ја дава структурата на овој инструмент

[34] Европска политика кон соседите http://www.eu.int/comm/world/enp/index_en.htm

Иако денес односите се променети од времето на „студената“ војна, сепак соработката се одвива под капацитети и желбите на двете страни[35]. Формално соработката е започната после самитот на ЕУ на Крф во јуни 1994 кога е донесен Договорот за партнерство и соработка[36] помеѓу ЕУ и Русија. Договорот се однесува пред сѐ на економска соработка и има две цели да се воспостави политички дијалог и да се либерализира трговијата. Со промените во Русија во изминатите 10 години, но и со процесот на проширување на ЕУ врските и интересите на двете страни сѐ повеќе се зголемуваат. Покрај заедничката граница, ЕУ и Русија имаат заеднички безбедносни проблеми, а и се дел од „Квартетот“[37] кој посредува во мировниот процес на Блискиот Исток. За Русија ЕУ е еден од најголемите трговски партнери, а 15% од увозот на енергија во ЕУ доаѓа од Русија. Имајќи го предвид овој развој на настани во 1999 ЕУ ја донесува Заедничката стратегија за Русија. Самиот документ е прв обид да се створи покохерентна соработка и да ѝ се „овозможи на Русија да го заземе своето место во европското семејство на народи“[38]. Оваа стратегија можеби најдобро го оцртува начинот на дејствување на ЕУ во меѓународната политика. Многу добри намери, но со грандиозен, незграпен и реторички пристап. Самата стратегија е правена според методот на „китење на елка“[39]. Покрај основните принципи и интереси на ЕУ заради добивање на поддршка од земјите-членки се додаваат поединечни ставови и интереси. Имено, цели на стратегијата се развивање на демократијата, владеењето на правото и институциите во Русија, интеграција на Русија во европскиот економски и општествен простор, зајакнување на стабилноста и безбедноста во Европа и решавање на заеднички проблеми од сферата на животната средина, нуклеарните предизвици и меѓународниот криминал. Овој список на желби не е поддржан со конкретни инструменти и активности.

Сепак стратегијата е заслужна за отпочнување на поцврста политичка соработка помеѓу ЕУ и Русија која кулминираше на саемот во Сент Петерсбург во април 2003 со заедничко спротивставување на САД[40]. Понатаму воспоставена е континуирана соработка на полето на енергетиката, каде ЕУ добива пристап до ресурсите на Русија, а Русија инвестиции во енергетскиот сектор. Значајна е и безбедносната соработка, пред сѐ на Блискиот Исток и на Балканот. Полициската мисија во Босна од 2003 е под контрола на ЕУ, а во неа активно учество имаат и руски припадници.

Иако врските се поблиски и интересите заеднички заради некохерентноста на ЕУ и интегритетот на Русија сѐ уште постојат многу разидувања и пречки во заедничката соработка.

[35] Lynch, D. (2003), *Russia Faces Europe,* Chaillot Papers, No 60, ISS, May 2003
[36] Ibid, pp. 55
[37] Ad hok меѓународно тело составено од: САД, ОН, Русија и ЕУ
[38] Lynch, D. (2003), *Russia Faces Europe,* Chaillot Papers, No 60, ISS, May 2003, pp. 56
[39] Haukkala, H. (2000), *The Making of the European Union's Common Strategy in Russia,* UPI Working Papers 28, 2000
[40] Moravcsik, A. (2003), *Striking a New Transatlantic Bargain,* Foreign Affairs, July / August 2003, pp.80

Во секој случај соработката со Русија не е ни бледа слика на соработката на ЕУ со САД. Трансатлантската соработка долги години беше синоним на еден заеднички западен блок, блокот на НАТО силите. И денес соработката е фрапантна. ЕУ и САД во просек имаат трговска размена од околу 2.5 трилиони долари преку која работа имаат околу 12 милиони луѓе[41]. Иако економската соработка е на највисоко ниво, политичката соработка во последните години има повеќе проблеми. Од Кјото протоколот за емисија на гасови и Меѓународниот суд за правда, па сè до улогата на НАТО и унилатералноста на САД, Европската унија и САД имаат спротивставени ставови. Сепак интересно е да се спомене дека ЕУ не ја темели политичката соработка со САД врз база на заедничка стратегија или упатство, туку врз база на Новата транс-атлантска агенда од 1995 година[42]. Ова повторно укажува на блискоста и компактноста на актерите, иако ЕУ во последните години се обидува сè повеќе да развие сопствени капацитети и да има индивидуална улога во меѓународната политика. Ова се однесува, пред сè, на развивањето на сопствени воени капацитети, но и на самостојното учество во разрешувањето на меѓународните конфликти и кризни ситуации[43].

Развивањето на самостојноста на ЕУ и раздвојувањето со САД кулминираше после нападот на САД на Ирак. Иако се створија многу поделби и во самата ЕУ, пред сè помеѓу старите и новите земји-членки[44], овој конфликт ја потврди амбицијата на ЕУ да ја зајакне својата позиција на меѓународната сцена. ЕУ се промовираше како нов, самостоен и независен актер. Со самото тоа даде до знаење, како што вели Капчан, дека е крај на „либералниот интернационализам" каде ЕУ ја следи САД во меѓународната политика[45]. Европската унија има друг пристап и идеологија во креирањето и имплементирањето на меѓународната политика.

## *Заклучок*

Европската унија денес има билатерални врски со речиси сите земји во светот и е вклучена во сите меѓународни разговори и решавање на конфликти во Африка, Азија и Јужна Америка. Сепак во најголем дел од овие процеси ЕУ иако е присутен не е толку влијателен политички чинител. Економската сила во меѓународни рамки добива најчиста политичка форма во односите со своите соседи, Русија и САД. Првите две заради територијалната блискост и потенцијалните безбедносни и други интереси, а со САД заради блискоста  постигната преку историскиот развој на односите.

Иако е тешко да се каже дека ЕУ игра влијателна улога во меѓународната политика, не е тешко да се

[41] Hamilton, D. Quinlan, J. (2004) *Partners in Prosperity, The Changing Geography of the Transatlantic Relations,* SAIS - John Hopkins University 2004, ch. 1 - 3

[42] Заедничка декларација на ЕУ и САД http://ue.eu.int/uedocs/cmsUploadNewTrasatlanticAgendafromPresCon.pdf

[43] Frohlich, S. (2003) *The US, the EU and Globalization,* KAS Arbeitspapier No 106/2003

[44] Missiroli, A. (ed) (2002), *Bigger EU, wider CFSP, stronger ESDP?* Occasional Papers No 34, ISS 2002

[45] LaFranchi, H. *Bush visits a Europe even further away,* The Christian Science Monitor, February 18, 2005 http://www.csmonitor.com/2005/0218/p01s04-usfp.html

подвлечат некои од карактеристиките на таа политика. Прво, меѓународната политика на ЕУ произлегува од внатрешниот консензус на земјите-членки по одредени прашања. Тој консензус, доколку се створи, добива силен процедурален легитимитет. Второ, пристапот на ЕУ се темели на развивање економска соработка со другите актери преку обезбедување на интеракција со системот на Европската унија. Заради овие два момента меѓународната политика на ЕУ често е „ретроактивна“, наместо „проактивна“.

Европската унија во меѓународната политика досега е опишувана како „цивилна сила“[46], „воена сила“[47] и „нормативна сила“[48]. Овие идеално типски модели можат да се разгледуваат само од теориски аспект. Секој од нив става акцент на различен елемент од меѓународната политика на ЕУ. Но во својата пракса Унијата се труди да делува и превентивно и во постконфликтни обнови, како и да гради сопствени воени и безбедносни капацитети, а во секое време да ги почитува меѓународните и сопствените стандарди и норми.

Од прагматичен аспект несомнено е дека ЕУ има најразвиени цивилни капацитети и дека има компаративна предност во програмите за обнова и развој. Затоа денес во теоретските дебати за иднината на транс-атлантските односи можат да се слушнат мислења дека САД треба да ги развива своите воени, а ЕУ своите цивилни капацитети[49]. Во овој случај реално би биле центарот на гравитација на светот во меѓународната политика. Од друга страна заговорниците на самостојноста на ЕУ во меѓународната политика упатуваат на модел на „кооперативна сигурност“ кој ЕУ би требало да го гради врз нормативна основа, со пропорционални акции, преку вклучување на различни актери преку меѓународните организации и институции[50].

Иднината  е неизвесна, а дебатите продолжуваат. За нас, во моментов, е значајно тоа што Република Македонија сѐ помалку ја има во меѓународната политика на ЕУ, а сѐ повеќе во делот на интеграции и проширувања на Унијата. Според тоа треба да се приспособуваме кон нашиот иден статус и да го менуваме фокусот на интереси од објект на, во учесник во креирањето на меѓународната политика на ЕУ.

---

[46] Duchene, F. (1973) *The European Community and the Uncertancies of Interdepence,* in „A Nation Writ Large? Foreign Policy Problems before the European Community“, pp. 1 - 21

[47] Bull, H. (1982) *Civilian Power Europe: A Contradiction in Terms?* Journal of Common Market Studies Vol 1-2, 1982-83

[48] Galtung, J. (1973) *The European Community: A Superpower in the Making?*

[49] Moravcsik, A. (2003), *Striking a New Transatlantic Bargain,* Foreign Affairs, July / August 2003

[50] Erhart, H.G (2002) *What Model for CFSP?* Chaillot Papers No 55, ISS 2002

**Abstract**

In this paper the author examines the development of EU capacities in the field of international relations. Institutional structure, instruments and policies of CFSP and ESDP are outlined. The paper engages in analysis of the New Neighbourhood Policy, EU strategy toward Russia and Trans-Atlantic Relations. In conclusion theories explaning the model of EUís foreign policy and its future are disscused.

# Воeното јавно информирање на НАТО, неговата улога во современите безбедносни кругови и односите со медиумите

Ханс Петер Бух

Многу зборови се напишани во обид да се објасни историската димензија на промените со кои Европа и светот се соочија во периодот од 1989. Виртуалниот распад на комунизмот, што ја промени политичката сцена и доведе до проширување на НАТО, првин преку иницијативата за Партнерство за мир, а потоа со 10 нови земји- членки и покрај кризните моменти. Во периодот кога Европа се подготвуваше да прослави 50 години тешко заслужен мир по две катастрофални светски војни кои се одвиваа на нејзина почва, кризата на Балканот кулминираше со воената интервенција на НАТО во Косово. Ова веројатно беше првиот потсетник дека мирот лесно може да се наруши, и затоа постојано треба да се одржува. Со драматичните настани од 11 септември во врска со терористичките напади врз Соединетите Американски Држави сите сомневања веќе беа фрлени во вода, со што беше испратен јасен сигнал за будење дека конвенционалното војување не е единствената закана за нашата безбедност. И така светот неповратно влезе во XXI век. Популациите кои бараат избегнување на конфликти и поголема безбедност и просперитет во побогатите и општествено стабилни земји на Европа и Северна Америка ја менуваат социоекономската структура на нашите општества. Јазот помеѓу привилегираните и лишените се прошири со технолошката револуција, чии импликации далеку повеќе ќе ги надминат оние на индустриската револуција во XIX век. Сепак човештвото тежнее да живее во мир и просперитет, под законите на демократијата и еднаквоста: страшна задача.

Некаде во калеидоскопот на нашите интрикантни општества стои НАТО. Родена од остатокот на хаосот и крвопролевањето, НАТО отсекогаш имаше едно кредо: взаемна одбрана на земјите-членки против агресорот. Главните предизвици на НАТО денес се состојат не само во тоа да одржува чекор со постојано променливата безбедносна средина, туку и да предничи, со тоа што ќе спречи поголем конфликт со тоа што ќе го предвиди. Во коренот на воените работи на НАТО се наоѓа трансформацијата на командата и воената структура, да се добие повеќе за помалку со користење на флексибилни, брзо распределиви сили. Дека постои политичка волја за да се изведе ова

и да се работи заеднички, оставајќи ги поранешните недоразбирања и непријателства настрана, може да се види од редовните средби на високо политичко ниво во рамките на НАТО. Единствената главна цел на алијансата и *raison d'etre* може да се рече дека е одржувањето на мирот. Сепак, на нашата јавност треба да ѝ се објасни комплексноста на внатрешното функционирање на организацијата за да се постигне ова со цел да се добие поддршката на населението. Ова е главната задача на вработените во канцеларијата за Воено јавно информирање на НАТО, добро да ја информираат јавноста за воените активности на НАТО.

Се чини дека титулата Службеник за јавно информирање е исто толку лесна колку што е тешка неговата работа. Јавното инфомирање може да се дефинира како знаење кое треба отворено да се прошири и сподели со сите луѓе. Тешкотиите се јавуваат кога треба да се достави коректна и вистинска информација, а понекогаш и под многу стресни околности, а да се прошири во соодветно време, без притоа да се загрози безбедноста на нашите сили и нивните операции. Во демократските општества, воените сили се одговорни пред јавноста за начинот на кој ги изведуваат своите мисии. Затоа Военото јавно информирање на НАТО е командна одговорност со највисок приоритет. Службениците за јавно информирање се портпароли на нивните команданти, јавниот интерфејс за операциите на НАТО. Нивната задача не треба да се меша со таа на Службеникот за односи со јавноста, чија работа е да одржува задоволителен јавен имиџ за нивниот производ, компанија или личност која ја застапуваат. Секој сака да е сакан, и да се покаже во најдобро светло, така што и НАТО не е исклучок во оваа насока. Сепак, разликата е во начинот на кој се бара поддршката. Политиката на Военото јавно информирање на НАТО е да промовира јавно разбирање и поддршка со тоа што ќе ја информира јавноста адекватно и коректно, како и со тоа што ќе ги појаснува интрикациите и жаргонот во врска со воените активности. Информациите треба да бидат доставени на тој начин што преставниците на медиумите и засегнатите граѓани ќе можат самите да проценат што е можно понезависно, дури иако тоа значи дека ќе треба да се доставаат информации кои би предизвикале јавна критика или посрамотување. Организација каква што е НАТО мора да биде што е можно потранспарентна во рамките на нејзината безбедност, и да ги прифаќа конструктивните критики, да ги поздравува јавните дебати за нејзините активности и цели како средство за понатамошно подобрување и усовршување. Затоа што информацијата е река што тече во двата правци. Колку повеќе НАТО шири информации, толку повеќе може да се потпре на реакциите за да ги набљудува сопствените успеси и порази.

Целите и стратеигите на НАТО се поставуваат од страна на највисоките политички авторитети: Северноатлантскиот совет (САС). Генерално, Јавното информирање се води од страна на САС и неговите комитети. Генералниот секретар на

НАТО има сопствен портпарол како и прес и медија центар кој работи според Поделбата на јавната дипломатија. Оваа поделба е основниот јавен интерфејс на НАТО со надворешна публика, кој работи на подобрување на профилот на НАТО, обрнува внимание на достигнувањата на Организацијата, и ги зголемува јавната свесност и знаење за одредено прашање, кое го засега НАТО. Службите за Воено јавно информирање преку синџир на команди водството го преземаат од оваа поделба, во тесна врска со портпаролот на Воениот комитет, највисокиот авторитет на НАТО. Јавното информирање е наменето за поширок спектар на публика од домашна (земјите-членки во Алијансата), преку медиумите и јавноста од „областа на операциите“ и пошироката меѓународна јавност. Ставот на НАТО во врска со примената на Јавната дипломатија и Јавното информирање мора да остане во рамките на законодавството и филозофијата на секоја од земјите-членки на НАТО, особено откако главната одговорност за подобрување на профилот на НАТО и разбирање на неговата улога и мисиите лежи во самите земји-членки.

Сепак, работењето во оперативна средина има свој ритам, кој во голема мера е забрзан во однос на военото дописништво од минатите војни. Репортерот, кој сам на телефон му ги кажува информациите на сојот уредник со попатни цензури, го губи ударното влијание на неговата порака ако пренесува бајати вести. Современите технолошки комуникации предизвикаа револуција во ритамот и можностите за известувањето, кое пак еволвира во брзо, времено известување за воените операции. Разликата помеѓу известувањето за време на Втората светска војна во 1940, војната во Виетнам во 1960, војната во Заливот во 1980 и неодамнешните мисии на НАТО е извонредна, не само во поглед на навременоста, туку и во промената на ставот на јавноста. Лаптоп компјутерите поврзани со Интернет (World Wide Web) ја доведоа истовремената комуникација на сосема друго ниво. Ова не само што имаше влијание врз медиумското известување, туку сега жртвите на агресија можат да посведочат за тоа преку електронска пошта или мобилни телефони. Од почетокот на човештвото, моќта на комуникацијата, и супериорноста на оние кои ја контролираат комуникацијата го обликуваат нашето општество. Писменоста, или подобро речено неписменоста, е примарен извор на итна цензура, бидејќи примачот треба да го довери пишаниот збор на толкувањето на друга личност. Пристапот до информации преку Интернет системите оневозможува цензура и ја проширува дебатата за кое било актуелно прашање или настан, со што се отвора можност за критика насочена кон нашите институции.

Известувањето крена во нова насока во 1960 и 1970. Познато е дека секојдневното ужасно телевизиско известување од војната во Виетнам се користеше како инструмент за да се испровоцира гнев и домашна осуда, што претставуваше притисок врз американската влада за да ги повлече трупите. По дваесет и повеќе години, софистицираната сателитска комуникација ни

ги донесе Си-Ен-Ен (CNN), главната телевизиска станица од САД која 24 часа е посветена на вестите од светот, со армија новинари, буџет и мрежа на која може да ѝ позавидува секој воен командант. Како и кај сите добри нешта, сепак и тука има и негативности. Со преносот на вестите се јавува и ризик од поттикнување на бесчувствителност. Со тоа се храни основниот инстинкт на воајеризмот. Тоа е крајно хорор филм, кој поттикнува на перверзно задоволство да се биде сведок на вистинско убивање и уништување без да се почувствува болка поради тоа. Војната од Персискиот залив си го заслужи прекарот „војна од фотелја водена од страна на генерали од фотелји" што се однесуваше на практиката на CNN да поканат пензионирани генерали да даваат тековни коментари за воената тактика и стратегија.

Медиумите со сигурност се највлијателното средство за да се стави притисок врз оние кои што донесуваат одлуки, а бидејќи повеќето медиуми се профитабилни претпријатија, подобро би било нивните гледачи да знаат дека преносот на вести често има скриена агенда. Како прво и основно, новинарот мора да се обиде да ги разбере темите за кои известува. Токму тоа е работата на службеникот за Јавно информирање, да му дава информации на новинарот, да ги реши недоразбирањата и коригира погрешното информирање. Колку и да се труди, сепак, содржината на колумната што ќе се појави во утрешниот весник веќе е надвор од негова контрола - и сосема со право, се во интерес на заштита на слободниот печат и отворена дебата. Тука лежи елементот на доверба. Службеникот за Јавно информирање мора да има добри односи со сопствената мрежа на новинари, за да му веруваат дека им дава доверливи информации додека тој им верува дека коректно ќе го пренесат. На ист начин, неговиот претпоставен ќе води интервју, писмено и усно, само доколку не е погрешно цитиран, или неговите коментари се извадени од контекст. Ова е непишан код на однесување кој е поволен за двете страни и кој со сигурност работи во интерес на јавноста, со цел да се има точно информирање. Успехот на напорите на НАТО за време на криза или конфликт зависи директно од оваа кршлива врска и достигнувањата во мирни времиња. За време на воените акции, потребно е внимателно да се одржува рамнотежа помеѓу брзата акција и комплетната и целосно проверена информација. Се разбира, ова неопходно временско поклопување создава фрикција со медиумите, кои се жедни за брзи одговори за нивните прашања. Кредибилитетот на службеникот за Воено јавно информирање го рефлектира кредибилитетот на НАТО и затоа љубоморно се чува од какви било пропагандни барања, што е во доменот на Психолошки операции (PSYOPS).

Ова води до врската на Военото јавно информирање на НАТО со функциите на Психолошките операции и Информациските операции. Јавното информирање претставува постојан напор да се доставaт информации на јавноста, а притоа да се анализираат повратните реакции,

со зголемена активност во време на криза. ПСИОПС и Информациски операции се формираат за време на криза и воени операции, и внамателно се насочени кон противникот или потенцијалните противници. Нивната работа опфаќа од чисто информирање до пропаганда, но секогаш со цел на убедување. ПСИОПС може да бидат толку суптилни што оние кои ја примаат информацијата не се свесни дека се манипулирани. Додека кај Информациски операции и Психолошки операции целта ги оправдува средствата, јавното информирање не може да си дозволи да заземе позиција која ќе му го наруши кредибилитетот и ќе му го уништи внимателно градениот однос со медиумите/јавноста. И покрај тоа што секој Командант ќе рече дека има потреба од тесна соработка помеѓу сите засегнати со информирањето, особено во почетокот и за време на криза, за да се избегне конфузија и разлевање на конфликтни информации, сепак ова не треба да резултира во фрлање „спин“[1] на Канцеларијата за јавното информирање. Во краткорочни и долгорочни рамки, таквата манипулација дефинитивно ќе го наруши кредибилитетот и ќе остави долготрајни катастрофални последици врз Алијансата, а притоа ќе биде контрапродуктивно на кој било краткотраен успех. За жал, потребата да се освојат срцата и мислите не само на противникот, туку и на домашната јавност, дополнето со огромното влијание на медиумите, доведе до огромно искушение да се управува и контролира информацијата. Ова е разбирливо, затоа што со добивање на информациската војна може значително да се придонесе за спречување на големи конфликти, и сета човечка мизерија што ја носат со себе. Затоа, замислете ги тешкотиите кои се јавуваат за да се чуваат двете одвоено, додека се работи под стрес на воени операции. Но мора да ги чуваме одвоено, доколку сакаме да го очуваме кредибилитетот на НАТО. Од конфликтот во Косово, терористичките закани од Ал Каеда и војната во Ирак, искушението на некои штабови да ја користат Канцеларијата за јавно информирање како средство за Информациски операции го достигна својот зенит. Сепак, ова не оди во прилог на слободниот печат и сите принципи на демократијата за кои земјите-членки на НАТО се согласни да ги одржуваат. Медиумите веќе се нафрлија на прашањето за користење на јавното информирање како средство за умерена пропаганда. Иронично, токму широкото влијание што го имаат медиумите што претставува страв и трепет за политичарите како и за воените лица, ја создава потребата за контрола врз истите. Службениците во Информациски операции ќе ја оправдаат сопствената филозофија со тоа што ќе ги обвинат медиумите дека се крајниот манипулатор, бидејќи тие често самите ја бираат вистината која сакаат да ја прикажат. Останува да се види дали на крајот ќе победи практичноста.

[1] „спин“ - превртување на информацијата на таков начин што ќе ѝ даде позитивен имиџ дури и на негативна информација. Иако не може да се класифицира како лажење, често економски влијае врз вистината.

На крајот, успехот на Канцеларијата за јавно информирање на НАТО ќе се рефлектира во медиумите. Одговорноста на НАТО кон населението во земјите-членки на Алијансата на кого му служи е да ги информира на таков начин на кој тие самите ќе можат на демократски начин да донесат заклучок. И покрај тоа што можеби не секогаш ќе бидеме успешни, нашата политика и доктрина мора да продолжи да работи за оваа цел. Како што НАТО се занимава со сè посложени теми, така и Службеникот за јавно информирање мора да остане поактивен во објаснувањето на сопствената улога и мисија, стариот, новиот и сè повеќе, можниот пат напред.

**Abstract**

NATOës main objective could be simply stated as keeping the peace. The public interface for NATOÛs operations is constituted by Public Information (PI) Officers. The main task of NATOës Military PI Officers is to explain to the publics the complexities of NATOës inner workings in order for its efforts to achieve their support. NATOës military public information policy is to promote public understanding and support through keeping publics adequately and correctly informed. The possibilities provided by the World Wide Web have taken instantaneous communication to a totally new level. The task of a NATO PI Officer is to feed journalists with information, to correct misunderstandings and misinformation. The PI Officer must develop a good relationship with his network of journalists, in order to establish a situation of trust which is based on correct information on one side and correct reporting on the other.

NATOës Public Information is not to be confused with the actions of Psychological Operations (PSYOPS) and Information Operations, which are carried out specially in times of crisis and carefully targeted at the respective adversaries and whose purpose lies in persuasion. NATOës responsibility to the Alliance populations it serves is to inform them in such a way that they may democratically make their own judgement.

# Меѓу мултилатерализмот и унилатерализмот: **Турската политика кон ирачката криза како тест**

Ерман Топчу[1]

*Вовед*

Ужасите од 11 септември со себе донесоа и повеќедимензионални дискусии што уште повеќе се засилуваат по окупацијата на Ирак од страна на САД во рамки на кампањата ÑВојна против теророт“. Нормално, највпечатливата карактеристика на дискустијата се концентрираше на унилатералното дејство на САД што ги тргна на страна Обединетите нации и создаде (или го заостри) раздор внатре во Европската унија. Додека, од една страна, Франција и Германија се противеа на унилатералната инвазија на Ирак од страна на САД без меѓународен легитимитет, од друга страна, Ñписмото на осумината“ потпишано на 30 јануари 2003 г. од страна на пет земји-членки (Обединетото Кралство, Португалија, Шпанија, Италија и Данска) и три земји-пристапнички што влегоа во ЕУ во мај 2004 г. (Полска, Република ^ешка и Унгарија) ја изрази поддршката од внатре во Европа наспроти она што Доналд Рамсфелд нотoрно го именуваше ÑСтара Европа“. Ова последното, заедно со проширувањето на ЕУ што вклучи и традиционално про-атлантски земји, имаше и понатамошни импликации за Европската безбедносна стратегија, донесена на Самитот во Солун од Европскиот совет во 2003 г. Стратегијата, подготвена од Високиот претставник на ЕУ за заедничка надворешна и безбедносна политика, Хавиер Солана, го нагласува Ñефективниот мултилатерализам“ како основа на систем заснован врз Ñ...почитување и развој на меѓународното право“.[2] Освен кризата за Сирија и Иран која се насира, сЁ поголемата нестабилност во Ирак, во облик на повеќе бомбашки напади, сигнализира дека дебатата меѓу унилатерализмот или мултилатерализмот што е во тек и натаму ќе трае.

Сигурно не недостасуваат студии што се занимаваат со прашањето на мултилатерализмот во генерална рамка. Од оваа гледна точка, се цели на придонес на микро ниво во дебатата од аспект на случувањата во Турција во поглед на ирачката

[1] Авторот е соработник на Магистерски европски студии 2004-5, Zentrum f¸r Europ‰ische Integrationsforschung (Центар за студии за европска интеграција - ZEI), Rheinische Friedrich-Wilhelms-Universit‰t Bonn. Тој би сакал искрено да се заблагодари на проф. Башкин Оран, г. Дане Талески, г. Ондер Бујукјилмаз, г. Серкан Елмаз, г. Еркан Бил, г-ѓа Ѓокче Сарајдин, г. Мехмет Касап, г-ѓа Ајсун Езгин и г-ѓа Дерва Саргин за поттикот и коментарите при пишувањето на статијата. Сепак, грешките во статијата се на авторот.

[2] Хавиер Солана, ÑБезбедна Европа во подобар свет ñ Европска безбедносна стратегија“, декември 2003 г.

криза. Поради сојузот со САД и како татковина на над седум милиони граѓани наклонети на Курдите, надворешната политика на Турција кон ирачкото прашање беше една од најважните детерминанти во воените планови на САД. Во овој поглед, написот ќе се занимава со можното преобратување на предлогот од 1 март 2003 г. кој беше посочен како клучен сегмент од унилатералната кампања на САД против Ирак. Второ, ќе се оценува и турската засегнатост за формирањето курдска држава. Во овој дел, написот ќе ја преиспита можноста за унилатерално инволвирање на Турција во Ирак во случај да се основа курдска држава со Киркук како нејзин главен град.

### *Односите Турција - Ирак: Историјат*

Стратешката локација на Турција на меѓникот на пет регионални безбедносни зони (медитеранската, европската, средноисточната, балканската и кавкаската) носи значителни предности, но и ограничувања поради турската поставеност како средна сила.[3] Во овој поглед, се чини дека безбедносната зона на Средниот Исток е најпроблематична и најкомплексна за турската надворешна политика. Средниот Исток како регион се карактеризира со постојани и меѓусебно поврзани конфликти чии корени се во историски причини. Освен тоа, треба да се забележи дека ниту еден конфликт во регионот не може соодветно да се оцени без да се земе предвид динамиката на Средниот Исток како регион. Кога станува збор за Средниот Исток, „земјите можат лесно да ги претворат несогласувањата во конфликти, кои може да доведат и до работ на војна".[4] Постојат различни причини во основата на овој аргумент, како, на пример, историски ривалитет, геополитиката на регионот и инволвираноста на големите сили низ целата историја. Покрај тоа што Средниот Исток има мошне разновидна внатрешна структура во поглед на етносот и религијата, уште од 19. век регионот е предмет на мешање од надвор од страна на големите сили со оглед на сè поголемата стратешка важност на нафтата. Имајќи ги предвид сите овие фактори, Средниот Исток како регион никогаш не бил без конфликти. Со други зборови, Средниот Исток отсекогаш бил олицетворение на нестабилноста поради ваквата надворешна и внатрешна динамика. Конфликтите во контекст на Средниот Исток понатаму треба да се оценуваат во оваа регионална рамка.

Односите на Турција со Ирак имаат многу фактори, како заедничка историја, географија и култура, кои може да послужат како вредности во соработката меѓу двете земји. Сепак, и внатрешната динамика, како ставот на политичарите во секоја од земјите, и надворешната динамика, како политичките, економските и геостратешките фактори што ги формираат

[3] Ерман Топчу, „Дали религијата е фактор во турската надворешна политика", Journal of Political Thought том 2, бр. 8, стр. 31-41

[4] Интервју со асс. проф. д-р Ајзеѓул Кибароглу, Катедра за меѓународни односи, Средноисточен технички универзитет, Турција.

работите во светот, го спречија процутот на добрососедските односи меѓу овие две земји.[5] Оттаму, турско ñ ирачките односи никогаш не оделе по едноставна шема.

Падот на Отоманската Империја и нејзиното наследство се јавија како сериозен фактор во надворешната политика на Републиката. Што се однесува до арапските земји, отоманското наследство го задржало своето место во нивната перцепција на новата турска држава.[6] Ирак може да се смета како исклучок во контекст на овој аргумент во еден подолг период до падот на монархијата во Багдад. По основањето на модерната турска република (1923), главната цел на надворешната политика во оваа ера беше утврдена како зачувување на статус-кво во соседството. Во овој поглед, Турција може да се смета како една од статус-кво земјите во периодот меѓу двете светски војни, за разлика од ревизионистичкиот табор под водство на Германија и Италија. Антиревизионистичкиот став на надворешната политика на Турција може да се објасни како мешавина од реалност и внатрешни реформи.[7] Во смисла на реалноста, основачката елита на Републиката беше сосема свесна дека Турција нема капацитет да делува надвор од моменталните граници. Во овој поглед, според Вилијам Хејл, Ñ..идната турска држава ќе треба да повлече цврста граница околу оние територии што реално може да очекува да ги брани, дали сама или, ако тоа е апсолутно нужно, со поддршка на сојузници со слични интереси“.[8] Од друга страна, владејачката елита целеше на задржување статус-кво во соседството, а главна причина за тоа беше концентрирањето на домашниот реформски процес во контекст на интензивната модернизација под водство на Мустафа Кемал Ататурк. Еден практичен пример на оваа политика беше Пактот од Саадабад (1937) потпишан со Ирак, Авганистан и Иран. Пактот ги обврзуваше четирите земји да ги задржат заедничките граници; да не се мешаат во внатрешните работи на другите; да не создаваат агресија едни против други и да создаваат основа за консултирање по прашања од заеднички интерес.[9] Во суштината на овој Пакт се согледува и загриженоста за курдските бунтовници сместени покрај границите, состојба што имаше тенденција да создаде проблеми за потписничките.

По падот на монархијата во Багдад, Турција мораше да води доста врамнотежена политика кон батскиот режим на Ирак, во контекст на Студената војна. Турција, членка на западниот табор како единствена муслиманска земја во Организацијата на северноатлант-

---

[5] Мустафа Ситки Билги, T¸rk-Irak Iliskilerinin Tarihsel Boyutu (1534-2002) (ÑИсториската димензија на турско ñ ирачките односи (1534 ñ 2002)“ во Умит Оздаг, Седат Лаџинер и Серхат Еркман (изд.), Irak Krizi (2002-2003) (ÑИрачката криза“ (2002-2003)), (Анкара: ASAM, 2003 г.), стр. 234.

[6] Булент Арас, ÑТурција и ирачката криза“ во Булент Арас (изд.), Војна во вавилонските градини ñ Средниот Исток по Ирачката војна (Истанбул: TASAM Publications, 2004 г.), стр. 165

[7] Башкин Оран, Turk Dis Politikasiínin Teori ve Pratigi (ÑТеоријата и практиката на турската надворешна политика“) во Башкин Оран (изд.), Turk Dis Politikasi - Kurtulus Savasiíndan Bugune Olgular, Belgeler, Yorumlar Cilt I: 1919-1980 (Турската надворешна политика ñ факти, документи, мислења од народната ослободителна војна до денес том 1: 1919-1980 (Истанбул: Iletisim Yayinlari, 2003, 8. издание)

[8] Вилијам Хејл, Turkish Foreign Policy 1774-2000 (Лондон: Frank Class, 2000 г.) стр. 38-39

[9] исто, стр. 62

скиот договор (во понатамошниот текст: НАТО), го прифати увидувањето дека турскиот интерес на Средниот Исток се коси со Западот, оттаму и со САД.[10] Во 1957 г. Турција и Ирак го потпишаат т.н. Договор за меѓусебна соработка, подоцна именуван како Багдадски пакт. Договорот беше несреќно склопен поради подоцнежното учество на ОК во него, што на арапските земји им даде впечаток дека се цели кон инволвирање на Западот во регионот. Следствениот воен удар во 1958 г. од страна на генерал Касим не само што ја симна про-западната монархија, туку и коренито ја измени природата на регионалната политика.[11] Овој процес се засили и со подемот на Батите во 1963 г. во Ирак.[12] Овој настан делуваше дестабилизирачки на турско - ирачките односи бидејќи турските власти гледаа на него како анти-западен став на батскиот режим.

Односите со батскиот режим во Ирак влегоа во нова етапа со првата заливска криза, која се прифати како тест за Ñновиот светски поредок". Турција ја отвори својата територија (базата ÑИнџирлик") за американските летала, а размислуваше и за учество во војната со свои војници, проект што подоцна предизвика политичка бура кога шефот на Генералштабот Неџип Торумтај даде оставка за да протестира против главниот поддржувач на идејата, претседателот Тургут Озал. Запаметен по славната фраза Ñ*bir koyup üc alacagiz / ќе дадеме еден, а ќе вратиме три"*, Озаловата стратегија беше насочена кон здобивање влијание во повоен Ирак, особено во Мосул и Киркук со воена интервенција. Иако неостварен, планот на Озал се протолкува како напуштање на неволноста за вмешување во средноисточните работи во текот на републиканската ера. Турција ги почитуваше економските санкции на ОН против Ирак и ги затвори двата цевководи што беа витални во транспортот на нафта до пазарот преку Средоземното Море. Од воен аспект, Турција распореди 150.000 војници на ирачката граница како закана за Багдад.

Како резиме на овој историски дел во врска со различните етапи од турско - ирачките односи, може да се рече дека се соочивме и со стабилност и со промени. Во однос на разликите, курдското прашање се јавува како значаен фактор. Тргнувајќи од Пактот од Саадабад, курдската заедница во Ирак и Турција се сметаше за витален сегмент на регионалната стабилност. Додека во пактот од 30. акцентот се ставаше на расфрланите курдски бунтовници по заедничките

---

[10] Мелек Фират и Омер Куркчуоглу, *Arap Devletleriyle Iliskiler* (ÑОдносите со арапските земји) во Атај Акедејелиоглу и Омер Куркчуоглу, *Orta Dogu'yla Iliskiler* (ÑОдноси со Средниот Исток) во Баскин Оран, цит., стр. 615

[11] исто, стр. 632

[12] Батското движење е основано во 1940 г. во Дамаск. Со значење Ñповторно раѓање", Батизмот предвидува соединување на арапската нација преку арапски социјализам. Во суштина, Батизмот ги зема Ñединството, слободата и социјализмот" за свои принципи кон обединето, световно и социјалистичко арапско општество. Исламот, во овој поглед, се смета за една од компонентите на народната арапска култура, но не нужно и неговата религија. Батизмот го отфрла интернационализмот и марксизмот и наместо тоа става акцент на Ñнационализација". Движечкото средство не беше Ñкласната борба", туку Ñнационалното единство". Во 1968 г. со воен удар генерал Хасан ал Бакр стана шеф на државата, а Садам Хусеин ја имаше функцијата потпретседател на државата. Батското движење доби нова димензија со државниот удар од 1979 г. што го донесе на власт Хусеин сè до неговото конечно симнување со скорешната окупација од САД (за повеќе информации, Мелек Фират, *Baas Hareketi* (ÑБатското движење"), информации во Баскин Оран, цит. стр. 785).

граници, интернационализацијата на курдското прашање од Првата заливска војна наваму беше она што донесе масовни убиства на Курди од страна на Садам Хусеин. Најновите случувања доведоа до бранови на масовна миграција на Курдите од Северен Ирак во Турција, каде им беше обезбедено засолниште. Второ, заедно со претходното, појавата на курдскиот тероризам под името Работничка партија на Курдите ñ ПКК, во средината на 90., која ја предизвика смртта на над 30.000 луѓе, ја утврди Ñунитарноста на Ирак“ во средиштето на турската политика во наредните години.[13] Анкара по традиција се противи на поделбата на Ирак, како и на основањето федерација на етничка основа. Во контекст на последните случувања, се смета дека основањето на Курдистан со богатиот со нафта Киркук како главен град е *најлошото сценарио* за Анкара.[14] Овој момент ќе се анализира подолу во написот. Трето, како продолжение на претходната точка, Туркменската заедница во Ирак, исто така, се јави како сериозна компонента за турскиот про-унитарен став. Во овој поглед, може да се каже дека прашањето на етничката припадност се јави како јасен пример на поврзаност меѓу домашната и меѓународната политика. Овие точки добиваат во значење со последната војна во Ирак и имаат сериозни импликации во однос на реакцијата на овој клучен настан. Во овој поглед, дебатата за мултилатерализмот за Ирачката војна природно се развива во овој контекст.

### *Војната против Ирак и реакцијата на Турција*

Причините за Ирачката војна во контекст на Војната против тероризмот и Големиот проект за Средниот Исток (во понатамошниот текст: ГМЕП) беа предмет на разни студии. Иако оваа статија се занимава со турската страна на приказната, вреди да се спомене дека Ирачката војна посочува на само еден дел од севкупната реконструкција на Средниот Исток. Бернард Луис, кој се смета за идеолошки татко на ГМЕП, во својата статија ÑРеволтот на Исламот“ веднаш по нападите од 11 септември тврдеше дека арапските земји од Средниот Исток во текот на Студената војна ги оставиле западните земји едни против други, политика која повеќе не била можна по падот на Советска Русија и биполарната структура.[15] Според Луис, тероризмот ја заменил оваа политика и со текот на времето станал интегрален дел од структурата на Средниот Исток. Оттаму, за решавање на безбедносните прашања треба да се смени структурата на системот. Од еден друг аспект, се предлага дека ГМЕП е инструмент што ја прифаќа употребата на сила ако тоа е потребно за САД да ја

[13] Хасан Џемал, K¸rtler (ÑКурди“) (Истанбул: Dogan Kitap, 2003 г.) стр. 137-138

[14] Мајкл Рубин, *A Comedy of Errors: US – Turkish Diplomacy and the Iraq War,* Turkish Policy Quarterly, 13. април 2005 г., достапно и на American Enterprise Institute for Public Policy Research (AEI), написот е достапен и на http://www.aei.org/publications/filter.all,pubID.22437/pub_detail.asp

[15] Бернард Луис, *The Revolt of Islam*, New Yorker, 19.10.2001 г.

продолжи глобалната хегемонија. Во оваа иницијатива се покажува дека авторитарните режими, оружјата за масовно уништување и тероризмот се главните цели на Вашингтон.[16] Во новата конјуктура, самото постоење на ГМЕП покажува дека стратешките интереси на САД се движат кон Исток. Сепак, како што вели Кисинџер, сеопфатниот и долгорочен мировен план преку надворешен притисок не би се прифатил во географијата на идеолошки, верски, структурни и етнички судири.[17] Случувањата во текот на и по Ирачката војна ја одразуваат веродостојноста на овие аргументи.

Дебатата за војната и извесната улога на Турција не беше феномен што може да се припише единствено на владеењето на конзервативната Партија за правда и развој (*Adalet ve Kalkinma Partisi* - во понатамошниот текст: АКП). Дискусиите за улогата на Турција во можната воена интервенција веќе беа предмет на расправа во многу пригоди.[18] Еден релативно долг период и владејачката елита и медиумите ја игнорираа или пренебрегнуваа можноста за војна во Ирак. Тоа беше главно поради домашната политичка и економска атмосфера на турската политика. Коалиционата влада формирана од Демократската левичарска партија (ДСП), Националистичката партија за акција (МХП) и Татковинската партија (АНАП), која веќе беше осудена поради разидувачките политички и идеолошки ставови[19], беше на работ на распад по првите сигнали од Вашингтон.

Во изборите во 2002 г. турското јавно мнение гласаше за нови лица во политиката како резултат на повеќедецениското разочарување и економски потешкотии. Како резултат на тоа се случи нешто непријатно, особено за Вашингтон, и пост-исламистите, АКП, дојдоа на власт.[20] Новата власт требаше да се бори со кратките рокови за Самитот на ЕУ во Копенхаген, претстојната војна во Ирак и меѓународната криза на идентитетот. Тоа имаше критични импликации за Владата на САД, особено по ужасите од 11 септември. Турција, како клучна држава и лојален сојузник, по преземањето на власта од страна на поранешна исламистичка партија се двоумеше во предвечерјето на војната во Ирак.

Иако во првината фаза новата власт реши да го одбие барањето на САД, подоцна се откри дека се воделе преговори меѓу Вашингтон и Анкара. Во овој поглед, резолуцијата од 1 март 2003 г., е меѓник по ова прашање. Се планираше резолуцијата да овозможи распоредување трупи на САД на турска територија, со цел да се отвори северен фронт, како и да се испратат турски војници во Ирак, како дел од сојузот. Едно-

---

[16] Ѓулден Ајман, *Büyük Orta Dogu ve Genis Avrupa'nin Kavsak Noktasinda Türk Dis Politikasi* (Ñ"Турската надворешна политика на крстопат меѓу поширокиот Среден Исток и поширока Европа", Foreign Policy Turkish Edition, април 2004 г., стр. 20-21

[17] Хенри Кисинџер, Amerikaínin Dis Politikaya ›htiyaci Var mi? (Дали на Америка и е потребна надворешна политика?) (Анкара: METU Press, 2001 г.) стр. 178-9

[18] Авторот би сакал да му се заблагодари на Шабан Кардаш за укажувањето.

[19] На пример, позицијата кон ЕУ: додека МХП водеа кампања против многу реформски пакети, вклучувајќи ги и малцинските права со мошне популистичка реторика; ДСП одеше по еден среден пат што содржеше Ñ"патриотизам" и модернизација. Другата страна и најмалиот коалиционен партнер, АНАП, беше најпро-европскиот глас во власта.

[20] За поширока анализа на пост-исламистите, видете ›hsan Duran DaČ˝ Ñ"Повторни размислувања за човековите права, демократијата и Западот: пост-исламистички интелектуалци во Турција, Критични средноисточни студии, том 13, бр. 2, лето 2004.

странатa одлука на САД за воена интервенција во Ирак создаде силна антивоена клима во Турција, која се изразуваше во исклучително негативните испитувања на јавното мислење. Тоа создаде уште еден проблем за АКП, како партија која го усвои геслото да се биде „блиску до народот". Во дебатите, главниот аргумент на оние кои го поддржуваа предлогот беше „да се има силно влијание во повоен Ирак" во однос на демографските прашања (Курдите и Туркменците) и економската реконструкција (инвестициски можности и нафта). Од друга страна, главниот аргумент на спротивставена страна беше меѓународното реноме на Турција на патот кон ЕУ, како и „да не се носи дел од вината против муслиманска земја", особено кај конзервативците. На крај, предлогот не можеше да добие доволно гласови од Големото народно собрание на Турција. Гласовите „против" ги сочинуваа членовите на опозицијата Републиканска народна партија (ЦХП) и неколку членови на владејачката АКП. Првично, Владата се сметаше за одговорна за овој неуспех и се засилија сомнежите за идентитетот на АКП. Имаше повеќе причини за ваквата одлука. Најнапред, турската јавност беше во огромен дел против војната. Како партија што ги доби изборите со тврдењето дека е „блиску до народот", евентуалното дејство наспроти јавното мислење би го разнишало легитимитетот на власта на АКП.[21] Второ, турската страна сЀ уште не беше задоволна од преговорите[22] бидејќи не можеше да се исполни барањето на политичката база, што беше одлука на Конгресот на САД. Во оваа фаза Турција се плашеше од евентуални притисоци од страна на влијателни етнички лоби-групи во САД. Трето, засрамувачките стрипови и написи во американскиот печат беа нашироко прикажувани низ Турција. Особено еден стрип, кој ја прикажуваше Турција како проститутка затоа што се ценка за пакетот за економска помош, предизвика бурни реакции во Турција против САД.

Одбивањето на Турција да ја поддржи унилатералната окупација на Ирак од страна на САД го зголеми меѓународното реноме на Анкара. Претставниците на Европската унија дадоа поддршка на чинот на Турција и го протолкуваа тоа како знак на усогласување на Турција со европското мултилатерално водење на надворешната политика.[23] Многумина, меѓу кои и премиерот Реџеп Таип Ердоган, со оваа одлука го поврзуваа дури и успехот на Сертаб Еренер со нејзината Every Way that I can на Евровизија во 2003 г.[24]

[21] Е. Фуат Кејман, *Türkiye'deki Politik Deprem: AKP Hükümetinin bir Incelemesi* („Политички земјотрес во Турција: анализа на Владата на АКП), Stradigma, октомври 2003 г., том 9, и Е. Фуат Кејман и Зија Онис, „Задоцнетиот судир на Турција со глобалната политика на третиот пат: АКП и можноста за демократизација, Journal of Democracy, том 14, бр. 2, пролет 2003 г.

[22] Според Зејно Баран, САД понудиле сума од шест милијарди американски долари од кои две милијарди би се претвориле во заеми со американска поддршка, со што реално би се постигнала понуда од 17 милијарди американски долари. Исто така, основањето квалификувана индустриска зона (QIZ), која би вклучувала текстил, како и ветувањето директен заем од 10 милијарди американски долари со цел да се залечи првичниот импакт на војната, беа договорени во преговорите (Зејно Баран, „Турско перчење наспроти американско силеџиство: судир на цивилизации", Во национален интерес, 12.03.2003).

[23] Мајкл Емерсон и Натали Точи, „Турција како мост и челник – интегрирање на ЕУ и турската надворешна политика", работен документ, Центар за европски политички студии, август 2004 г.

[24] Ернан Топчу, „Турската надворешна политика под Партијата за правда и развој: континуитет и промени, необјавен труд, 2004 г.

Од друга страна, од Вашингтон пристигнаа измешани реакции. Иако официјалните изјави го одразуваа разочарувањето од неделувањето на Турција, одлуката се ценеше како резултат на демократски процес.[25] Сепак, со изјавите на одредени претставници, како, на пример, Пол Волфовиц, заменик-секретар за одбрана, кои го обвинија турскиот воен естаблишмент за неизвршување притисок врз власта, стана јасно дека турската одлука не беше така топло поздравена во САД.[26] Според Таспинар, реакцијата на Вашингтон на турското одбивање беше лакмус за искреноста на САД во однос на демократизацијата на поширокиот Среден Исток.[27] По овие настани, на 4 јули 2003 г. се случи еден од најкатастрофалните моменти во турско ñ американските односи кога американските трупи во една акција откри 11 турски војници во Сулајманијах во Ирак. По завршувањето на војната во Ирак, Доналд Рамсфелд ја обвини Турција и за неотворањето на северниот фронт и за тоа дека е одговорна за оддолговлекувањето на војната.

За многумина тоа беше дилема, но Големото народно собрание на Турција на 6 октомври 2003 г. усвои предлог за распоредување мировници во Ирак. Прифаќајќи ја Ñнужноста за меѓународен легитимитет" како државна политика во ирачката криза, Анкара овој пат упати на Одлуката бр. 1483 на Советот за безбедност на Обединетите нации. Иако одлуката беше поздравена од страна на Вашингтон, понудата беше одбиена со противењето на претставникот на САД во Ирак, Пол Бренер, кој, според Мајкл Рубин, бил гневен поради одбивањето на првиот предлог и бил силно засегнат од курдските лидери.[28] На крај, Вашингтон ја повлече понудата. Овој пат имаше разочарување од турска страна затоа што власта инвестираше значителен политички капитал за оправдување на предлогот. После сË, Турција го изгуби меѓународното реноме што го стекна со одбивањето на првиот предлог, иако АКП се обиде да му даде легитимитет на вториот со упатување на одлука на Советот за безбедност на ОН.

### *Киркук како следен тест*

Во односите меѓу Ирак, Турција и Америка следи мошне контроверзното прашање на Киркук. Според Меѓународната кризна група, во суштината на сите дискусии за Киркук стои нафтата:

Нафтата е во срцта на сË поголемите тензии во Киркук, криза што може да кулминира со отворен конфликт меѓу разните заедници во градот и околната област и што може да предизвика граѓанска војна и интервенција од страна на северниот сосед на Ирак, Турција.[29]

[25] Рубин, отв. цит.

[26] ÑТурција, со муслиманско мнозинство и силна демократска традиција, останува важен модел за дел од светот каде САД се обидуваат да се придвижат во позитивна насока. (...) Поради некоја причина турската војска не одигра силна лидерска улога кога ние тоа го очекувавме." (Интервју на Си-Ен-Ен Турција со Пол Волфовиц, видете и http://www.defenselink.mil/transcripts/2003/tr20030506-depsecdef0156.html)

[27] Омер Ташпинар, ÑПроменливи параметри во односите САД ñ Германија ñ Турција", 18. политички извештај на AICGS, Американски институт за современи германски студии, 2005 г.

[28] Рубин, отв. цит.

[29] Меѓународна кризна група, ÑИрак: ублажување на стравовите на Турција во врска со курдските амбиции", Извештај за Средниот Исток бр. 35, 26 јануари 2005 г.

Одговорот на прашањето дали Турција можеше да одигра силна улога во повоен Ирак доколку Големото народно собрание на Турција го усвоеше првиот предлог е далеку од јасен. Останува реалноста дека Турција денес едвај има влијание во внатрешните работи на Ирак, кои во голема мера влијаат на регионалната стабилност. Во овој поглед, сценариото на курдска држава, со богатиот со нафта Киркук како нејзин главен град, преовладува во дебатите на естаблишментот за безбедност и експертските групи. Изборите одржани на 30 јануари 2005 г. и успехот на курдските партии на локалните избори во Киркук беа тревога за Анкара.

Турските сомнежи за Киркурк може да се сметаат како мешавина од реалност и етничка припадност, како што беше претходно споменато. Етничкиот пристап кон ова прашање, главно обоен со националистичкиот слоган ÑКиркурк е турски!“, останува чувствителен за курдските и туркменските фактори. Одредени генерали во пензија и националистички медиуми, како и неколку истражувачки центри ја гледаат курдската контрола на Киркурк, било во федерална или независна државна рамка, како закана за државната унитарност на Турција. Од овој аспект, туркменската заедница што живее во Киркурк претставува точка на вриење кај луѓето што се на ова мислење. Фактот што Патриотската унија на Курдистан присили многу ирачки Курди да се преселат во Киркурк токму пред изборите особено беше тема на големи расправи во Турција.

Геополитиката, исто така, претставува дел од турските калкулации во врска со Ирак. Државната унитарност на Ирак како целина се смета за критичен момент и за турската безбедност и за регионалната стабилност. Геополитичката важност на Киркурк во поглед на неговиот богат нафтен капацитет е битна детерминанта во овој поглед. Денес производството на нафта во Киркурк се проценува на 350 ñ 500 барели дневно (бд), што е далеку помалку од нивото пред Заливската војна од 700 ñ 800 бд.[30]

Во однос на горенаведеното, сценариото за еднострана турска интервенција во Ирак се дискутираше и сè уште се дискутира и на меѓународни и на домашни дебати. Оние што ја поддржуваат потребата од турска еднострана воена интервенција ставаат акцент на основањето независен Курдистан со Киркурк како негов главен град и на можната граѓанска војна по еден ваков настан.[31] Исто така, некои застапници за интервенција ја споредуваат моменталната ситуација со кипарското прашање. Според нив, Турција би требало да интервенира во Ирак како што интервенираше во Кипар, во случај да започнат масовни убиства врз туркменската заедница во контекст на неделувањето од страна на САД.

Иако има поддршка од одредени фигури, унилатералното инволвирање на Турција во Ирак се смета

[30] Меѓународна кризна група, отв. цит. фуснота 3

[31] На пример, проф. Умит Оздаг, за кој се тврди дека се кандидира за водач на Националистичката акциона партија (МХП) во времето на пишување на овој труд (Несе Дузел, *Gerekirse Amerika ile Catisiriz – Umit Ozdag'la Roportaj* (ÑАко треба ќе се бориме со Американците ñ интервју со Умит Оздаг“), Radikal, 07.02.2005

за мошне нереално. Пред се, како средна сила, Турција е ниту воено, ниту економски способна да води војна каде САД најверојатно би биле од другата страна. Како што велат Бакчи и Кардаш, ÑТурците имаат амбициозни и понекогаш претерани очекувања од меѓународната позиција на својата земја, но, реално гледано, Турција главно делува како држава од клучен интерес“.[32] Овој аргумент е очебиен во случајот на Меѓународните сили за безбедносна поддршка (ISAF). Турција се обиде да ги поведе силите во Авганистан со цел да има поголем збор во регионалната безбедност, но пред да го стори тоа мораше да побара финансиска помош од САД. Второ, последиците од таква интервенција би биле енормни. На тој начин Турција би се изолирала од меѓународната заедница со што засекогаш би се запрел напредокот кон ЕУ и би се добиле САД, најголемата светска суперсила, за непријател. Секако, нема потреба да се изнесуваат катастрофалните финансиски ефекти на еден таков потег. Трето, евентуалното еднострано инволвирање на Турција во конфликт меѓу заедниците во Ирак би создало домашни превирања во Турција, со што земјата би се довела на работ од распад. ^етврто, како што беше забележано погоре, во контекстот на европеизацијата, Турција сЁ повеќе ја усогласува надворешната политика со европската. Имајќи ја предвид важноста на Ñмултилатералниот легитимитет“ во Европската безбедносна стратегија подготвена од страна на Хавиер Солана, за очекување е дека Турција ќе го испочитува овој принцип. Како резултат на сите овие калкулации, може аргументирано да се каже дека една унилатерална воена интервенција во Ирак, во случај на почеток на граѓанска војна или во случај да се основа независен Курдистан со главен град Киркурк, е ништо подолу од нереална.

*Заклучни забелешки*

Оваа статија прави обид да ги прикаже внатрешните турски дебати за ирачката криза во рамките на мултилатерализмот. Во овој поглед, се соочуваме со неколу точки што треба да се нагласат како заклучни. Пред сЁ, курдското прашање или етно-политиката е постојано присутна во турско - ирачките односи, започнувајќи уште од 30., ако ја земеме републиканската ера како основа. Второ, чувствителноста на турската држава кон курдското прашање поради болните сеќавања од минатото доведува до сомнежи и грижи за иднината на ирачката држава. Во овој поглед, една федерација на етничка основа или распаѓање на Ирак во неколку држави се чини дека се т.н. Ñцрвени линии“ за турската државна политика. Трето, одбивањето на предлогот од 1 март 2003 г. од страна на Големото народно собрание на Турција треба да се протолкува како резултат на слабата американска дипломатија, внатрешни политички махинации и дезорганизираност на АКП. Турција се здоби со меѓународно реноме со

[32] Хусеин Бакчи и Шабан Кардаш, ÑИмпактот по 11 септември: повторен осврт на стратешката важност на Турција“, документ подготвен за Европскиот безбедносен форум CEPS/IISS, Брисел, 12 мај 2003 г.

одбивањето да го поддржи едностраното делување на САД. Од друга страна, распоредувањето турски мировници во Ирак, кое воопшто не се случи, се оправдуваше со упатување на резолуција на Советот за безбедност на ОН. ^етврто, ќе бидат потребни години да се поправи моменталната состојба на турско ñ американските односи. Во овој контекст, Киркурк се јавува како сериозен тест. Во овој труд се тврди дека би било премногу скапо и нереално Турција да преземе еднострана воена интервенција во какви било околности.

На крај, треба да се забележи дека Турција на патот кон Европската унија е во процес на огромни политички и економски трансформации. Просперитетна Турција со домашна стабилност во уште подемократска рамка би била од клучно значење и за регионалната стабилност и безбедност. Треба да се забележи дека турскиот пристап кон случувањата во Ирак по традиција се концентрира на воено инволвирање. Ваквата политика не даде плод. Според Фуат Кејман, Турција ја поткопала сопствената потенцијална улога со тоа што става знак еднакво меѓу ирачкото прашање и курдскиот проблем.[33] Со своето повеќедецениско искуство во модернизацијата Турција требала повеќе да се концентрира на политичка и економска помош и да биде регионален актер. Под претпоставка дека во Ирак ќе опстои нестабилноста, време е Турција да делува на овој начин.

[33] Е. Фуат Кејман *11 Eylül Sonrasi Dünya, Türkiye ve Dis Politika* (Ñ̆Светот, Турција и надворешната политика по 11 септември), Foreign Policy Turkish Edition, декември 2003 г., стр. 113-4.

**Abstract**

The main goal of this text is to contribute to the debate for the multilateralism, which was increased especially with the last USA occupation of Iraq, but not on the theoretical than more on practical level. From this view the accent is put on Turkey as close ally of USA and main actor in the region. The text is dealing with the present attitude of Turkey for Iraq question over the analyses of the historical happenings in the Turkey ñ Iraq relations. In this context the text is giving an overview of the rejection of the proposal from 1st of March which was vital for the unilateral action of USA, as well for the screenplay for the unilateral intervention of Turkey which was an object of an international and domestic debate too.

# По изборот на Бенедикт Шеснаесетти за папа, католицизмот свртен кон изворните вредности на христијанството

Анета Стојановска

На 8 април 2005 година, во Ватиканската базилика „Свети Петар“, во Рим, беше погребан папата Јован Павле Втори. Со смртта на 264. папа, беше ставен крај на една епоха во Римокатоличката црква. Моментите на длабока тага во светот, беа искористени за повторен осврт кон големото дело на Јован Павле Втори. Гласовите стигнуваа од сите страни на светот. И католиците и православните христијани и муслиманите и Евреите... сите заедно ја потврдија историската улога на Карол Војтила. Во таа смисла, на површина излегоа и очекувањата, односно надежите на пријателите на Ватикан, дека нивото кое го постави Јован Павле Втори, кое е предмет на восхит, ќе биде продолжено. Имено, додека граѓаните со тага се присетуваа на улогата на Војтила во рушењето на комунизмот, на пример, еднакво возбудено се говореше и за новиот папа. Неизвесноста беше голема, колку и делото на Јован Павле Втори. Но, со изборот на Јозеф Рацингер, еден од најблиските соработници на Јован Павле Втори, на папскиот трон, католичките верници останаа спокојни, знаејќи дека нивното духовно раководење е во рацете на еден од најпросветлените кадри на Католичката црква.

*Процедурата за избор на нов папа*

Изборот на новиот папа, започна на 18 април и траеше помалку од 24 часа. Во Ватикан постои јасно утврдена процедура за избор на нов папа. Со векови наназад, новиот папа се избира од редовите на кардиналите, иако теоретски, секој возрасен католик може да биде избран на тоа место. Изборот за папа се одвива во потполна тајност. Самото име „конклава“ означува нешто тајно, нешто што се случува „под клуч“. Во деновите на избор, на 115. кардинали не им е достапен никаков контакт со надворешниот свет. Тие се изолирани во Конклавата, каде меѓусебно разговараат кој од нив би бил најдобар претставник на верниците. Кардиналите, за време на гласањето, го испишуваат името на еден од нив и го оставаат ливчето во покриен сребрен пехар. Пребројувањето се врши на тој начин што избраниот гласноговорник ги чита имињата на сите кардинали кои добиле глас, а потоа ливчињата ги ниже на конец. Сите 115 кардинали, помлади од 80 години, од 52 држави во светот, гласаат тајно, сè додека некој од кандидатите не добие двотретинско мнозинство. Ако тоа не се случи,

ниту по 30 гласања, новиот папа се бира со просто мнозинство. По пребројувањата на гласовите, ливчињата се спалуваат. Доколку не се избере папа, во оганот со ливчињата се става влажна слама за да се појави црн чад, кој е знак дека новиот папа сѐ уште не е избран. Во спротивно, доколку се избере папата, ливчињата се горат со хемикалија која создава бел чад, кој, излегувајќи од оџакот на Сикстинската капела, означува дека новиот папа е избран. Откако папата ќе ја прифати должноста и ќе избере ново име, според кое во иднина ќе гоословуваат, еден од кардиналите излегува на балконот од Црквата на плоштадот „Свети Петар" пред насобраните верници и со зборовите „Habemus papam", го објавува изборот на новиот папа.

Новиот поглавар на Римокатоличката црква пред католичките верници се појавува, за 45 минути, од мигот кога ќе се појави белиот чад од оџакот на Сикстинската капела.

Новиот папа уште за времето на Конклавата, веднаш откако е избран, го избира новото духовно име. Потоа папата оди во посебна просторија наречена „Соба на солзите", каде влегува проследен со еден кремелиншки кардинал и со водачот на церемонијалната миса, каде, според католичката традиција и Апостолскиот устав „плаче пред задачите што го очекуваат". Новоизбраниот папа потоа ја облекува свечената папска одора што се состои од бела мантија, црвена пелерина, капче, ленти со крстови и црвени мокасини, а на раката става т.н. рибаров прстен. Потоа, папата излегува на балконот на црквата „Свети Петар" пред насобраните верници и им упатува папски благослов „Urbi et Orbi".

### *Кардиналот Јозеф Рацингер стана Бенедикт Шеснаесетти*

Наспроти некои песимистички проценки, германскиот кардинал Јозеф Рацингер, на 19 април 2005 година, беше избран за нов Папа на Римокатоличката црква. Рацингер е роден на 16 април 1927 година, во германската покраина Баварија. Свештеник станал во 1951 година, а во 1977 година е именуван за надбискуп на Минхен. Во 1981 година бил поставен за раководител на влијателната Конгрегација за верска доктрина, која реформските кругови во католичката црква ја оценуваат како наследник на средновековната Света инквизиција.

Рацингер е познат како противник на идеите за жени-свештеници, противник е на хомосексуалноста, на употребата на контрацепција итн. Во однос на политичките прашања остануваат забележани неговите негативни ставови во однос на комунизмот, како противењето на зачленувањето на Турција во Европската унија.

Изборот на Јозеф Рацингер за Папа, беше означен во 17:50 часот, по локално време, со бел чад од оџакот на Сикстинската капела, а десет минути потоа и со биење на камбаните од црквата „Свети Петар". Новиот понтиф беше избран во четвртиот круг од изборот, во кој учествуваа 115 кардинали изолирани во Конклавата.

Радосната вест „Habemus papam“, на насобраните верници им ја соопшти чилеанскиот кардинал Хорхе Медина Естевес. Непосредно по изборот папата, кој го избра името Бенедикт Шеснаесетти (латински Benedictus XVI) рече: „Драги браќа и сестри, по големиот папа Јован Павле Втори, кардиналите ме избраа мене - единствен и понизен работник, во лозјето на Господа. Верувам во вашите молитви“.

Веднаш по изборот на германскиот кардинал Јозеф Рацингер, за поглавар на Римокатоличката црква и за духовен лидер на повеќе од една милијарда католици од целиот свет, политичките и верските лидери го поздравија изборот на новиот папа, Бенедикт Шеснаесетти.

Вселенскиот патријарх, Вартоломеј Први упати повик до новиот папа да продолжи дијалогот помеѓу христијанските цркви, покренат од неговиот претходник, Јован Павле Втори. Оценувајќи, притоа дека фактот што новиот папа, доаѓа од германскиот народ, кој неколку години живеел одвоен, а сега има голема улога во Европската унија, дава надеж и извесност дека ќе може да го изрази значењето на единството и мирната соработка. Новиот поглавар на Римокатоличката црква беше инаугуриран на свечената миса, на плоштадот „Свети Марко“, во Ватикан, кога му беа предадени наметката и прстенот со ликот на Свети Петар.

### *Неколку куриозитети поврзани со изборот на Јозеф Рацингер*

Пред да започне заседанието на Конклавата на Римокатоличката црква, за избор на новиот папа, обложувалници во повеќе европски градови, објавија дека најголеми шанси да биде избран за нов понтиф, има германскиот кардинал, Јозеф Рацингер. Католичката црква ги осуди ваквите обложувања, оценувајќи ги како „невкусни и неморални“. Исто така, лондонскиот весник, „Сандеј Тајмс“ објави дека военото минато на Рацингер би можело сериозно да ги загрози неговите шанси да биде избран за нов папа. Германскиот кардинал Рацингер, кој е познат по прекарите „панцер кардинал“ и „божји ротфајлер“ и по неговите конзервативни ставови, бил член на Хитлеровата младина и припадник на единиците за противвоздушна одбрана на германската армија за време на Втората светска војна. Имено, весникот посочи дека иако нема докази за неговата вмешаност во воени злосторства, деталите од биографијата на кардиналот Рацингер, би можеле негативно да се одразат на неговите шанси да биде избран за понтиф. Според германската агенција ДПА, Јозеф Рацингер, кој важи за припадник на конзервативното крило на Католичката црква, во октомври 2004 година изјавил дека Црквата треба да остане „подалеку од народните маси, бидејќи колку што им е поблизу, станува сè поповршна“.

Баварскиот весник „Abencajtung“ пак, објави интервју со Георг Рацингер, братот на германскиот кардинал Рацингер, во кое тој изјавува дека се предимензионални шпекулациите за можноста неговиот брат да стане нов поглавар на Римокатоличката црква, притоа дода-

вајќи дека тој „нема никакви шанси“. Георг Рацингер изјави дека не може да поверува дека Германец би можел да биде избран за папа. Слично размислување имаше и германскиот проучувач на состојбите во Ватикан, Волфганг Сибел, кој во интервју за католичката агенција „KNA“, ја исклучи можноста некој од шестмината германски кардинали, кои ќе учествуваат на конклавата за избор на нов папа, да биде избран за поглавар на Римокатоличката црква.

*Рацингер - афирматор на автентичните христијански вредности*

Неполн месец по изборот, папата Бенедикт Шеснаесетти го укина правилото според кое мора да поминат пет години пред почетокот на процедурата за прогласување светец и со тоа одлучи со забрзан процес да го прогласи за светец својот претходник папата Јован Павле Втори.

Папата Бенедикт Шеснаесетти, во првите мигови од извршувањето на својата света должност упати порака и до македонскиот народ. Имено, на приемот на новиот амбасадор на Република Македонија во Ватикан, од македонската влада папата побара да го одржи ветувањето за воведување на веронаука во основното образование. Бенедикт Шеснаесетти порача дека стабилизацијата и економскиот прогрес на Македонија ќе зависат пред сè од напорите на владата да го подобри образовниот систем во земјата. Според папата, надеж за македонските граѓани, особено за младите, може да донесат само училишта раководени од професионален кадар со личен интегритет. Притоа, Бенедикт Шеснаесетти изјави дека го поддржува влезот на Македонија во Европската унија, но предупреди дека тоа не треба да се гледа како средство за надминување на економската немаштија.

*Папите Германци како реформатори*

Папата Бенедикт Шеснаесетти е осмиот Германец во историјата на Римокатоличката црква кој станал поглавар на Светата римска црква. Иако од понтификатот на последниот папа Германец до Бенедикт Шеснаесетти поминаа 948 години, помеѓу основните обележја на делувањето и работата на сонародниците и на сегашниот папа, може да се забележат неколку сличности. Треба да се потсети дека во минатото папите Германци се избирале после мрачен период на папство, во кој папата бил „играчка“ во рацете на римското племство. Мандатот на папите Германци е обележен со силна врска помеѓу Црквата и државата, односно царот. Иако, царот битно влијаел на изборот на папата, германските папи настојувале цврсто да ја задржат автономијата на Црквата. Папите Германци иако не владееле долго со Црквата, сепак според аналитичарите тие направиле значајни реформи во самата Црква. Седум претходни сонародници на папата Бенедикт Шеснаесетти делувале во периодот од 996 до 1057 година, а папа Германец бил на чело на црквата за време на расколот на западната и источната

Црква во 1054 година. Во историјата на Римокатоличката црква, се покажало дека папите Германци се посветиле на внатрешни реформи на Црквата, а тоа се смета дека ќе биде главна врска помеѓу папата Бенедикт Шеснаесетти и неговите сонародници.

Аналитичарите укажуваат дека припадноста на новиот папа, Бенедикт Шеснаесетти на германскиот народ, ќе има позитивно влијание на неговиот понтификат и на целата католичка црква. Самото име Бенедикт или „Благослов“ укажува на очекувањата кои верниците треба да ги имаат од новиот папа.

Јозеф Рацингер доаѓа од редовите на Католичката црква во Германија, која по многу нешта е специфична. Во нејзината историја се случувале клучни етапи за историјата на Црквата, но и за општеството воопшто. Кога ќе се земе предвид чистината и квалитетот на верата, која Германците, низ вековите успеале да ја сочуваат, слободно може да се заклучи дека од новиот папа Бенедикт Шеснаесетти се очекува она што во моментот најмногу ѝ е потребно на Црквата. Тоа е бескомпромисност, кога е во прашање верската вистина, потоа отвореност и разбирање за барањата, кои со себе ги носи времето што доаѓа. Знаејќи за успесите на Кардиналот Јозеф Рацингер, јавноста е бездруго убедена дека мисијата на Бенедикт Шеснаесетти за консолидирање на црквата, за придвижување на свештенството и за интензивирање на контактите со останатите цркви бездруго ќе достигнат големи височини.

**Abstract**

White smoke rising from the Sistine Chapel chimney gave the first indication that the cardinals had chosen a pope of Roman Catholic Church. The conclave of 115 cardinals had voted three times previously before selecting the new pope. On April 19, 2005, Cardinal Ratzinger of Germany was elected as the successor to Pope John Paul II on the second day of the papal conclave after four ballots. His Holiness Pope Benedict XVI was born on April 16, 1927. After his election, the new pope Benedict XVI, said: „Dear brothers and sisters, after our great pope, John Paul II, the cardinals have elected me, a simple, humble worker in Godís vineyard“. Then, he delivered his first „Urbi et Orbi“ papal blessing. Before becoming pope, Cardinal Ratzinger was already one of the most influential men in the Vatican.

# Дебата за ратификување на Европскиот устав
# **На пат кон добар устав?**

Андреас Шваб

Новата Европа на 25. членки се наоѓа пред одлучувачка проба на докажување. Никогаш порано Европската унија и нејзините држави-членки не биле изложени на толку многу предизвици истовремено. По истекот на паузата од Лисабонската стратегија стана јасно кои напори уште се потребни за да се остварат нејзините цели: многу од тоа што е потребно за постигнување на овие цели мора да биде спроведено во земјите-членки. Способноста за дејствување на Европската унија мора да биде засилена за да може да ги исполни сопствените задачи.

Проширувачката рунда во 2004 година е без сличен пример во историјата. По формалното спроведување на проширувањето започна тешкиот процес на внатрешна консолидација, кој бара најголемо внимание. Со договорот за европски устав, Европската унија ќе биде подобро подготвена да ги совлада овие предизвици.

Европскиот парламент со големо мнозинство се одлучи за Европски устав и го фалеше неговиот напредок. Ратификацијата на Европскиот устав во сите земји-членки мора да биде цел на сите европолитички актери во следните две години. Тоа значи да им се пристапи на стравовите и на грижите на граѓаните и да се истакнат новите перспективи на Европскиот устав. Правењето на легенди од некои точки на Европскиот устав и неговото прифаќање од страна на граѓаните штотуку започна. Мора да се спречат искривувања и погрешни интерпретации. Во текстот што следи треба да се разгледаат некои важни прашања, кои влијаат на дебатата за ратификување и нејзиното европолитичко опкружување.

*Ратификување со референдум*

При дебатата за прифаќање на Европскиот устав повеќе пати се бараше спроведување на референдум во Германија. Привржаниците на оваа идеја наведуваа дека на тој начин би се покажал вишокот на вредности и целата работа би им се приближила на граѓаните. Општото вообичаено правење на легенда од референдумот се јавува и во овој случај. Ако се погледнат фактите се добива друг резултат. Во основа важи дека референдумите претставуваат алтернативна форма на демократско учество, но со нив не се поврзува никаков демократски вишок на вредности. На граѓаните им се сугерира дека на овој начин би можеле директно да учествуваат со својот глас. Во крајна линија тие можат само да гласаат за прашања формулирани на други места, поточно за резултатите од подолги преговори. Парламентите, како демократски избрани претставниш-

тва на граѓаните, ќе бидат ослободени од нивната одговорност.

Токму во поглед на европскиот устав се препорачува најголемо внимание, кога станува збор за национален референдум. Со постапката за собир би се тргнало по нов пат, кој уште пред донесувањето одлуки би им овозможил на граѓаните значително повеќе можности за учество и за информации. Европскиот устав би требало да се оцени во однос на севкупната Унија. Референдумите на национално ниво со сигурност би довеле до дискусија не за европските прашања, туку за националните проблеми. Во иднина цел треба да биде одржување на европски референдум за европски устав. Не треба да се заборави следната точка: националниот референдум не би бил штетен само за европската димензија на Европскиот устав, туку би претставувал и опасност за германскиот федерализам. Правото на согласност на Сојузниот совет[1] би било обезвреднето кога референдумот би имал предност пред гласањата во Бундестагот и во Сојузниот совет. Токму правото на согласност на Сојузниот совет треба да ги зачува покраините од упад во нивната државност. Националниот референдум би довел до тоа сојузната влада да не мора да ги запази интересите на покраините во иднина.

### *Никаков посебен германски пат*

Еден поглед врз различните постапки за ратификување покажува дека Германија не оди по никаков „посебен пат“, туку дека покрај Германија и други четиринаесет земји-членки на ЕУ, значи мнозинството во ЕУ на 25. чекори по парламентарниот пат.

Кон ова се придодава дека граѓаните имаат многу тешка стручна одлука. Европскиот устав има вкупно 448 члена, ако се оставаат настрана бројните протоколи и толкувања. Како може да се оцени резултатот на овој долг процес, содржан во едно прашање? Зад членовите се кријат комплицирани поединечни прашања. Постои опасност за време на некоја дебата за референдум фокусот на јавноста да се сврти кон некои поединечни прашања што влијаат врз публиката, а да се заборави на целината на делото. Популистичките аргументи може полесно да добијат на значење отколку што е тоа случај во изборните битки за парламентарни места, бидејќи тогаш во центар на вниманието се целите концепти за даден временски простор. Гласањето за новиот Европски устав би можело да им ги отвори вратите на новите популистички движења. Во одбивањето на Европскиот устав сложни се и лево и десно екстремните сили. Стручната дискусија за Европскиот устав би била во сериозна опасност. Неспорно е дека германската јавност мора засилено да биде информирана за содржините на Европскиот устав. За таа цел потребен е ангажман на сите приврзаници. Неопходноста од информативна кампања не е непосредно поврзана со неопходноста од референдум.

Опасностите од популистичко инструментализирање и искривено претставување на фактите се сосема реалистични, како што покажа

[1] Прим. прев. Собрание на претставници од Сојузните покраини на СР Германија

дебатата кај француските социјалисти за тоа дали членовите имаат право да одлучуваат или не.

*Француската дискусија*

Интерната дискусија во Социјалистичката партија на Франција поврзана со анкетата на членовите во декември 2004 година беше, во секој случај, поучна. Особено противниците на Европскиот устав сакаа со искривени претстави да ја разнишаат реалноста. Се аргументираше дека Европскиот устав му отвора врата на незакочениот неолиберализам, а социјалистите во Европа ги става на споредно место. Активни социјални политики и политики на работниот пазар не би биле можни со Европскиот устав. Точно е дека Европскиот устав се застапува јасно само за „социјално пазарно стопанство способно за конкуренција“ (член I-3, став 3). Се наведува и целта за економско, територијално и социјално поврзување (член I-3, став 3). Како и секој устав и Европскиот устав остава простор за игра за политички одлуки. Со оглед на различјето на социјалните системи во земјите-членки и различните општествени основни одлуки поврзани со нив, една европска социјална политика не може да биде алтернатива. Многу повеќе во смисла на субсидијарноста мора да се најдат, по можност, децентрални и соодветни решенија. Истото важи и за политиката на работниот пазар. Скапите и најчесто неефикасни мерки на активната политика на работен пазар на национално ниво веќе не покажуваат никаков успех. Затоа не е јасно зашто тие би можеле да помогнат на европско ниво.

*Монетарна политика ориентирана кон стабилност*

Новововедената отворена метода на координирање за социјалната политика во Европскиот устав не смее да доведе до хармонизација зад затворена врата. За време на дискусијата во Франција, исто така, беше спомнато дека нема политичка контрола над монетарната политика и дека Европската централна банка (ЕЦБ) е обврзана за стабилност на цените, но не и за создавање на работни места. Ова аргументирање заборава дека токму солидните јавни финансии се основа за создавање на работни места. Овој факт треба да има улога при „реформата“ на Пактот за стабилност, при што треба да се внимава да се продолжи монетарната политика ориентирана кон стабилност. На пример, успешната политика на консолидација во Данска и во Ирска доведе до видлив економски пораст и ниска невработеност. Независноста на една централна банка е докажано најдобрата гаранција за една неинфлациска монетарна политика. Да се протресе ова поле значи да се поднесат ризици од инфлација. Во член I-3 став 3 независноста на ЕЦБ се гарантира само во однос на извршувањето на овластувањата и на нејзините финансии. Европскиот устав покажува, за жал, одредени, сепак сè уште прифатливи омекнувања.

Способноста за дејствување на Унијата ќе се засили со Европскиот устав, а нема да се закочи, како што тврдеа некои критичари при француската дискусија. Употребата на квалификувано мнозинство како правило за гласање во Советот на

министри ќе се прошири за 44 случаи, додека, пак, правилото за едногласност ќе биде исклучок. Правата на Европскиот парламент ќе бидат значително засилени.

*Европска „супер држава“?*

Аргументот дека со Европскиот устав е поврзано настанувањето на европска супер држава е лишено од секаква основа. Така и чешкиот претседател Васлав Хавел не можеше да му одолее на искушението да ги направи своите сограѓани несигурни со овој аргумент. Неговите аргументи, изнесени во *Frankfurter Allgemeine Zeitung,* од 15 март 2005 година, за внатрешен пазар, но против една наводна втора фаза на интеграција, како и неговиот аргумент дека демократското општество е замисливо само во државата се многу површни. Основното начело „единство во различјето“ е спроведено на многу места во уставот. Историјата покажува, исто така, дека „државата“ не била единствениот систем на демократија (според Хубер, во *Европско и национално уставно право*). Земјите-членки остануваат и понатаму господари на договорите. Промените на договорите не може да стапат на сила без согласност од сите земји-членки. Принципот на ограничено поединечно овластување останува да постои и се грижи Унијата да може да функционира само онаму каде што има изразита компетентност во Европскиот устав. Контролата на националните парламенти (а во некои држави-членки преку Вторите комори и контролата на регионите) за одржување на принципот на субсидијаритет значително се засили со воведување на постапката за рано предупредување.

*Финансии на Унијата*

Европскиот устав во член I-3 ја одредува целта за стабилност на цените. Со тоа се дефинира рамката за дејствување на Европската унија.

Враќањето на јавните дефицити мора да има висок приоритет пред демографската промена. Инаку следните генерации би биле двојно оптоварени, бидејќи освен зголемените трошоци за пензиско осигурување тие би требало да го носат дополнително зголемениот даночен товар поради долговите. Со Унијата се ставени тесни граници на една ваква пречекорувачка политика на поделба. Тешките преговори за финансискиот период од 2007 до 2013 година би требало да им дадат приоритет на солидните финансии во Унијата и на земјите-членки.

Инструментот на финансиска претпоставка служи за подобро проценување на издатоците и за посилна дисциплина на издатоците. Затоа е поволно што овој инструмент сега е основа во Европскиот устав. Европскиот парламент и на ова поле може подобро да ги перцепира своите права на учество. Со крајот на поделбата на задолжителни и на незадолжителни издатоци, Европскиот парламент го добива правото за согласност за сите издатоци од буџетот.

За жал, наспроти оваа придобивка, нема соодветна мерка во областа на приходите. Правото за учество на Европскиот парламент и во приходите подобро би соодветствувало на начелото за транспарентност и за демократска одго-

ворност. Постоечкиот систем на сопствени средства, и со нив поврзаните привилегии на некои земји-членки, водат до нееднакви оптоварувања за придонес меѓу земјите-членки. Засилувањето на директните сопствени средства на Унијата и опаѓањето на привилегиите на некои земји-членки (како, на пример, таканаречениот „британски рабат“) би довеле до повеќе праведност меѓу членките. Прв замислив чекор би бил предложеното воведување на ист процент на номиналниот бруто општествен производ, кој произлегува од фрајбуршкиот предлог за европски устав, кој ќе се пресметува според единствени критериуми. При следниот чекор би требало да се донесе одлука за заеднички извор на данок од страна на Советот (едногласно) и на Европскиот парламент. Услов за тоа е да нема дополнителни оптоварувања за граѓаните. Задолжувањето на Унијата ќе се спречи со прописот од член I-53 став 2, кој го определува израмнувањето на приходите и на издатоците.

Директивата за солидни финансии има, исто така, големо влијание врз способноста за проширување на Унијата. Во поглед на можните понатамошни чекори на проширување, треба да се тргне по одговорен и реалистичен пат.

### *Нови перспективи во политиката на соседите*

Проширената Унија може да добие само на внатрешна силина и поврзување, ако се консолидира во сегашната форма. Се разбира дека е во нејзин интерес да ги стабилизира државите во соседството. Но, во оваа област мора да се почне поинаку да се размислува. Поставувањето на исто ниво на стабилноста на една држава и на перспективата за членство не може да биде опција. Тоа надалеку би го надминало капацитетот за примање на Унијата и би го започнало нејзиното распаѓање. Со тоа би се надминале културните и географските граници на Европа, што би имало проблематични последици за сите општества. Оттука итно се бараат нови понуди во политиката кон соседите. Европскиот устав отвора нови патишта, иако тие не се доволно флексибилни во секој поглед (според Волфган Шојбле во *Frankfurter Allgemeine Zeitung* од 28 јануари 2005 год.). Во член I-57 став 2 е определена можноста да се склучат специјални спогодби со соседните држави на Унијата. Оваа можност би требало да се разбере како сериозна понуда за иднината, што отвора многу шанси за соседните држави.

За жал, неодговорните ветувања да се започнат преговори за влез во Унијата не ја земаа предвид оваа перспектива на уставот. Во Европскиот устав би требало одново да се размисли за сево ова.

Кон ова се приклучува непаметната одлука сега да се почнат преговори за членство со Турција, што ја зголемува опасноста стравовите од влезот на Турција да се измешаат со дискусијата за прифаќање на уставот.

Токму во актуелната ситуација, консолидирањето на проширената Унија и ратификувањето на Европскиот устав мора да имаат предност пред понатамошните чекори на проширување. Секое преформсирање, како на подготвеноста за интег-

рација, така и на способноста за интеграција би ѝ нанеле големи штети на Европската унија. Перспективата да се прифати земја чијашто област, во најголем дел, лежи на азискиот континент, на чиишто граници се наоѓаат нестабилни држави како Ирак и Сирија и чијшто развоен застој е значаен за ЕУ, разбирливо придонесува за несигурност.

Граѓаните со право очекуваат развојот на европското единство да остане разбирлив и доверлив. Потребни се засилено посредување и трпение. Градењето на европска свест е сè уште во својот почетен стадиум и покрај педесетгодишната историја на единство. Цврстото држење до целта на понатамошен развој на ЕУ во силна политичка унија е поважен од кога и да е имајќи ја предвид глобализацијата. Мотото на Европскиот устав „соединети во различјето“ би требало да стане пример на европскиот процес на обединување, во кој се поврзуваат паметното самоограничување и европскиот напредок.

**Abstract**

After the European Unionës enlargement has been formally implemented, the difficult process of inner consolidation will require high awareness. With the Treaty establishing a Constitution, Europe will be better prepared to take on this challenge. A vast majority of the European Parliament has agreed to the Treaty. The purpose of this article is to discuss some important issues of the ratification debate.

15 of the 25 EU states, including Germany, will ratify the Treaty in parliament. A referendum as means of ratification is contrary to the all-European dimension of the Treaty. The French discussion has shown that its opponents operate with deceptive arguments such as the threat of neo-liberalism. Fact is that the Treaty holds „competitive social market economy“ as one of its goals. Facing the different welfare systems in the member countries, a European social policy cannot be an option. Another argument of the French opponents was that there would be no control over monetary policy and that the European Central Bank (ECB) is obliged to keep prices stable, but not to create jobs. This argument fails to acknowledge the fact that solid public finances are the basis for the creation of jobs.

Since the European Constitution is dedicated to the principle of „unity in diversity“ in many aspects, the fear of a European „super-state“ is pointless. When it comes to the EU finances, one of the main concerns is to decrease the public deficits. The difficult negotiations about the financial period 2007 ñ 2013 should lead to solid finances and treat the member countries with priority. The enlarged Union can only gain inner strength and stability if it consolidates its current shape. New perspectives of neighbourhood policy should be developed instead of promises about entry negotiations. The unwise decision to engage in entry negotiations with Turkey at the time being has increased the danger of the fear of its joining getting mixed up with the Constitution debate among the EU populations.

# Црногорската православна црква и референдумот за независност на Црна Гора

Александар Спасеновски

Во рамките на остварувањето на целта за независна Црна Гора, голем интерес има сè уште непризнатата, но политички влијателна Црногорска православна црква (ЦПЦ). Митрополитот на ЦПЦ, Михаило, периодот на жестоката политичка дебата околу независноста на Црна Гора, го искористи за понатамошно етаблирање на ЦПЦ во црногорското општество. Имено, свесен дека независноста на Црна Гора е во тесна врска со развојот на ЦПЦ, митрополитот Михаило искажа длабока разочараност од начинот на кој актуелната власт се однесува кон ЦПЦ. Фактот дека со буџетски средства, Владата ги помага Српската православна црква (СПЦ), Исламската верска заедница (ИВЗ) и Католичката црква, а не и ЦПЦ беше повод за изразување незадоволство кон ваквата владина политика. Исто така, беше реафирмиран и ставот за враќање на одземениот имот на ЦПЦ, кој, според митрополитот Михаило е узурпиран од страна на црногорско-приморската митрополија на СПЦ. Гледано низ призмата на големото разрешување на политичката дебата, со референдумот за независност кој се најавува за првата половина на 2006, се наметнува прашањето за иднината на ЦПЦ.

## *Правните прописи и политичката реалност како сојузник на ЦПЦ*

Поддржувачите на постоењето на ЦПЦ, тргнуваат од ставот дека нивната црквава е незаконски укината во 1920. Во тој контекст, согласно принципот на помесност, кој подразбира дека секоја држава има право на своја православна црква, тие сметаат дека нивно легитимно право е основањето на ЦПЦ. Во таа смисла, повторното обновување на ЦПЦ се случи во 1993, меѓутоа истото не беше проследено со барање за формална регистрација од страна на државата. Првпат, такво барање беше поднесено во средината на 1995, меѓутоа истото остана без соодветен одговор од страна на официјалните органи во Црна Гора. По повеќегодишни талкања низ лавиринтите на црногорскиот правен систем, во 2000. и формално беше потврдено постоењето на ЦПЦ. Во таа смисла, правната легализација на ЦПЦ во Црна Гора, надополнета со релативно големата поддршка од страна на граѓаните, беше причина повеќе за истакнувањето на две главни барања за остварување на правата кои ѝ следуваат на ЦПЦ:

- Овозможување услови од страна на државата за нормално функционирање на ЦПЦ, во соглас-

ност со изворните принципи на православната вера и
- Враќање на имотот на ЦПЦ, кој во моментот е во рацете на црногорско-приморската митрополија на СПЦ.

Поводот за првото барање е поттикнат од постојаните конфликти помеѓу двете групи верници, за време на големите православни празници, кои, во повеќе наврати завршуваа и со физички пресметки. Исто така, фактот дека, наспроти релативно големиот број приврзаници, ЦПЦ одржува богослужби најчесто под ведро небо е дополнителен мотив за овие барања. Во таа смисла, според приврзаниците на постоењето на ЦПЦ, согласно членот 11 од Уставот на Република Црна Гора, сите вероисповести се одвоени од државата и се рамноправни во вршењето на верските обреди и верските активности. Исто така, согласно Уставот, се потенцира и одредбата дека државата има право материјално да ја помага активноста на верските заедници. Како дополнителна поткрепа се истакнуваат и други одредби од правните прописи, во кои е прецизирано дека не постои категоријата државна црква. Во тој контекст, фактот дека од буџетот на државата се финансира реконструкцијата на повеќе катедрали, џамии, како и изградбата на црквата „Христово воскресение" во Подгорица, во која треба да служат претставници на СПЦ, се толкува како политичка пристрасност и неподготвеност на властите да се соочат со фактот дека во Црна Гора постои и легално функционира и ЦПЦ.

Во однос на имотот на ЦПЦ, се користи аргументот дека декретот на регентот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, Александар Караѓорѓевиќ, со кој во 1920 беше укината ЦПЦ е нелегален, со оглед на фактот дека во томосот на Руската православна црква, ЦПЦ била дел од списокот на православните цркви. Во таа смисла, присвојувањето на околу 650 цркви и манастири, како и друг имот, кој бил во сопственост на ЦПЦ, а преминал во рацете на Православната црква на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна преименувана во СПЦ, се толкува како грабеж. Аргументот за ваквата констатација извира и од фактот, според кој црквите и манастирите се во сопственост на народот на Црна Гора, кој пак, со огромно мнозинство ѝ пристапи на ЦПЦ.

Врз основа на анализата на законските прописи, особено поради фактот што правото на слободна вероисповед е дел од корпусот на основните човекови права и слободи, може да се заклучи дека истите стојат на страната на ЦПЦ. Од друга страна, политичкиот контекст на остварувањето на правно загарантираните права е исто така поволен за ЦПЦ. Доколку статусот на ЦПЦ стане сериозно политичко прашање, може да се очекува дека црногорската власт ќе застане на страната на ЦПЦ. Причините за тоа можат да се лоцираат во политичките ставови на СПЦ, кои не одговараат на политичката реалност на Балканот.

Во однос на евентуалното враќање на сопственоста врз црквите и манастирите во владение на ЦПЦ,

исходот во најголема мера зависи од наметнувањето на ЦПЦ, како сериозна верска институција, која е способна да одговори на верските потреби на православните верници во Црна Гора. Во таа смисла, процентот на враќањето на манастирите во сопственост на ЦПЦ е прашање на определбите на самите верници. Во зависност од мнозинството во одредените средини, зависи дали во односните цркви и манастири ќе одржуваат верски обреди свештениците од редовите на ЦПЦ или на СПЦ.

### *Успехот на референдумот, како политичка поткрепа на етаблирањето на ЦПЦ*

Паралелно со изборните циклуси, политичките афери и дневната политика, со сигурност може да се каже дека осамостојувањето на Црна Гора е прашање на кое со право сите политички и општествени фактори имаат изградено сопствен став. Одржувањето на референдумот, на кој граѓаните треба да се изјаснат дали се „за“ или „против“ независноста е предмет на жестока полемика помеѓу сите политички субјекти. Истата поделба е присутна и во однос на прашањето на поддршката на ЦПЦ. На едната страна е ДПС со своите коалициски партнери, а на другата Социјалистичката народна партија (СНП) со остатокот од партиите кои се залагаат за зачувување на Србија и Црна Гора. Меѓутоа, она што му дава тежина на ова прашање е исклучителната сензитивност, која во минатото резултираше со поголеми проблеми, кои во одредени случаи би можело да излезат од контрола и да предизвикаат конфликт помеѓу двата табора. Од тие причини, засега ниту едната, ниту другата страна не го актуелизира прашањето околу ЦПЦ.

Меѓутоа, во контекст на референдумот за независност, со право се поставува дилемата каква ќе биде судбината на ЦПЦ? Одговорот, најјасно може да се даде доколку се направи анализа на етничката и на верската слика на црногорското општество и истата се спореди со процентот на поддржувачите на независноста на Црна Гора. Според пописот на населението од 1991, во Црна Гора живеат 63% Црногорци, 17% Бошњаци, 9% Срби, 7% Албанци и 1% Хрвати. Во однос на верската припадност, 72% од граѓаните се изјаснуваат како православни христијани, 21% муслимани и 4% католици. Во контекст на прашањето за независност на Црна Гора, познати се ставовите на политичките лидери на Албанците и на Бошњаците, кои, речиси акламативно застануваат зад независноста на Црна Гора. Во таа смисла, според последните истражувања на јавното мислење, независноста на Црна Гора, ја поддржуваат околу 60% од граѓаните на Црна Гора. Врз основа на споредба на овој податок со процентите на верската определеност, се изведува заклучокот дека околу, 1/3 од поддржувачите на независноста се припадници на муслиманската вероисповед, а околу 2/3 припадници на православното христијанство. Со оглед на фактот дека прашањето на независноста на Црна Гора е во тесна корелација со понатамошното етабли-

рање на ЦПЦ, веројатно е дека најголем дел од поддржувачите на независноста, кои се изјасниле како православни христијани, истовремено се поддржувачи на ЦПЦ. Во таа смисла, политичката логика говори дека евентуалниот успех на референдумот ќе претставува политички капитал, кој дополнително ќе ја зајакне ЦПЦ во црногорското општество. Меѓутоа, наспроти целата неизвесност околу датумот на организирањето на референдумот, неговиот успех и евентуалната независност, ЦПЦ како верска институција сигурно ќе продолжи да се развива. Во прилог на тврдењето се и масовната посетеност на верските прослави организирани од страна на ЦПЦ низ дел од градовите и селата во Црна Гора. Исто така, со сите негативни последици од присилното занемарување на верската пракса за време на социјализмот, во моменот, според извори на ЦПЦ, околу 100.000 граѓани, во државата која има 700.000 жители своите верски потреби активно ги остваруваат, во рамките на ЦПЦ.

Црногорската православна црква (ЦПЦ), наспроти сите дилеми за канонската легалност на нејзиното основање, сосема сигурно ќе го продолжи своето постоење. Прашање на време е кога условите за нормално практикување на православното христијанство, на верниците кои ѝ припаѓаат на оваа црква ќе се остварат. Евентуалниот успех на референдумот за независност на Црна Гора, ќе претставува дополнителна поткрепа за понатамошно етаблирање на ЦПЦ. Но, истовремено, повеќе од сигурно е дека ќе следуваат реакции од страна на Српската парвославна црква и другите засегнати фактори во Србија и Црна Гора, кои ќе настојуваат да го задржат тоа што го стекнаа во 1920, кога ЦПЦ беше укината.

**Abstract**

Divisions in Montenegro are also reflected in the Orthodox Church. In 1920 King Alexander incorporated the Montenegrin Orthodox Church into the Serbian Orthodox Church. Since this time, Montenegro has fallen under the Serbian Orthodox Church. However, in 1993 the Montenegrin Orthodox Church was re-established. The head of the Montenegrin Church Mitropolit Mihail travels extensively, although he has been forced to hold services outside of churches as Serbian Orthodox priests refuse to give him access. The Montenegrin Orthodox Church has the support of the pro-independent political forces in Montenegro.

# ООН 2005:
# Променето време или време на промени

Кирил Нејков

На шеесетгодишнината од формирањето на првата вистински универзална организација, Обединетите нации имаат можност да се променат повидливо од кога било порано.

Организацијата е толку силна колку што нејзините членки, особено најзначајните членки, сакаат таа да биде. Дали ООН ќе излезе посилна по Генералното собрание во септември годинава, најмногу ќе зависи од постојаните членки на Советот за безбедност, пред сè од Соединетите Американски Држави, кои се еден од иницијаторите и основачите, најголем контрибутор и домаќин на седиштето на организацијата, и единствена хиперсила во моментов. САД во минатите децении ја подигнуваа и срамотеа организацијата зависно од сопствените моментални надворешно-политички потреби. Иднината на организацијата е најмногу во нивни раце.

ООН се менуваше и до сега, но доколку се случи и оваа промена, таа ќе биде повидлива од претходните затоа што е базирана на пакет мерки, втемелен на потребата за холистички пристап на реформи. Документите кои се основа на овој потфат беа подготвени под патронат на генералниот секретар, Кофи Анан.

## *Историја*

Уште пред Втората светска војна беше јасно дека Лигата на народите ќе умре затоа што не ја исполни својата цел.[1] На нејзино место беше формирана ООН како универзална организација и според членството[2] и според ширината на целите[3]. Таква организација нужно е воспостановена на компромиси и многу е веројатно дека во исполнувањето на своите надлежности таа ќе произведува противречности.

## *Идеализам и реализам*

ООН беше базирана и на реализмот дека надмоќта на победниците треба да биде потврдена и дека на организацијата мора да ѝ се овозможи ефикасност на функционирањето; но и на идеализмот дека државите се еднакви и на филозофијата на инклузивност, дека поранешните колонии имаат еднакви права со своите некогашни хегемони. Реализмот значеше дека најсилните меѓу победниците седнаа

---

[1] Лигата официјално беше распуштена во април 1946, по формирањето на ООН.

[2] ООН беше формирана од 51 држава победничка во Втората светска војна. Членството порасна на 99 во 1960 година за во 2002 со вклучувањето на Швајцарија и Источен Тимор таа бројка да биде 191 земја-членка.

[3] Според принципите наведени во членот 1 на повелбата, ООН има за цел да се грижи за зачувување на меѓународниот мир и безбедност, за развивање на пријателските односи меѓу државите, остварување на меѓународна соработка во решавање на проблемите од економски, социјален, културен или хуманитарен карактер. (Повелба на ООН, чл.1, ст. 1, 2 и 3).

во постојаните столици во Советот за безбедност, а сите останати имаа свое место во Генералното собрание и ротациони места во овој и другите органи на Организацијата.

*Негација и континуитет*

ООН беше воспоставена да биде негација на Лигата на народите и нејзин природен продолжувач: Лигата не успеа затоа што беше дел од мировен договор, во неа не учествуваа најсилните држави на нејзиното време, затоа што носеше одлуки со консензус и затоа што „немаше заби“. ООН се основани со посебна меѓународна спогодба, нејзини основачи се сите најсилни држави на средината на 40., одлуките се носат со мнозинство, и во Повелбата членките на ООН ѝ дадоа право да употреби и воена сила во име на светскиот мир. Во исто време, ООН продолжи таму каде што Лигата запре, со тоа што ја презеде нејзината голема мисија да го спаси светот од разурнувањета на војните, ја задржа базично истата структура на генерално тело и егзекутивен орган во доменот на безбедноста со постојани и променливи членки (дури и бројот на постојаните членки на Советот за безбедност е ист со бројот на постојаните членки на Советот на лигата); и презеде дел од нејзините институции (Меѓународниот суд на правдата е директен наследник на Судот на меѓународна правда).

*Цврстата и меката безбедност*

Од своето формирање ООН беше организација со особен фокус на заштитата на светскиот мир и безбедност. Но, уште во основачката Повелба за човековите права, заштитата на еднаквоста и достоинството на поединците и на нациите, општествениот прогрес и подобрите стандарди на живот беа испреплетени со прашањата на мирот и безбедноста, затоа што основачите беа свесни дека не е едноставен одговорот на прашањето каде се раѓа војната и како таа може најдобро да се запре. Прашањето на приоритетите на организацијата остана контроверзно и подложно на промени, но со тоа само се потврдува постојаниот притисок и промената на полтичкиот баланс во организацијата. Фокусот врз деколонизацијата, самоопределувањето и борбата против апартхејдот беа последица на зголемувањето на членството и распаѓањето на империите. Денес фоксусот врз економските прашања и развојот од една, и тероризмот од друга страна, е израз на различните политички приоритети на различните членки.

*Надворешните и внатрешните работи*

Повелбата на ООН е основачки документ, но и устав на организацијата. Во неа многумина прочитаа различни вистини. За оние кои сметаа дека најважно е да се одржи статус-кво, ООН беше базирана на суверенитетот на државите. За други, таа беше еманација на созреаната свест дека суверенитетот сè повеќе се пара по прашања кои се од заеднички интерес на човештвото, пред сè во доменот на човековите права.

*Промени*

Од моментот кога се создаде Организацијата светот се промени. Блоковите најпрво се создадоа па се распаднаа; колониите станаа држави; државите сѐ помалку војуваат меѓу себе, а сѐ повеќе во себе; нуклерано оружје поседуваше една, а денес најмалку 8 држави; недржавните ентитети, како невладините организации, корпорациите и терористичките групи еднакво силно влијаат на иднината на светот како и државите; епидемиите се заканувaат да збришат цели континенти, а раните врз животната средина се заканувaат да ја збришат планетата.

Со овие промени се менуваше и Организацијата: две од постојаните членки на Советот за безбедност се променија;[4] сите „непријателските држави“[5] станаа членки, а три од нив се меѓу десетте најголеми контрибутори во буџетот на Организацијата;[6] операциите за одржување на мирот, заедно со операциите за создавање на мирот и постконфликтно градење на мирот беа измислени и постојано засилувани;[7] агенциите на ООН стануваа посилни, поактивни и постигнаа завидни резултати; се искористи распадот на блоковската поделеност за поголема активност на Советот за безбедност.[8]

Сите генерални секретари на ООН го користеа терминот „реформи“ иако во најголем дел промените за кои се залагаа и кои ги спроведуваа се сведуваа на персонални решенија во Секретаријатот и промени во стилот на управување. Кофи Анан, седмиот Генерален секретар на Организацијата и прв од редовите на нејзината бирократијата, со преземањето на функцијата се посвети на промовирање голем пакет промени кои се однесуваа на работата на Организацијата внатре, но и на односот на членките кон неа и нејзините принципи.

Приоритетите на Анан беа да ја ревитализира ООН преку сеопфатна програма на реформи; да ја зајакне традиционалната улога на Организацијата во „развојот и одржувањето на светскиот мир и безбедност“[9] да ги промовира човековите права и универзалните вредности на еднаквоста, толеранцијата и човечкото достоинство зацртани во Повелбата на ООН, и да ја зголеми довербата на светската јавност во Организацијата, преку влегување во нови партнерства.

Една од првите иницијативи на Анан како генерален секретар беше неговиот план за промени: *„Обновување на Обединетите Нации“* (1997) што се имплементира до денес. Во 1998 пред Советот за безбедност тој

[4] Местото на ÑРепублика КинаÑ во 1971 го заседе Народна Република Кина; а местото на ÑСојузот на Советски Социјалистички РепубликиÑ го заседе Руската Федерација.

[5] Во член 53 од Повелбата, непријателска држава е дефинирана како која било држава која во текот на Втората светска војна била непријател на која било држава потписничка на повелбата.

[6] Италија во 1955, Јапонија во 1956 а Сојузна и Демократска Република Германија во 1973 станаа членки на ООН. Оттогаш, Германија израсна во втор, Јапонија во трет, а Италија во шести најголем контрибутор во буџетот на Организацијата.

[7] Во 1994 година, бројот на мировни операции на ООН го достигна својот врв: со над 50 мисии низ светот (ÑВо побезбеден свет“, стр. 33)

[8] Во текот на Студената војна, Советот за безбедност носеше во просек по 15 Резолуции годишно, за таа бројка од 90. до денес да порасне на 60 Резолуции годишно. (ÑВо побезбеден светÑ, стр. 31)

[9] Редоследот не е случаен. Низ целата работа на Анан е видливо дека тој смета дека ООН треба, пред сѐ, да работи на развјот, што ќе резултира во подигнување на нивото на безбедноста.

го поднесе извештајот *„Причините за конфликтите и промовирањето на трајниот мир и одржливиот развој во Африка“* како една од неговите бројни иницијативи да ја одржи посветеноста на меѓународната заедница кон Африка, како континент на кој му треба најсилна меѓународна поддршка. Анан работеше на градење поблиски партнерства со приватниот и невладиниот сектор, и повика на *„Глобален пакет“* во кој ќе се вклучат лидерите на светската бизнис заедница, работниците и цивилното општество за да се овозможи придобивките од глобализацијата да бидат порамномерно споделени.

По барање на Анан беше изготвен *Извештајот на Брахими* (август 2000) во кој јасно се истакна дека дел од операциите за одржување на мирот беа преземани со цел да се создаде привид на вистинска акција. Извештајот ги повика на повисока одговорност земјите-членки на Организацијата, особено на Советот за безбедност, и препорача да не се преземаат мировни операции кога не постојат услови за нив; а кога ќе се преземат, операциите да бидат посилно поддржани, како логистички така и политички.

Во 2000, Анан го издаде „Милениумскиот извештај“ насловен *„Ние, народите: Улогата на Обединетите Нации во 21. век*“ во кој ги повика државите да се обврзат на исполнување на акциониот план за запирање на сиромаштијата и нееднаквоста, на подобрување на образованието, запирање на епидемијата на ХИВ/СИДА, одржување на животната средина и заштита на луѓето од смртоносните конфликти и насилството. Овој извештај беше основа на *Милениумската декларација,* која беше усвоена во септември истата година од шефовите на држави и влади на милениумскиот самит, најголемиот собир на светски лидери во историјата. Во декларацијата, која се смета за најсеопфатен збир на цели кои добиле глобална поддршка, беа наведени квантитативни и со рокови утврдени цели во доменот на развојот, како што се: намалувањето на сиромаштијата, заразните болести, гладта, неписменоста и половата дискриминација, со тоа што целите за нивно надминување во најголем дел се до 2015.

На генералното собрание во 2005 година светските лидери ќе го преоценат прогресот во имплементацијата на Милениумските цели и ќе усогласат конкретни акции за давање нов поттик на Милениумската декларација.

Таа оценка ќе биде врз основа и на извештајот *„Во поголема слобода“*., што во пресрет на 59. сесија на Генералното собрание го подготви Анан. Тоа е извештај кој ги обединува сите погоре споменати приоритети на Генералниот секретар, а во голем дел од своите анализи и предлози е базиран на извештајот *„Во побезбеден свет“*

### *Двата последни извештаи*

Во декември 2004, по барање на Генералниот секретар, Високиот панел за закани, предизвици и промени го издаде извештајот: „Во Побезбеден свет: Наша споделена одговорност“.

Анализирајќи ги безбедносните предизвици на новиот милениум, членовите на панелот заклучуваат дека стравовите на основачите на ООН во 1945 денес не се релевантни, затоа што агресијата на една држава врз друга не е најголемиот предизвик, туку тоа се: сиромаштијата,[10] заразните болести,[11] деградацијата на животната средина,[12] војната и насилствата во државите,[13] ширењето и потенцијалната употреба на нуклеарното, радиолошкото, хемиското и биолошкото оружје;[14] тероризмот и транснационалниот организиран криминал.[15] Затоа е потребно прифаќање на доктрината на „севкупна безбедност“, чии основни одржувачи треба да останат суверените држави, кои треба да станат и самите посилни за да може да се соочат со новите предизвици, затоа што ниту една од тие држави нема да може самостојно да се заштити од налетот на опасностите на новото време.

Државите се свесни дека денешните закани се длабоко меѓусебно преплетени, и борбата со нив мора да се води на сите нивоа: од глобално, преку регионално до внатрешно; но државите, зависно од големината, моќта, географската поставеност и својата економска положба, имаат различни мерки за најголемата меѓу опасностите: за едни тоа е тероризмот, за други тоа се сиромаштијата и епидемиите, за трети нееднаквоста. Во извештајот, кој е изработен од „Групата на мудреци“ - репрезентативен географски и културен избор на поранешни истакнати политичари и дипломати, се смета дека нема да има успех во соочувањето со која било од овие закани, доколку сите држави не се вклучат во борбата против секоја од овие закани.

Во извештајот се истакнува дека основна задача на ООН и нејзините членки е далечните закани да не станат блиски, а блиските закани да не станат разурнувачки. За тоа е потребна рамка на превентивна акција, во која првичен акцент ќе се стави врз развојот, како клучен за оневозможување на ерозија на државите што е, пак, основа на превенција на граѓанските војни, за заштита на човековата околина и борбата против тероризмот и организираниот криминал. Но, тоа не значи дека нема потреба од употреба на сила од страна на Организацијата, кога сите други средства за сопирање на заканите се исцрпени.

Во извештајот има 101 препорака, во три теми, и тоа: колективната безбедност и предизвикот на превенцијата; колективната

---

10 6 пати е поверојатно да се случи граѓанска војна во држава со БНП од 250 долари по глава на жител, одошто во држава со 5000 долари по глава на жител. (ÑВо побезбеден светÑ стр 15)

11 Семејните приходи на болните од СИДА се намалуваат до 80% во африканските земји (види: УНАИДС Извештај за глобалната епидемија за СИДА за 2004)

12 ÑСиромаштијата, заразните болести и деградацијата на животната средина и војната заемно се поддржуваат во убиствен затворен круг.(...) Болестите и сиромаштијата се поврзани со деградацијата на животната средина (...) што доведува до недостаток на плодна почва и природни ресурси, што води кон граѓански војни. (ÑВо побезбеден светÑ стр. 15)

13 Бројот на меѓу-државните војни во кој било период од 1945 до 2000 во просек изнесува 2-3. Бројот на внатрешните војни во државите прогресивно расте од 1945 до 1990, кога го досегнува својот врв, за потоа да почне повторно да опаѓа. (Оддел за истражување на мирот и конфликтите, Унверзитетот во Упсала и Меѓународниот институт за истражување на мирот во Осло; цитирано во ÑВо побезбеден светÑстр 11)

14 За разурнување на град од средна големина, доволно е 50 килограми високо збогатен ураниум, што може да се спакува во 6 литарски кутии за млеко (ibid, стр. 16)

15 Транснационалниотните групи на организираниот криминал обезбедуваат оружја за масовно уништување на поединци и групи (ibid, стр 15)

безбедност и употребата на сила и поефикасни Обединети нации за 21. век.

Од овие препораки, во овој напис ќе бидат анализирани 7 најважни и тоа:

- усвојување на сеопфатна и општо прифатена дефиниција за тероризмот;
- 5-те критериуми за легитимна употреба на сила од страна на ООН;
- Реформата на Советот за безбедност;
- Формирање на комисија за изградба на мирот;
- Реформа на Комисијата за човекови права;
- Реформите на Секретаријатот на ООН и
- Измени на Повелбата на ООН.

Панелот предлага усвојување на сеопфатна *дефиниција на тероризмот* која ќе го определи како тероризам „секој акт, во дополнување на веќе определените во постојните конвенции за различни аспекти на тероризмот, Женевските конвенции и Резолуцијата на Советот за безбедност на ООН 1566 (2004), со намера да предизвика смрт и сериозни телесни повреди на цивили и лица кои не учествуваат во вооружени дејствија, кога целта на таквиот акт, според неговата природа или контекстот, е да се заплаши населението или да се натера некоја влада или меѓународна организација да презеде или да се воздржи од преземање на некој акт“.

Во одлучувањето дали да одобри употреба или да усвои веќе употребена воена сила, Советот за безбедност треба секогаш, без разлика кои други прашања ќе ги земе предвид, да ги преоцени следните *пет критериуми на легитимитет*: сериозноста на заканата (дали заканата врз безбедноста на државата или поединците е доволно јасна и сериозна); соодветна цел (дали првичната цел на употребата на сила е да се запре или одврати заканата); последна опција (дали сите други невоени опции се исцрпени, со основано уверување дека други мерки не би дале резултати); пропорционалност (дали силината, траењето и интензитетот на воената акција е минимумот потребен за одговор на заканата); баланс на последиците (дали постои разумна можност воената акција да биде успешна и последиците од неа да не е веројатно дека ќе бидат полоши од последиците на нечинење).

*Реформата на Советот за безбедност* треба, во согласност со членот 23 од Повелбата, да ја зголеми вклученоста во носењето на одлуки на оние кои придонесуваат најмногу финансиски, воено и дипломатски во ООН; да вклучи во процесот на одлучување држави кои ќе ја зголемат репрезентативноста на вклупното членство, особено од државите во развој; да не ја намали ефикасноста на работата на Советот и да ја зголеми демократската и одговорната природа на Советот. Панелот предлага 2 опции за реформата: модел А со шест нови постојани членки на Советот, без право на вето, и три нови две-годишни непостојани членки, со финален баланс од по 6 претставници на 4. големи региони (Америка, Африка, Азија и Океанија и Европа) и модел Б: невоведување на нови постојани

членки, но формирање категорија на 8 четиригодишни обновливи мандати на непостојани членки и воведување на уште едно место на непостојана членка со 2-годишен необновлив мандат, исто така распределени меѓу 4 големи региони.

*Комисијата за изградба на мирот* треба да биде основана од Советот за безбедност, во согласност со членот 99 од Повелбата[16]. Тоа треба да биде мала комисија, со претседавач со мандат од една година одобрен од Советот за безбедност, со членови од Советот за безбедност и Економско-социјалниот совет, и со присуство на седниците на раководителите на ММФ, Светската банка, регионалните банки за развој и претставници на регионални организации. Комисијата ќе треба да ги идентификува државите кои имаат закани по сопствениот опстанок и да организира помош за нив, да има превентивна улога за намалување на ризикот за негативен развој на настаните и доколку се јави конфликт, да ги предводи и одржува напорите на меѓународната заедница во пост-конфликтната изградба на мирот.

*Реформата на комисијата за човекови права* треба да овозможи нејзиното членство да стане универзално, со тоа што претставниците на националните делегации треба да бидат докажани активисти во заштитата на човековите права. Во извештајот, исто така, се предлага да се формира помал консултативен совет кој ќе ја помага работата на Комисијата.

Во *Секретаријатот* треба да биде воведена нова функција на уште еден заменик-генерален секретар одговорен за мир и безбедност. Генералното собрание треба да му овозможи на Генералниот секретар поголема флексибилност во управувањето со неговиот персонал. Треба да се овозможи преоценка и замена на персоналот, вклучително преку предвремено пензионирање, и одобрување за нови 60 вработувања, кои изнесуваат помалку од 1 процент од вкупниот број на вработени, за да биде можно предлозите во овој извештај да се спроведат.

*Повелбата на ООН* треба да се промени во членот 23 (за составот на Советот за безбедност), членовите 53 и 107 (за непријателските држави) се надминати и треба да бидат ревидирани, Поглавјето XIII (Советот за старателство) треба да се избрише, членот 47 (Воениот комитет) треба да се избирише, како и споменувањето на овој комитет во членовите 26, 45 и 46.

„Во поголема слобода: кон развој, безбедност и човекови права за сите" е извештај подготвен од Генералниот секретар и објавен 4 месеци по *„Во побезбеден свет*", а во голем дел од анализите и предлозите базиран на него.

Целта на „Во поголема слобода" е да ја подвлече можноста за промени на начинот на кој државите-членки ќе се соочуваат со предизвиците на новото време и преземање на широки и длабоки реформи на ООН во 2005, пет години по Милениумскиот самит, кога на гене-

[16] Според членот 99 на Повелбата, Генералниот секретар на ООН може да му обрне внимание на Советот за безбедност на секое прашање кое според негово мислење може да го загрози светскиот мир и безбедност. (види чл.99, Повелба на ООН)

ралното собрание на Организацијата ќе биде извршена првата оценка на темпото на спроведување на договорените цели.

Во извештајот Анан го опишува „совршениот триаголник" развој-слобода-мир, и ја изнесува филозофијата на своите предлози, повикувајќи ги лидерите на државите од светот да ја прифатат „поголемата слобода" која значи дека луѓето на светот имаат право да бидат владеани со своја согласност, врз основа на закон, во општества во кои сите поединци можат, без дискриминација или казна, слободно да се изразуваат, да ја исповедаат својата вера и да се здружуваат; ослободени од тешкотии (со елиминарање на смртната казна, екстремната сиромаштија и заразните болести) и стравови (со тоа што нивните животи и начини на живот нема да бидат растргнати од насилства и војни).

Државите се основните и неодминливи тули на меѓународниот систем. Нивна задача е да им овозможат права на нивните граѓани, да ги заштитат од криминал, насилство и агресија, и да обезбедат рамка на слобода втемелена на правото, во која поединците ќе имаат просперитет, а општествата ќе се развиваат. Обединетите нации, пак, како единствено универзално тело со мандат да се грижи за безбедноста, развојот и човековите права, има специјална тешка задача во остварување на овие цели.

Извештајот е составен од четири поглавја:

- *Слобода од тешкотии:* во кое државите се повикуваат да се држат до Милениумските цели зацртани во 2000, и до нивните рокови. Тие цели се остваруваат, но не со посакуваното темпо. Сидата, финансиските проблеми на најслабо развиените земји и прашањето на Африка се најгорливите прашања. Генералниот секретар бара во септември 2005 државите да постигнат пакт за имплементација на договореното.
- *Слобода од страв* во најголем дел е базирано врз извештајот „Во побезбеден свет" со целосно прифаќање на сеопфатниот концепт за колективната безбедност, кој ги зема предвид сите закани и безбедносни грижи на сите држави.
- *Слобода да се живее достоинствено* е осврт на потребата за ефективна, а не декларативна, заштита на човековите права и изградба на вистинска демократија.
- *Зацврстување на Обединетите нации* е последното поглавје, пред заклучоците и предложените мерки, во кое Генералниот секретар подвлекува дека принципите и целите на ООН, така како што се поставени во Повелбата, се сЁ уште валидни и важни и денес, еднакво толку колку што беа во 1945. Но, тој потсетува дека принципите треба да останат цврсти, но нивната имплементација треба да го следи духот на новото време.

Во анексот на извештајот, Генералниот секретар поставува конкретни предлози кои треба да бидат

усвоени од шефовите на државите и владите на Генералното собрание во септември 2005.

Најважни од нив се следните:

- намалувањето на сиромаштијата и промовирањето на глобалниот просперитет ќе биде постигнато преку заемна одговорност и отчетност на земјите во развој и развиените земји и преку увидување на посебните потреби на Африка;
- потребна е насочена акција за имплементирање на новиот консензус за безбедноста базиран врз согласноста дека заканите во денешнот свет се заемно условени, дека развојот, безбедноста и човековите права зависат едни од други, и дека ниту една држава не може самостојно да се заштити, заради што е потребен правичен, ефикасен и ефективен систем на колективна безбедност;
- усвојување сеопфатна конвенција за тероризмот до септември 2006, кога ќе се одржи 60. сесија на Генералното собрание;
- Советот за безбедност да усвои резолуција за употреба на сила, која ќе биде базирана на реафирмацијата на: членот 51 од Повелбата, централната улога на Советот за безбедност во доменот на мирот и безбедноста, правото на Советот за безбедност да употреби воена сила (вклучително и превентивно), да се зачува светскиот мир и безбедност вклучително во случаите на геноцид, етничко чистење и други злосторства против човештвото, и конечно кога ќе одлучува дали да употреби сила, да ги земе предвид петте критериуми на сериозност на заканата, соодветна цел, последна опција, пропорционалност и балансот на последиците;
- Советот за безбедност да формира Комисија за изградба на мирот;
- Советот за безбедност да се реформира врз основа на двата предлога (кои се идентични со предлозите во извештајот „Во побезбеден свет“);
- да се замени Комисијата за човекови права со помал постојан Совет за човекови права, како посебен орган, или помошен орган на Генералното собрание;
- да се прифати пакетот за реформи во управувањето со Секретаријатот, за подигнување на одговорноста, транспарентноста и ефикасноста на Секретаријатот;
- да се измени Повелбата на ООН со бришење на одредницата „непријателски држави“ во членовите 53 и 107, да се избрише членот 47 кој се однесува на Воениот комитет и неговото споменување во членовите 26, 45 и 46, и да се избрише поглавјето XI за Советот за старателство.

### *Заклучоци*

Најспорни предлози од двата извештаи се реформата на Советот за безбедност, усвојувањето на дефиниција на тероризмот и реформата на Комисијата за човекови права. Предложените промени на

Повелбата на ООН не се спорни, освен во делот на реформата на Советот за безбедност. Од предлозите на „Панелот“ Анан експлицитно не прифаќа два: за проширување на Комисијата за човекови права и за именување уште еден заменик-генерален секретар за мир и стабилност.

Реформата на Советот за безбедност својата контроверзност ја покажува и со фактот дека и Панелот што го изготви извештајот „Во побезбеден свет“ даде два предлога, а Генералниот секретар во својот извештај ги презеде и двата, оставајќи им на членките да избираат. Во двата предлога се земаат предвид желбите на постојните постојани членки дека правото на вето не смее да биде проширено и Советот не смее да стане неефикасен; а се остава простор и за безмалу сигурните пополнувачи на новите места на „високата маса“: Германија, Јапонија, Индија и Бразил, и веројатно за една или два од трите африкански потенцијални кандидати: Египет, Нигерија или Јужна Африка. Отворените прашања на предложената реформа на Советот за безбедност се дали тој станува порепрезнативен кога дури 3 од постојаните членки би биле од Европската унија; зошто да се земе предвид Германија, а не Италија, Индија а не Пакистан, Бразил а не Мексико или Аргентина; дали во Советот за безбедност треба да имаат постојано место држави кои самите можат да бидат закана за светскиот мир (Индија во трајниот спор со Пакистан).

Дефиницијата за тероризмот, иако имплицитно прифатена од Генералниот секретар во неговиот предговор на извештајот на Панелот, сепак не е предложена во неговиот извештај. Како и со дефиницијата за агресија, членките на ООН нема лесно да се согласат со едноставна дефиниција за тероризмот, особено имајќи предвид дека претставниците на арапските држави ќе бараат да се исклучат од таа дефиниција актите на Палестинците на окупираните територии, што пак веројатно ќе биде неприфатливо за други членки на Организацијата.

Комисијата за човекови права стана орган во кој државите членуваат за да се заштитат од негативните оценки во нејзините извештаи. Анан не се согласи со предлогот за нејзина реформа во тело со универзално членство, предложено од Панелот, што би значело церемонијален орган, туку бара нејзино укинување и формирање на мал и ефикасен Совет. Прашање е дали државите од муслиманскиот свет, кои западниот концепт на човековите права го препрочитуваат на поинаков начин, би сметале дека е тоа прифатливо решение.

Промените на Повелбата на ООН се можни со согласност на 2/3 од вкупнот број членки на Организацијата, вклучително и петте постојани членки на Советот за безбедност. Таа до сега била менувана три пати, и тоа еднаш со Резолуцијата 1990 на Генералното собрание во 1965, за проширување на бројот на непостојаните членки на Советот од

11 на 15, и зголемување на потребното мнозинство во Советот од 7 на 9 гласа, и два пати за промена на бројот на членови на Економско-социјалниот совет. Освен прашањето за реформата на Советот за безбедност, останатите предложени промени на повелбата кои се однесуваат на „непријателските држави“, Воениот комитет и Старателскиот совет ќе бидат само формализирано укинување на фактички веќе подолго време опсолетни одредби.

Наместо именување на нов заменик-генерален секретар, Анан смета дека со воведување на кабинетски начин на одлучување, Секретаријатот ќе стане подобар и во управувањето и во формирањето на одлуките. Анан е во право кога бара растечките обврски и очекувања на Секретаријатот да одат паралелно со подготвеноста на членките да му овозможат на Генералниот секретар да има поголеми овластувања во изборот и управувањето со човечките ресурси.

Во предговорот на „Во посигурен свет“ Анан истакнува дека на првите години од 21. век историчарите ќе се навраќаат како на одредувачки момент во човековата историја. Тоа не е повеќе точно за овие години отколку за кои било други. Разбирливо е што Генералниот секретар се обидува да ги натопи во патос своите предлози, кои во суштина се добри, и треба да се поддржат, но веројатно ниту тој самиот, со искуството што го има во Организацијата, не смета дека доколку сега не се реформира, ООН ќе стане неважен сегмент на меѓународниот систем.

Точно е дека сега има концентрација на услови кои одат во прилог на очекувањето дека реформата на ООН ќе се случи во 2005: симболизмот на новиот милениум што е сè уште присутен и во политичкиот говор и во документите со кои се предлагаат промените; посветеноста на Генералниот секретар да остави зад себе позитивен легат на реформатор; како и настаните по интервенцијата во Ирак и подготвеноста на САД да приложат кон посилна ООН која во моментов е во нивни интерес.

Но, реформите сами по себе ниту ќе ја спасат ниту ќе ја обесилат Организацијата. Таа ќе остане онолку силна колку што во секој даден момент нејзините членки, а особено нејзините најзначајни членки, ќе сакаат таа да биде. Затоа очекувањата од овие реформи не треба да бидат преголеми. Тие можат во еден дел да ја направат Организацијата формално подобро да функционира. Но, тие нема да влијаат врз суштинските прашања кои ја детерминираат нејзината иднина, и кои секогаш ќе останат дел од политиките на државите-членки.

**Abstract**

At the sixtieth anniversary of the formation of the first ever real universal organisation, the United Nations has an opportunity to transform more visibly than ever. Kofi Annan, the seventh Secretary General of the Organisation, has been pushing for vigorous reforms in the UN since the beginning of his first term in 1997. Now, he is pushing for their culmination, on the basis of two important reports: „In More Secure World" and „In Larger Freedom. These reports contain very reasonable and valid proposals, which deserve support. However, the reforms can not and will not make the United Nations stronger if the key members, and United States above all, do not want to see the Organisation relevant in todayís world.

# Името како стар повод

Ѓунер Исмаил

Во целата пост-биполарна, сега веќе слободно може да се каже, конфузија, се отворија сите можни актуелни и латентни теми за распоредот на силите и интересите во светот. И, како и многупати во историјата, едно од местата за соочување на интересите бидна Балканот. Се разви еден „богат“ контекст во којшто, не секогаш, работите беа читливи/разбирливи, а уште помалку, објасниви. Такво едно, необјасниво прашање е и грчкото „проблематизирање“ на името на Република Македонија!

Имено, откако балканските држави, со разбирливо задоцнување зад другите, согледаа дека во светот (ќе) се случуваат многу крупни промени, дали охрабрени, или пак автохтоно, на процесот на градење на новата архитектура на светот-му се придружија, без задршка, ама во многу случаи и без памет! Секоја со сопствените желби и потреби (интереси!), но и со нивните стари/нови заблуди, или, пак, прикриени агенди.

Распаѓањето на Југославија е една од клучните епизоди што мораат да се знаат за кон иднината, особено на Балканот, да може да му се пријде со доволно продуктивни размислувања и понудени решенија.

Најбитна е улогата на Србија и на нејзините елити. Имено, Милошевиќ (разбран како метафора) сосема јасно ги декларираше нејзините територијални и други амбиции и соодветно на тоа, настапи со груба воена сила. Во ова, иако денешните обиди за реконструкција одат тешко, од помош му беа многу екстерни фактори. Пред сè распаѓањето на советскиот модел во сите негови надземни и подземни елементи. Процес којшто речиси во целост го окупира вниманието на Запад, што пак на одреден начин предизвика многу неразбирања на она што се случуваше во бившата СФРЈ, многу тактизирања, многу нерешителност-одолговлекувања. Во исто време, бидејќи Балканот е всушност таков, со стотици (намерно) незатворени проблеми од минатото, се разбудија старите сојузи и апетити, остатоците на архаичните балкански империјализми, како и страв дека, при некаков нов распоред на сили и интереси, ќе останат со куси ракави! Српските потфати, освен потполно негативниот биланс на нивната вкупна сметка, предизвикаа и други ефекти. Србија од целата таа авантура, излегува таква и толкава, сообразно на „планот“, за којшто во Србија сè уште нема, ниту на повидок, свест за колосалноста на заблудата и (само)измамата, туку сосема спротивното (СПЦ, САНУ акции и сл.). Од друга страна, процесот на дисолуција на Југославија ги втурна федералните единици во забрзување на нивното, нужно, осамостојување и градење на неза-

висни државни организми, со помал, или пак поголем успех. Тие, сообразно на историското наследство, квалитетот на политичките елити, успеаја да се конституираат како слободни, независни и просперитетни држави, што подразбираше промовирање на дотогашните внатрешни граници, како граници на незвисни држави. Така се случи и со Македонија.

Македонија, како своевиден парадокс, од првите, можеби и најтешки години, на дисолуцијата, успеа да излезе без да ѝ се случат воени дејствија, ама затоа цената што ја плати и сè уште ја плаќа е неколкукратно поголема, отколку, да речеме, што ја платија Чешка и Словачка, при „спогодбениот развод“!

Кои беа и сè уште се причините заради кои Македонија проодува тешко, а заканата за помала, или пак поголема нестабилност, сè уште и стои над главата?

Најважната, секако, е дисолуцијата на Југославија, чијшто центар може да се лоцира во процесите планирани и водени од нивното, фигуративно речено, белградско седиште. По седумдесет и нешто години заеднички живот дисолуцијата, дури и да беше „спогодбена“, ќе беше тешка и ќе имаше цена. А во случајов, станува збор за насилна дисолуција, со сите нејзини придружни елементи, кои не подразбираат само воени дејствија. Особено кога се има предвид т.н. јужна патека на настаните.

Нагласивме веќе. Создавањето на новата архитектура на светот, балканските држави ги фрли, речиси буквално, во процес на преиспитување на нивната дотогашна позиција во глобални рамки. Бугарија, Романија, Албанија релативно лесно ги разрешија нивните тешкотии со гео-политичките ориентации, разбирајќи дека патеката НАТО-ЕУ, со посебна нагласка на (про)американскиот ангажман е, барем според историските (непријатни) искуства, најпродуктивна! Тоа не значи, или пак не значеше дека потполно ги истресле од себе вошките на старите амбиции, или поточно речено, сосема е извесно дека нивните администрации сè уште чуваат некакви скромни резерви за некаква поинаква, идна и можна слика на светот.

Грција пак, длабоко заробена во еден навистина контрадикторен концепт за Византија која не е никаде, а ако се може, сака да биде и Исток и Запад, користејќи ги позициите во НАТО, а особено во ЕУ, се промовира во еден импозантен извор на кризи и дестабилизации, не само за малите (како Македонија, на пример) туку и за оние кои имаат поголеми и сосема реални амбиции на гео-политичката карта. Пред сè, САД.

### *Што се случи и каде е одговорот за идните состојби?*

Многу едноставно. Грција, на крајот на дваесеттиот век, во балканските конвулзии фати да се однесува како да е на почетокот на дваесеттиот век! Значи, како да го нема искуството на Балканските војни, на двете светски војни, на „нивната“ граѓанска војна. Ништо.

Охрабрена од еден лицемерен механизам на кохезија во ЕУ, поддржана од една моќна иселеничка дружина во САД, се промовира во главен сојузник на седиштето на дисолуцијата на Балканот (!), погоре, како работна хипотеза, лоцирано во Белград! Сосема разбирливо е дека, во недостиг на каква било реална причина, ама и повод, го „смисли" името на Република Македонија, како повод за подоцнежни, многу посуштински и за мирот на целиот Балкан, загрозувачки операции! Оската Белград-Атина, која никогаш не престана да биде оска, дури и во времето кога постоеше СФРЈ, веројатно заради кусогледоста, или, пак, заради некои егоистични интереси на словенечките, хрватските и другите „браќа" во Федерацијата, профункционира во сите нејзини варијации. Уследија блокади, а соодветно на тоа организирана криминализација (метастазирање!) на кревкиот организам на, не само на Македонија, туку и по целиот Балкан.

Тука некаде, во старите апетити, во илузијата дека може да се биде некоја нова „итра" Швајцарија на море, се крие и тајната на иднината на измислениот спор со името, со којшто, пред сè Запад се става во улога на некој којшто не разбира за што станува збор, ама и не е свесен за крвавите последици, за сите! Значи, не само што Грција на еден нов начин го демонстрира целиот нејзин капацитет да го загрозува мирот, влегувајќи и во сојузи (Милошевиќ) од кои на нормалниот граѓанин на Запад му се дига коста на главата, туку сосема еклатантно ги злоупотребува механизмите на НАТО и ЕУ, со нивно ставање во функција на дестабилизација на Балканот. Македонија е само дел на Балканот, ама нејзината нестабилност, постојано расклатување, има регионални импликации.

Ете, тоа е перспективата на темата со името. Македонија се обидува тоа да им го објасни на западните држави. Проблемот и решението се на едно место. Во Грција, бидејќи Македонија веќе нема каде и нејзините капацитети се толкави. Таа може да произведува мир и стабилност-толку! А, со оглед на тоа што допрва ќе се разрешува комплексот Косово/Србија, сосема е јасно дека сојузниците (западни и источни) на Грција, мораат да ја разберат сета сериозност на „проблемот" со името и да го затворат што поскоро, пред какви било потфати со Косово. Србија и Грција умеат и доволно се вешти при такви ситуации, да „прелеваат" кон Македонија! Тоа е целата приказна за решенијата и перспективите. Македонија, тука може да помогне само со смирувачки тонови. Ако ова се разбере и ако не се биде кусоглед, перспективите, дури и за Грција, се сосема изгледни.

**Abstract**

As many times in the history the Balkan was once again a place where different interests were fronted. As one of the unexplained questions was the Greek dispute with the name of the Republic of Macedonia.

The break down of Yugoslavia is one of the key factors which must be known for the creation of the future solutions which will be given especially for the Balkans.

The break down of Yugoslavia forced the federal states to accelerate the process of creation of the new independent states, for one that was more successful process for the others was less successful.

Macedonia as one kind of paradox in the first maybe the most difficult years of the break down succeed to exit without any kind of military actions on its territory. But the price which has been paid and the price that Macedonia is still paying is couple of times higher than for example the price which has been paid by the Czech Republic and Slovakia with their „divorce".

In this text the author is giving the reasons from which Macedonia still makes its first steps very hard and marks that the threat of bigger or smaller destabilization is still on.

# Независност - опција за (не)решавање на конечниот статус на Косово

Сашо Додевски

Решавањето на конечниот статус на Косово е актуелно прашање со кое веќе неколку години се занимаваат многу научници, политичари, политички аналитичари, новинари, како и многу владини и невладини институции, универзитети, истражувачки центри итн. При анализите поврзани за решавањето на конечниот статус на Косово најчесто споменувана опција е конституирање на Косово како посебна независна држава, како трајно решение за ова прашање, како најдобар начин за стабилизирање на Косово, и воопшто просторот на Балканот. Притоа, речиси и да не постои адекватно образложение, како и на кој начин тоа ќе се случи и кои би биле последиците од таквото решение. Токму тоа ќе биде целта на потписникот на овој текст, да се обиде колку е тоа можно, да даде адекватно образложение во врска со ова прашање. При анализата, во овој контекст, ќе биде искористено стекнатото искуство од просторот на поранешна Југославија, односно, постапката (политичка и правна) и фазите низ кои поминаа поранешните југословенски републики при нивното конституирање, стекнување на независност и меѓународно признавање како посебни независни држави, понатаму, ставот, концептот и пристапот на меѓународната заедница, првенствено на тогашната Европска заедница во тој однос, преку компаративна анализа и комбинација на повеќе прашања од меѓународно-политички и правен карактер, со акцент, треба ли низ целата таа исклучително комлицирана процедура да помине и Косово, при решавањето на неговиот конечен статус, како дел од територијата од поранешна Југославија.

Искуството од просторот на поранешна Југославија во врска со стекнувањето на независност на поранешните југословенски републики, покажува дека тој процес се одвиваше во повеќе фази и преку определена постапка (политичка и правна) со примена на неколку значајни елементи и со одлучувачко учество и влијание на ЕЗ во тој процес.

Иако, за да постои држава, меѓународното право предвидува правни критериуми за постоење на државата: постојано население, дефинирана територија, суверена власт, правен капацитет да влегува во односи со други субјекти на меѓународното право (независност) и волја да ги почитува основните начела и норми на меѓународното право[1], во случајот со поранешна Југославија, беа поставени допол-

[1] Љ. Д. Фрчкоски, В. Тупурковски, В. Ортаковски, *Меѓународно јавно право*, Скопје, Табернакул, 1995, стр. 54.

нителни критериуми, претставени преку ставот на меѓународната заедница, односно, нејзиниот мандатор во поглед на разрешувањето на југословенската криза, лапидарно формулирана во Декларацијата за Југославија, која вонредниот министерски состанок на ЕЗ ја усвои на 16.12.1991 година. Со Декларацијата за Југославија, ЕЗ им се обрати директно на југословенските републики за секоја од нив индивидуално, а не во пакет, да ги прифатат условите и добијат меѓународно признавање. Во неа ЕЗ изјавува дека ќе бидат признати сите југословенски републики кои ќе ги исполнат следните услови:

- сакаат да бидат признати како независни држави. Овој услов бара посебна експликација, дали кој било нов ентитет ќе појави желба да функционира како суверен субјект на меѓународното право, секогаш е прашање на волјата на населението кое живее во соодветната, прецизно лимитирана територија. Во конкретниот случај, како израз на несомнено изразената волја на населението во овој правец, се сметаше легитимно спроведениот референдум.[2]

На сите овие прашања формулирани во специјален прашалник требаше да одговорат оние републики кои изјавија желба да бидат признати како независни држави.[3] Одговорите на овие прашања аргументирани со релевантни документи, пред сè, на внатрешно-правните поредоци на соодветните држави, во вид на барање за признавање на независноста требаше да ѝ бидат доставени преку претседавачот на конференцијата за Југославија на специјална арбитражна комисија на чело со Роберт Бадинтер, за таа да даде соодветно мислење пред моментот на примената на одлуката презентирана во Декларацијата за Југославија на 15.01.1992 година.[4]

---

[2] Овој став на ЕЗ беше формулиран по неуспехот на Хашката конференција за Југославија, под водство на претседателот на конференцијата, лорд Питер Карингтон, која требаше да понуди решенија за мирно решавање на југословенската криза. Покрај овој услов ЕЗ формулира и други услови како: прифаќање на сите обврски содржани во критериумите за признавање на новите држави, односно, почитување, без никаква дискриминација, на сите права загарантирани со одредбите од Универзалната декларација за човековите права на ООН, документите на КЕБС, Завршниот акт од Хелсинки и Париската повелба, особено кога се во прашање правната држава, демократијата и човековите права, гарантирање на правата на етничките и националните групи и малцинства, почитување на неповредливоста на границите, поддржување на напорите на Генералниот секретар на ООН и продолжувањето на конференцијата за Југославија како еден од доказите дека искрено се залагаат за консеквентно разрешување на југословенската криза..., а подоцна, во случајот на Р. Македонија и промена на одредени членови од Уставот на Р. Македонија..., поопширно кај, (Петрушевска Т., *Меѓународното признавање на новосоздадени држави и европските парадокси на прагот на XXI век*, Балкан Форум, год. 3, бр. 1(10), Скопје, НИП Нова Македонија, 1995, стр. 6-7 и Стојковиќ М., *Балкански уговорни односи 1876-1996*, том III, Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 1999, стр. 523-526).

[3] Според одлуката на министерскиот совет на ЕЗ, до 23.12.1991 година, тоа го стори ја Р. Словенија, Р. Македонија, Р. Хрватска и Р. Босна и Херцеговина. Дополнително тоа го сторија и Р. Косово и Р. Српска Краина, но нивните пријави воопшто не беа разгледувани бидејќи Декларацијата за Југославија, беше експлицитно адресирана до државите кои согласно уставот на СФРЈ од 1974 година, имаа статус на републики, квалитет кој Косово и Краина очигледно на го поседуваа. Така формулираниот услов всушност ја исклучуваше можноста за т.н. етничко самоопределување. СРЈ инсистирајќи на државно-правен континуитет со СФРЈ, барање за меѓународно признавање не упати. (Петрушевска Т., *цит. дело...,* стр. 7-8).

[4] Со оваа Декларација од 15.01.1991 година, членките на ЕЗ ги признаа Р. Словенија и Р. Хрватска како независни држави. Инаку, Арбитражната комисија или според претседателот Роберт Бадинтер се нарекува и Бадинтерова комисија, беше основана со Декларацијата на министерскиот состанок на ЕЗ од 27.08.1991 година. Комисијата беше составена од пет членови претставници на уставните судови (судии) на земјите-членки на ЕЗ. Комисијата е формирана на 7.09.1991 година, со задача како советодавен правен орган (тело) да ја проучи ситуацијата во секоја република поодделно, и да го презентира сопствениот став за тоа дали вопшто, некоја од југословенските републики и доколку е така, која од нив ги исполнува, спомenатите услови. Својот став комисијата требаше да го проследи до ЕЗ. Мислењето на комисијата немаше задолжителна сила за ЕЗ, туку исклучително советодавен карактер, (Петрушевска Т., *цит. дело...,* стр. 8, Стојковиќ М., *оп. цит.,* стр. 554).

Следејќи ја постапката при конституирањето на југословенските републики како независни држави, согласно овие критериуми, можеме да констатираме дека населението кое живееше во овие републики, јасно ја изрази својата волја републиките да бидат признати како независни држави. Оваа волја тие ја изразија во низа документи усвоени од националните иститутции, согласно нивните внатрешно-правни поредоци. Во прилог ги спомнуваме само дел од тие релевантни документи, во Р. Македонија, Декларација за сувереност на Р. Македонија од 25.01.1991 година и Декларација за сувереност и самостојност од 17.12.1991 година..., во Р. Словенија, Уставна повелба за самостојност и независност на Р. Словенија од 23.12.1990 година..., Р. Хрватска, Уставна одлука и Декларација за сувереност и независност на Р. Хрватска од 25.06.1991 година..., Р. Босна и Херцеговина, Меморандум (Писмо за намери за суверена Босна и Херцеговина) од 14.10. 1991 година...[5]

Речиси во сите овие документи, меѓу другото, покрај силно изразената волја за самостојност, сувереност и независност, еден од суштинските принципи на кој се повикуваа републиките беше принципот или правото на самоопределување на народите како основно право при формирање на државите. Но, усвојувањето на овие документи не беше доволно, и оваа силно изразена волја за независност требаше да биде потврдена на референдум како демократски начин на изразување на волјата на граѓаните (патем, референдумот го распишува институција која има надлежност да донесе таква одлука). Референдуми за независност беа одржани во сите четири републики, на 23.12. 1990 година во Р. Словенија, плебисцит за самостојност и независност, на 19.05.1991 година во Р. Хрватска референдум за независност, на 8.09.1991 година во Р. Македонија референдум за независност, на 1.03.1992 година во Р. Босна и Херцеговина референдум за независност. По донесувањето на овие документи и организирањето и изјаснувањето на граѓаните ЗА независност на републиките на овие референдуми и по поминатата цела таа комплицирана процедура, ЕЗ воспостави различен пристап во однос на признавањето на независноста на четирите републики, притоа, и покрај мислењето на Бадинтеровата комисија, според која единствено Р. Македонија и Р. Словенија ги исполнуваа условите за меѓународно признавање, Р. Македонија не беше призната, а беа признати Р. Словенија и Р. Хрватска, а подоцна и Р. Босна и Херцеговина како независни држави.[6]

Се поставува прашањето, дали претходно споменатите фази и комплицираната процедура низ која поминаа југословенските републики при стекнувањето на нивната независност со исполнување на овие критериуми и елементи, како мирен, легален и демократски начин, треба да се примени во (не)решавањето на конечниот статус на Косово, како

[5] Стојковиќ М., *оп. цит.,* стр. 474-475, 475-477, 477-482, 487-488.

[6] Петрушевска Т., *цит. дело...,* стр. 9-12, Стојковиќ М., *оп. цит.,* стр. 474-475, 475-477, 477-482, 487-488, 537-554.

дел од територијата на поранешна Југославија!?

За да се одговори на ова прашање, прво, потребно е да се појде од моменталниот статус на територијата на Косово. Како што е познато, Косово е територија која се наоѓа под привремена меѓународна управа на ООН. Оваа меѓународна управа беше воспоставена по воената интервенција на НАТО врз СРЈ (март-јуни 1999 година), кога, од страна на Марти Ахтисари како претставник на ЕУ и Виктор Черномирдин како специјален претставник на претседателот на Руската федерација, беше предложен т.н. „мировен план" за решавање на косовската криза. Согласно внатрешно-правниот поредок на СРЈ и Р. Србија, овој „мировен план" беше прифатен од Владата на СРЈ и Собранието на Р. Србија на 3.06. 1999 година. Најголемиот дел од одредбите од овој „мировен план" се содржани во Резолуцијата 1244, усвоена од Советот за безбедност на ООН на 10.06.1999 година. Согласно одредбите од оваа Резолуција, беше воспоставена привремена администрација на територијата на Косово, која има мандат, со согласност на властите на СЦГ, односно, Р. Србија, само привремено да управува со таа територија до решавање на конечниот статус, а територијата на Косово и понатаму останува дел од територијалниот интегритет на СЦГ, односно, Р. Србија,[7] впрочем, самото име на мисијата го кажува тоа, УНМИК-United Nations Interim Administration Mission in Kosovo. Значи, привремената администрација на Косово, нема мандат да решава за прашања, како што се конечниот статус на територијата со која таа мисија привремено управува, или, пак, да учествува во обележување на границата со Р. Македонија, на пример.

Понатаму, несомнено е дека мнозинското албанско население на Косово има силно изразена волја, Косово да се конституира како посебна независна држава, на што секако има политичко право. Но, покрај силно изразената волја на албанското население на Косово за независност, дали може да се повика на правото на самоопределување (на што се повикуваат привремените власти на Косово) како едно од фундаменталните права при конституирањето на новите држави, односно, како ќе ја образложи и оправда независноста на државата!? Во овој случај, тоа не би можело да се случи, бидејќи веќе еднаш тоа право на самоопределување од албанскиот народ е искористено при конституирањето на државата Албанија во 1912 година. Исто така, се поставува и друго прашање, доколку Албанците на Косово можат да се повикаат на правото на самоопределување при конституирањето на независна држава Косово, тогаш по истиот основ на тоа право може да се повика српското население на

[7] Територијата на Косово, според член 60 од Уставната повелба на државната заедница на Србија и Црна Гора, останува дел од територијата на Р. Србија и во случај на истапување на државата Црна Гора од државната заедница СЦГ, меѓународните документи кои се однесуваат на СРЈ, посебно Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН, во целост ќе се однесува и ќе важи за државата Србија, како нејзин наследник. Како меѓународна гаранција на овој член од Уставната повелба, стои потписот на Високиот претставник за надворешна и безбедносна политика на Европската унија, Хавиер Солана., *(http://www.gov.yu/start.php?je=s&id=34).*

Косово, односно, правото да се самоопредели да остане во состав на Р. Србија!? Како илустрација, мислењето на Бадинтеровата комисија која на прашањето: дали српското население во Р. Хрватска и во Р. Босна и Херцеговина, како конститутивен народ во Југославија, го ужива правото на самоопределување, констатира дека: *„Комисијата смета дека во оваа фаза од развојот на меѓународното право, тоа не ги прецизира сите последици од правото на самоопределување. Сепак, какви и да бидат околностите, правото на самоопределување не може да доведе до промена на граници кои постојат во моментот на независност (uti possidetis juris) освен во случај да државите поинаку не се договорат“*!?[8]

Но, и во случај и да се прескокне овој елемент, следната фаза е референдум. Дали на Косово воопшто може да се организира референдум за независност и кој има надлежност да го распише!? Во овој момент, ниту привремената администација на ООН, ниту привремените институции на Косово, според привремената уставната рамка за самоуправа на Косово донесена на 15.05.2001 година, т.е. претседателот, Собранието и Владата на Косово (иако тие изјавуваат дека ќе организираат референдум за независност), немаат надлежност да распишат референдум за независност, бидејќи таа територија формално-правно е дел од државниот и територијалниот интегритет на СЦГ, односно, Р. Србија. Формално гледано, според правниот поредок на Р. Србија, односно, според Уставот на Р. Србија,[9] на Косово како дел од територијта на Р. Србија, може да се распише референдум, во случајов референдум за независност на Косово, но, откако властите на Р. Србија ќе дадат согласност за тоа, односно, Собранието на Р. Србија ќе донесе одлука, дали референдумот ќе се организира на целата територија на Р. Србија или само на територијата на Косово, дури потоа, Советот за безбедност на ООН, да донесе Резолуција со која ќе го овласти или Специјалниот претставник на Генералниот секретар на ООН на Косово, или некоја од привремените косовски институции да распишат референдум за независност, на кој граѓаните ќе се изјаснат за конечниот статус на Косово и ќе ја потврдат силно изразената волја за независност. По тој принцип, зашто, пак, да им се оневозможи правото на Србите на Косово да организираат референдум, на кој тие би се изјасниле да останат во составот на Р. Србија, или референдум на Србите, Хрватите и муслиманите во Р. Босна и Херцеговина да формираат независни држави, или да се присоединат кон други држави!? Со голема веројатност може да се претпостави дека такво нешто на може да се случи, дека ниту еден состав на Собранието на Р. Србија, не би донело таква одлука, ниту пак која било институција во Р. Србија би се согласила со такво нешто.

[8] Поопширно кај., Стојковиќ М., *оп. цит.,* стр. 539-540, Мислење бр. 2-Право на самоопределување.

[9] Според Уставот на Р. Србија донесен во 1990 година, Народното собрание на Р. Србија, согласно член 73, во однос на територијата на републиката, има надлежност да утврдува предлог-одлука за промена на границата на Р. Србија, да ја утврдува територијалната организација на Р. Србија, да распишува републички референдум..., *(http://www.parlament.sr.gov.yu/content/cir/akta/ustav/ustav_ceo.asp).*

Покрај овие формални пречки при (не)решавањето на конечниот статус на Косово, посебен дел претставуваат, покрај правните критериуми (можеби некои делумно Косово ги исполнува), согласно меѓународното право и дополнителните критериуми, кои требаа да ги исполнат поранешните југословенски републики при стекнувањето на нивната независност во 1991 година, односно, нивната примена на Косово, како на пример, заштита, унапредување и почитување на човековите права, правна држава, развој на демократијата, заштитата на правата на малцинставата..., формулирани во т.н. „Стандарди за Косово“[10] кои се однесуваат на функционални демократски институции, владеење на правото, слобода на движењето, враќање на раселените лица и права на заедниците и нивните членови, економија, сопственички права, дијалог, косовски заштитен корпус. До каде е (не)имплементацијата на овие стандарди, најдобро говори последниот извештај за Косово на Генералниот секретар на ООН Кофи Анан, од 23.05.2005 година, претставен пред Советот за безбедност на ООН: *„загрижен сум што остануваат недостатоците во клучните приоритетни области во спроведувањето на стандардите. Стандардите се над сите цели и сами по себе се мерило на политичката зрелост на Косово и подготвеноста на неговото раководство и население да создаде основи за одржливо мултиетничко, демократско општество, во кое ќе живеат сите без страв и со достоинство“*. Кофи Анан понатаму констатира: *„ниту еден од осумте стандарди, кои меѓународната заедница ги поставила на Косово, не е во целост исполнет, а изразува загриженост за слабото враќање на бегалците и раселеното население“.*[11]

Но, и во случај да се прескокне целата оваа постапка, сите овие елементи и сите овие фази и да се надминат сите овие формално-правни пречки, да се изнајде некоја друга формална постапка и политички начин Косово да се конституира како посебна држава, на пример, преку еднострано признавање на независноста на Косово од некоја/и држава/и, независниот статус на Косово, воопшто нема да доведе до решавање на проблематичните состојби на Балканот и воопшто нема да придонесе за стабилизација на овој регион. Оваа позиција со сигурност ќе предизвика, во блиска или подалечна иднина, повеќе негативни последици за регионот во кој непосредно ќе бидат вклучени неколку држави.

По конституирањето на Косово како независна држава, ќе треба да ги потврди сите правни критериуми за постоење на држава. Меѓу дру-

[10] „Стандарди за Косово“ овој документ беше претставен пред јавноста на 10.12.2003 година во Приштина. Со овој документ за зацртуваат некои основни стандарди кои мора да се исполнат, за потоа да може да се разговара за конечниот статус на Косово. За реализација на овие стандарди на 31.03.2004 година, е претставен и т.н. План за примена на стандардите на Косово (Kosovo Standards Imlementation Plan-KSIP) со кој се даваат насоките за достигнување на стандардите, односно, операционализацијата на овој проект., *(www.unmikonline.org).*

[11] *www.a1.com.mk/vesti/vest.asp?vestID=46898.* Генералниот секретар на ООН Кофи Анан, ќе именува свој специјален претставник, кој ќе има за цел, детално да процени, дали Косово ги исполнува предвидените стандарди, како услов за започнување на разговорите за конечниот статус на Косово. Според највите, тоа ќе биде, Каи Аиде, амбасадор на Норвешка во НАТО.

гите, ќе треба да ја утврди државната територија и разграничи и обележи државната граница со соседните држави, бидејќи ќе има само определива и необележана државна граница. Во тој процес ќе треба да преговара со, засега, две држави и четири влади и тоа со СЦГ и Р. Македонија, односно, властите на СЦГ, властите на Црна Гора, властите на Р. Србија и властите на Р. Македонија. Независната држава Косово ќе има потполно право да преговара со нив околу утврдувањето и обележувањето на државната граница. Може со сигурност да се претпостави дека властите на Косово (привремените власти на Косово тоа отворено го најавуваат) нема да прифатат утврдување и обележување на постоечките граници на Косово како конечни државни граници. Тие сигурно ќе бараат промени на државната граница кон Црна Гора во делот со Косово во регионот на Плав и Гусиње, каде живее албанско население, со цел оваа територија да влезе во државната територија на Косово. Со голема веројатност може да се претпостави дека властите на новата држава нема лесно да се откажат и од териториите каде живее албанско население, односно, од т.н. Источно Косово или регионот на Медвеѓа, Бујановац и Прешево и оваа територија да биде вклучена во рамките на државната територија на Косово. Властите на Косово, исто така, ќе бараат промени и на границата на Косово со Р. Македонија и територијални отстапки од Р. Македонија во корист на Косово, за што сведочат и изјавите на привремените власти на Косово и покрај тоа што, единствено за оваа државна граница има потпишано билатерален меѓудржавен договор меѓу Р. Македонија и СРЈ.[12]

Покрај прашањето за државната граница, со стекнувањето на статусот независна држава, бидејќи ќе дојде до територијални промени и промени на територијалниот суверенитет и државните граници, властите на новата држава ќе имаат потполно право да побараат активирање на правниот институт сукцесија на државите. Што ќе биде предмет на сукцесија меѓу двете држави Косово и СЦГ или само Р. Србија, кога ќе започнат преговорите во врска со сукцесијата, каква ќе биде динамиката на преговорите, и на крајот, што ќе биде договорено во врска со тоа, ќе треба дополонително да се договара и утврдува. Како илустрација, во врска со ова, привремените власти од Косово како и некои професори од универзитетот во Приштина веќе најавуват дека тоа ќе се случи, па макар се работело за само една зграда која му припаѓа на Косово.

Исто така, со голема веројатност може да се претпостави дека како последица од стекнувањето на статусот независна држава Косово, ќе дојде до сигурно распаѓање на федерацијата Босна и Херцеговина, државната заедница на Србија и Црна Гора и со сериозни територијални последици и промени во внатрешно-правното уредување на Р. Македонија.

---

[12] Договор меѓу Р. Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница., (*Службен весник на РМ 19/01*).

Во овој контекст, се поставуваат повеќе прашања, дали меѓународната заедница е подготвена да си создаде уште еден дополнителен проблем, да влезе во нови авантури во врска со конечниот статус на Косово како независна држава, дали не ѝ се доволни овие авантури кои досега ги имаше и сè уште ги има, да троши допонителна енергија, луѓе и финансиски средства како медијатор во преговорите помеѓу властите на претходно спомenатите држави за решавање на овие прашања, имајќи ја предвид, на пример, потрошената енергија, време и финансиски средства при постигнувањето на Дејтонскиот договор или преговорите за сукцесија помеѓу државите наследнички на поранешна Југославија и уште повеќе во услови на можно распаѓање на државната заедница СЦГ и последиците кои од тоа би настанале, понатаму, нерешени територијални спорови, непостоење на билатерални меѓудржавни договори и неутврдени и необележани државни граници помеѓу СЦГ и Р. Босна и Херцеговина, СЦГ и Р. Хрватска, Р. Босна и Херцеговина и Р. Хрватска, Р. Хрватска и Р. Словенија итн!?

Конституирањето на Косово како независна држава, меѓу другото ќе значи и пропаѓање на концептот и пристапот на меѓународната заедница кон кризата во поранешна Југославија во изминативе петнаесетина години, притоа вложувајќи големи човечки, воени и финансиски средства, недозволувајќи и покрај силното инсистирање за етничко самоопределување и созадавање на српска држава во Р. Хрватска, создавање на три држави во Босна и Херцеговина, српска, хрватска и муслиманска и нејзината решавачка улога во кризата во Р. Македонија во 2001 година. Кое би било образложението и на крајот оправданието од таквото решение на меѓународната заедница за создавање на независна држава Косово и создавање втора или две албанска држава/и на Балканот, правејќи со тоа еден своевиден преседан, албанскиот народ да биде единствениот народ во Европа кој ќе има две независни држави!?

Засега може да се претпостави дека меѓународната заедница, пред сè властите на САД, кои ќе имаат решавачка улога во однос на решавањето на ова прашање, а другите меѓународни фактори само ќе го следат нивниот став, во овој момент, според дипломатските сигнали кои ги упатуваат, најверојатно не се подготвени да влезат во нова авантура, наречена независна држава Косово со сите овие последици што следат.

Позицијата на САД во однос на конечниот статус на Косово, може да се претпостави од дипломатските сигнали упатени од официјални претставници на администрацијата на САД. Потсекретарот за политички прашања во Стејт Департментот на САД, Николас Барнс на седницата на Одборот за надворешно-политички односи при Претставничкиот дом на Конгресот изјави дека: *„САД не зазеле став за тоа дали Косово треба да добие независност, но имаат намера да им помогнат и на двете страни да преговараат за конечниот статус на покраината и да поднесат решение пред ООН до крајот на 2006 го-*

*дина“*.[13] Сигнали за позицијата на САД во однос на конечниот статус на Косово, повеќе пати се изнесени преку портпаролот на Стејт Департментот, Ричард Баучер, *„Веруваме дека за мирен Балкан неопходно е сите држави во регионот да имаат добри односи, што во однос на Косово бара напредок кон зацртаниот план на Обединетите нации. САД не ги интересираат, ниту поддржуваат, туку се спротивставуваат на секоја промена на границите во регионот“*[14], што значи, создавањето на нова држава во регионот ќе значи промена и создавање на нови државни граници, а тоа е во спротивност на оваа позиција на САД.

Како заклучок може да се констатира дека за конечниот статус на Косово решение ќе се бара преку политички преговори со примена на определена формална процедура, со вклученост на сите заинтересирани страни, преговори кои треба да доведат до статус кој нема да значи конституирање на независна држава Косово, туку „определен“ статус, формално во рамките на СЦГ, односно, Р. Србија.

[13] Изјава на потсекретарот за политички прашања на Стејт Департментот на САД Николас Барнс пред Одборот за надворешно-политички односи при Претставничкиот дом на Конгресот на 18.05.2005 година., *(www.a1.com.mk/vesti/vest.asp?vestID=46648).*

[14] Изјава на портпаролот на Стејт Департментот на САД, Ричард Баучер изнесена на прес-конференција одржана во Вашингтон на 1.02.2005 година., *(www.a1.com.mk/vesti/vest.asp?vestID=42397).*

**Abstract**

Resolving of the final status of Kosovo is an issue of interest of many institutions and individuals. The most used option for final status of Kosovo is independence, as the best way for stability for Kosovo and the Balkan at whole. But, should Kosovo to obtain independence, as territory of former Yugoslavia, to pass whole complicated legal procedure (as additional condition for recognition issued by European Community, national documents adopted by national institutions, opinions by Badinter Commission, call of right of self-determination, organizing of referendum as a democratic way, population to express their will for future status of those territory) which pass another former Yugoslav republics, trough the process of their independence and final question is, this status will resolve problems on the Balkan! Kosovo to obtain independence on legal and democratic way exists many legal and political obstacles related with this before marked elements.

But, if Kosovo obtain independence out of this procedure, unfortunately, independence status of Kosovo would not resolve problems on the Balkan, because this status will open a few new problems and implications as state borders, succession issue, destabilization and possible disintegration of the

state union of Serbia and Montenegro and federation of Bosnia and Hercegovina and with serious interior problems in Macedonia. International community, first of all in this context position USA, there are not prepare to accept this „adventure" call independence Kosovo state. Solution for this issue will be found trough process of political negotiations between concerned sites with assistance of international community with result „determined" final status, formal in the state union Serbia and Montenegro.

# Името Македонија

Ѓорге Иванов

На 11 јануари 1992 година, арбитражната комисија составена од претседателите на уставните судови на пет западноевропски земји, со која претседаваше Роберт Бадинтер, го објави својот извештај и го достави до лорд Карингтон, претседавач на Конферецијата за Југославија, до Претседателството на Европските заедници во Лисабон, до владите на земјите - членки на ЕЗ и до Европската комисија во Брисел.[1]

Според овој извештај, од сите дотогашни југословенски републики, единствено Словенија и Македонија ги исполнуваа условите за независност. Дванаесетте членки на Европската заедница, наспроти ставот на арбитражната комисија формално ги призна Словенија и Хрватска како независни држави, а го одложи признавањето на Македонија.

Одложувањето на признавањето на македонската независност, според написите во медиумите, ќе биде израз на големиот дипломатски успех на грчкиот премиер Константин Мицотакис. Тој во почетокот на јануари ги посетил сите поважни престолнини за да ги потсети Европејците на ноторната вистина дека народот што е разделен со вештачка граница, секогаш се стреми кон соединување, дека независноста на Македонија ќе ги инспирира на обединување и северните жители на Грција.[2]

И покрај тоа што Република Македонија ќе биде принудена да го промени својот Устав и да изгласа два амандмана[3]; иако во спомнатиот извештај на арбитражната комисија стои дека ... употребата на името „Македонија“ не би требало да подразбира никакви територијални претензии на сметка на некоја држава..., до ден-денес Република Македонија се соочува со наметнатиот проблем од страна на Република Грција, поврзан со нејзиното име Македонија.

Почнувајќи од 1992 година, сите влади, министерства, медиуми, дипломатски претставништва, кул-

[1] На 16 декември 1991 година на состанокот на врвот на ЕЕЗ е донесена Декларација за Југославија во која се одредуваат условите под кои ќе бидат признаени новоформираните независни држави.

[2] Грчката влада незадоволна од извештајот на Бадинтеровата комисија, преку Антонис Самарас грчкиот министер за надворешни работи, упати писмо до сите шефови на дипломатиите на членките на ЕЕЗ со следната содржина „...Грција ја имаше можноста во подробности да ѝ предочи на скопската делегација поради што терминот „Македонија“, доколку биде употребен во името на Република Скопје, не може да биде прифатен, бидејќи сам по себе носи експанзионистичка боја. Всушност, како што веќе објаснив, Скопје за да ги реализира подобро експанзионистичките планови го злоупотреби македонското име и произволно го претвори во национално име на својата словенска држава. Горново станува уште попредизвикувачко ако се има предвид дека географското подрачје на Македонија се простира меѓу четири граници: во Грција (51%), во Бугарија (9,5%), Албанија (0,15%) и во Југославија (39%). Така присвојувањето на македонското име на идната Република ја содржи чистата порака, дека правната компетенција на Републиката се проширува и врз македонските области во соседните земји. Не треба да се заборави драги колеги, дека македонското име е дадено од Тито во еден период, кога Москва бараше излез на Егејско Море...“.

[3] Амандман бр. 1.: Република Македонија нема никакви територијални претензии спрема соседните држави.
Амандман бр. 2.: Република Македонија нема да ги повреди суверените права и нема да се меша во внатрешните работи на други држави.

турни институции, насекаде низ светот ќе бидат преплавени со грчки пропагандни материјали за *грчкото етничко, културно и историско право на името Македонија.* Низ цел свет ќе се организираат масовни демонстрации на Грците против користењето на името Македонија од страна на кој било, освен Грците. Така на пример, платениот оглас во Њујорк Тајмс од 26 април 1992 година наведува: Македонија била грчка 3000 години; Комунистичкиот лидер Тито во 1944 година на Јужна Србија ѝ го дал името Македонија; не постои никаква словенска Македонија; Грција има најхомоген етнички состав на светот (98,5% се Грци); Македонија е неделив дел од културното наследство на Грција и таа не може да се идентификува, во етничка смисла, со друга нација; сите македонски градови, реки и луѓе имале грчки имиња; Стариот завет и Новиот завет ја потврдувале грчката припадност на Александар Велики и Македонците; домот на грчките богови бил во Македонија; Југословенска Македонија воопшто не се наоѓа на територијата на античка Македонија; турските и другите пописи не спомнуваат никакви етнички Македонци, сè до појавата на комунистите; со присвојувањето и користењето на името Македонија, Словените ги поставуваат темелите за територијални побарувања од Грција во иднина.

Соочени со тотално агресивната грчка кампања против Република Македонија, многумина нема да останат рамнодушни. Така, на пример, во уредничкиот коментар на лондонскиот *The Sunday Telegraph*, од 27 март 1994 година се наведува: *„Каков збор може да се употреби за ваквата опсесивна псевдоврска на Грците со минатото на нивната земја (дури имаат и списание, Елинисмос, посветено на оваа тема)? Претенциозност не е збор кој го барам. Тие покажуваат премногу страст за да биде претенциозност. Не, Грците, оние античките, имале збор за состојбите на денешните Грци: параноја. Мора да го прифатиме фактот дека г. Андреас Папандреу (грчкиот премиер) и актуелното претседателство со ЕЗ се единствените легитимни наследници на Перикле, Демостен и Аристид Праведниот. Светот мора немо да го потврди нивното тврдење дека низ вените на современиот Грк... тече крвта на Ахил. А нивниот параноичен национализам е засилен со неиздржливоста на ваквото тврдење“.*

Грчката параноја кај многумина ќе предизвика контраефект. Многу интелектуалци, истражувачи, новинари ќе пројават интерес да ги истражуваат наводите на грчките пропаганди. Ќе бидат напишани многу написи, есеи, истражувања, книги кои ќе ги откриваат грчките лаги. Така, на пример, Џон Шеј во воведот на неговата книга *Македонија и Грција: Битката за дефинирање нова балканска нација*,[4] ќе напише: Во суштина, книгава претставува контра-аргумент и тврди дека Македонците (од поранешна Југославија) имаат поголемо право на името и историјата на Македонија од Грците, па дури и од оние Грци кои живеат во северниот дел на Грција, дел кој пред две илјади години бил срцето на големото Македонско царство.

[4] John Shea, *Macedonia and Greece: The Struggle to Define a New Balkan Nation,* McFarland & Company, Inc, Publishers, Jefferson, Nort Carolina, and London, 1997.

Еден од најголемите признаени авторитети за историјата на античка Македонија во светот, американскиот професор Јуџин Борза, во неговата книга *Во сенките на Олимп – појавата на Македонците*[5] ќе го објасни фактот дека германските научници во 19. век ќе ги создадат денешните теории за хеленизмот на античките Македонци.[6] Борза смета дека Германците ќе го направат тоа поради сопствените потреби и интереси, како, на пример, обидинувањето на Германија. Токму поради тоа им бил потребен некој антички јунак-обединител, на кого требало да се огледаат нивните тогашни политички водачи. Според нив таков обединител бил Филип II Македонски, кој наводно ги Ñобединил“ Грците. Но тука, според Борза, пред германските научници се јавила една непромостива пречка. Тие не знаеле како да ги објаснат говорите на познатиот атински оратор Демостен, кој жестоко ги напаѓал Македонците како окупатори (а не обединители) на грчките држави (полиси), нарекувајќи ги барбари и тирани.[7] Борза на шестата страница од наведеното дело пишува: ÑНајголемиот дел од античка Македонија бил вклучен во модерната грчка држава дури во 1913 година и тоа била политички чувствителна област во релациите меѓу атинската власт на југ со своите соседи на север“.[8]

Од наведеново може да се сфати дека денешната грчка пропаганда, во однос на името Македонија, е обичен дефанзивен рецидив од германските пропаганди од 19. век, надополнети со дневно-политичките и стратешките национални интереси на Грција.

Во суштина, паранојата на Грците ќе произлезе од стравот за самите себе. Како што има забележано Антони Смит[9], светот се соочува со *етничка преродба* ñ порив за поткрепа на етничките малцинства што бараат културни слободи, човекови права, политичка автономија, па дури и национална независност. Грција која својата нација во изминатите два века ја создавала преку окупирање на туѓи територии, преку етнички чистења, преселби на население, насилни асимилации, денес не може да ја спречи етничката преродба на својата почва. Грчката нација, за која можеби најдиректно

[5] Eugen Borza, *In the Shadow of Olympus, The Emergence of Macedon,* Princeton, New Jersey, USA.

[6] Имено, големите сили (Британија, Русија, Франција и Баварија) по востанието на Пелопонез во мај 1932 година одредуваат (без учество на Грците) седумнаесетгодишниот Ото од Вителсбах, вториот син на баварскиот крал Лудвиг I, да биде крал на новата држава Грција. Тој со неговата многубројна свита, дојдена со него во Грција, ќе се обидат да го поврзат во еден непрекинат тек класичниот, средновековниот и современиот период од грчката историја и да го „создадат“ она што денес се изучува како историја на стара Грција.

[7] *„Навистина Филип се нарекува хеленофил, пријател на Елините... Тоа е повеќе од лага. Кралот не може да биде хеленофил поради неговото варварско потекло. Тој не е Хелен и на ниту еден начин не е поврзан со Хелените. Тој не е дури ни странец со пристојно потекло. Тој е едноставно мизерен Македон; а во Македонија, како што сите знаеме, не може да се купи дури ни пристоен роб*“. ñ цитирано според: Demosthenes Crationes ñ *A History of Diplomacy*, vol. 5, Diodor Sikelioi, Biblioteka Historica, стр. 84.

[8] Во грчките архиви постои документ потпишан од Георгиос I ñ кралот на Грција и претседателот Елефтериос Ванизелос (Во Солун, 31 октомври 1912 год. - 13а ñ Protocol no. 689 ) со кој се наложува воспоставување на привремена власт на окупираните територии од страна на грчката армија. Ова е најдиректниот доказ на наводите на Борза дека Грците првпат во 1912 година вклучуваат (со окупација) дел од територијата на Македонија во современа Грција. Од каде тогаш произлегува фактот содржан во грчите пропаганди дека Македонија 3000 години е грчка.

[9] Ентони Смит, во однос на современата грчка нација, наведува: „грчкиот демографски континуитет бил брутално нарушен кон крајот на шестиот, па сè до осмиот век од н.е. со масивни приливи на Аварите, Словените, а подоцна и со албанските емигранти“. За современите Грци Смит наведува: „ ... не може да се каже дека потекнуваат од античките Грци“.- Anthoni D. Smith, *National Identity,* London: Penguin, 1991, стр.29.

се однесува дефиницијата на Бенедикт Андерсон, „една замислена политичка заедница“, се наоѓа пред голем предизвик.

Лоринг Денфорт тврди дека обидите на Грција да наметне хомогена национална култура, на една група народ со различни јазични и културни традиции, можат да доведат до создавање на национално малцинство. Со негирањето на постоењето на македонското малцинство во северна Грција, грчката влада можеби ги негува истите оние кошмари кои се обидува да ги потисне[10].

Непочитувањето на правата на етничките, религиозните и јазичните малцинства на нејзина територија, наспроти официјалното прифаќање на сите меѓународни акти што ги пропишуваат таквите права, ја прават денес Грција „црна овца“ на ЕУ и на ОН. За сето тоа сведочат бројните извештаи за кршење на човековите права во Грција, изготвени од Стејт Департментот на САД, Амнести Интернешенал, Хелсиншкиот комитет...

Особено се изложени на разни видови на притисоци, уцени и закани оние грчки интелектуалци што ќе се обидат да истражуваат прашања од современата грчка историја, или прашања за етничкиот состав на грчкото население. Случајот со Анастасија Каракасиду, најдобро го илустрира она што треба да го очекува секој што би се обидел да истражува по табу-темите во Грција. Исто така, случајот со Христос Сидеропулос и Анастасиос Булис, анализиран и од Амнести Интернешенал, укажува со што можат да се соочат оние што ќе пројават друг етнички идентитет (во овие случаи македонски) освен грчкиот. За пројавувањето друго религиозно чувство од грчкото православие, најдобра илустрација е случајот со Отец Никодимос Царкнас. Сите овие случаи на непочитување и на кршење на човековите права ѝ донесоа лош углед на Грција во меѓународната заедница.

Стравот е уште посилен кога ќе почне да се разоткрива современата грчка историја и сето она што го правеле грчките власти за време на балканските војни, за време на диктатурата на Јоанис Метаксас, Втората светска војна, граѓанската војна.[11]

Грција е свесна дека изборот и усвојувањето на националното име, барем досега, не е регулирано со меѓународни норми, со мултилатерални или билатерални акти и спогодби, ниту со внатрешни државни акти. На меѓународно ниво е прифатено обичајното право дека секој народ, секоја нација има право самата да го избере името што го носи, без притоа да бара дозвола или одобрување од надворешни фактори. Единствено Повелбата на ООН, во делот за правото на самоопределување на индивидуите, групите и народите, што подразбира и право да го избираат и носат името, претставува единствен правен акт што претставува некоја општа меѓународна норма поврзана со името на народите на државите.

Грција е свесна дека поради наведеново, никој нема право да

[10] Loring Danforth, *The Age*, Melbourne, March 5, 1994

[11] Richard Clogg, *A Concise History of Greece,* Cambridge University Press.

обвини некого и да му го оспорува националното име и не постои овластена институција до која може да се упати вакво обвинение. Затоа користејќи го „правото“ на сила во изминативе години се обидува на најразлични начини да ја оствари својата цел. Во игра беа и сѐ уште се: вето на одлуки на ЕУ што се однесуваат на Македонија; прво економски блокади на Македонија, потоа економска офанзива со економска „окупација“; огромни суми на пари, подароци, летувања на јахти и имоти на богати грчки бизнисмени наменети за македонските политичари за да ги омекнат своите ставови за името Македонија; разни разузнавачки, безбедносни, психолошки сценарија и притисоци. Којзнае уште што нема да измислат за да ни го оневозможат користењето, од наша страна, на името Македонија. До каква перфидност можат да одат, можевме да се увериме и преку извештајот на Меѓународната кризна група, посветен токму на ова прашање.

Покрај сѐ Република Македонија е признаена од стотина земји, меѓу кои секако се издвојуваат САД, Русија и Кина, како постојани членки на Советот за безбедност на ОН. Другите земји под притисок и уцена на Грција нѐ признаа под онаа смешна референца FYROM, што претставува преседан во светската историја.

Сепак, името на еден народ, на една држава никогаш и никаде не било нешто што може да биде избрано или усвоено преку ноќ (или пак наметнато со сила преку еднократен акт од Тито, како што тврдат Грците). Изборот и усвојувањето на името на еден народ и држава е долг, сложен, а некогаш и драматичен процес кој трае со векови, па и милениуми. Од кога еднаш е прифатено едно име како свое, тоа останува наследство за сите идни генерации, како дел од нивното битие и нивниот идентитет. Ниту сила, ниту закани, ниту пак декрети можат да го променат тоа чувство. Најдобар пример се народите кои со векови биле под колонијално ропство и биле третирани за заборавени народи. Етничката преродба и потрагата по корените повторно и повторно ги враќа заборавените, асимилираните или со сила променетите идентитети. Во ерата на глобализацијата, кога државите веќе ја губат моќта со сила да ги одржуваат „замислените заедници“, светот сѐ почесто ќе се среќава со примери слични на „случајот Македонија“. Тука можеби е и одговорот за досегашната солидарност на некои европски држави со барањата на Грција. Секоја од нив слично на Грција во своите граници има своја „Македонија“, без разлика што се вика Северна Ирска, Баскија, Каталонија, Корзика, Бретања, Јужен Тирол, Аланд, Северен Кипар...

**Abstract**

Since the fall of Yugoslavian Federation and the efforts of Macedonian people to create its own independent state, they are facing a severe propaganda and pressure by its southern neighbor, Greece concerning the use of the name. As there is now international regulation for using a name by which one community identifies itself, Greece with various forms of pressure and threats succeeded in Macedonia to be recognized under the reference: formal Yugoslav Republic of Macedonia. Yet, Republic Macedonia is recognized by hundreds of countries among which are USA, Russia and China. In the era of globalization, the states are loosing the battles to maintain by force the „imaginary communities“ and there will be more examples similar to „case Macedonia“. Here can be recognized the solidarity of the European countries to Greece requests as each of them, inside its borders has „Macedonia“, regardless if it is named Northern Ireland, Basque, Catalonia, Corsica, South Tyrol, Northern CyprusÖ

# Џон Мајнард Кејнс - сè уште економски (р)еволуционер

Улрих Клепман

Џон Мајнард Кејнс е несомнено една од најзначајните личности во историјата на економијата. Тој направи револуција во економијата со своето класично дело „Општа теорија на вработување, пари и камати“ (1936 год.). Оваа книга е најверојатно едно од највлијателните дела врз општествената наука на 20. век, бидејќи брзо и во основа го смени мислењето на светот во однос на економијата и на улогата на државата во општеството.




John Maynard Keynes (1883-1946)

Ниту една книга пред неа или по неа немаше такво влијание. Џон Мајнард Кејнс, чијшто татко предаваше економија на Кембриџ, се образуваше во високо елитни училишта во Англија, прво во Итон, а потоа во Кралскиот колеџ во Кембриџ.

Во 1906 година тој стапи на работа во јавна служба, но само за кратко, за во 1909 година повторно да се врати во Кембриџ. Во текот на овој период создадени се три врски, што траат доживотно. Кејнс прво беше апсолвент на Кралскиот колеџ во Кембриџ и беше задолжен за Организацијата на поранешните студенти на овој колеџ. Потоа, во 1911 година стана уредник на Economic Journal, позиција што ја имаше речиси до крајот на својот живот. Исто така, тогаш стапи во контакт со таканаречената група „Bloomsbury“, весело поврзување на „upper class“ на апсолвентите на Едвард, меѓу кои се наоѓаше и Вирџинија Вулф. Тие му служеа како врска со животот надвор од економијата.

Неговата прва книга за индискиот валутен систем во 1913 година беше резултат на неговите искуства со Канцеларијата за Индија при владата во Лондон. Од 1914 до 1918 година беше повикан во Финансискиот оддел на поранешното британско царство, за да го поддржи финансирањето на британската воена економија.

Бидејќи покажа одлична работа беше замолен да отпатува во Версај со британската делегација, каде што во 1918 година започнаа преговори за мировен договор со Германија. Тој беше ужаснат од природата на договорот, полн со желба за одмазда, и делумно против уништувачките последици од тешките

репарации на Германија. Првото барање беше исплата на сума од 359 милијарди германски марки до 1980 година. Севкупниот износ на пари во обрт во Европа не ќе беше доволна за да се исплати оваа сума.

Оттука тој одби понатамошна соработка на конференцијата и го објави својот есеј „Економските последици на мирот“ (1919), во кој што го нападна Версајскиот договор со што стана познат во јавноста. Откако се врати во Кембриџ, го објаво делото „Расправа за веројатноста“ (1921) и „Набљудување на валутната реформа“ (1923), каде што заедно со Алфред Маршал и Артур Пиго ја разви Cambridge cash balance theory.

Во дваесеттите години Кејнс беше активен во јавните политички дебати, што главно можеа да се прочитаат во многубројните написи на Nation and Atheneum, либерален неделен магазин. Тој беше решителен противник на враќањето на Велика Британија кон златниот режим од предвоената валута. Тоа требаше да значи дека вредноста на британските фунти би требало истовремено да се врзе за злато. Во 1925 година се ожени со руската балерина Лидија Лопокова.

Во 1929 година тој учествуваше на дебатата за германските проблеми за исплаќање на репарации, бидејќи Германија едноставно не беше во можност да ги исплати во меѓувреме намалените давачки. Хиперинфлацијата од 1929 година во Германија силно се одрази во сите останати европски земји.

Во 1930 година Џон Мајнард Кејнс ја објави својата книга во два дела „Treatise on Money“. Во неа ја објасни основната теорија на ликвидност во однос на каматите и мислеше дека со тоа направил голем потег, но тоа траеше кратко. Дојде до вистинска војна со Фридрик фон Хајек, кој формално го поби неговото дело. Дури и некои пријатели на Кејнс ја критикуваа теоријата.

Токму во 1933 година тој почна да шири некои идеи и куси написи за неговото најголемо дело, за да привлече внимание кон себе и кон своите нови идеи. Му требаа три години додека не го објави своето стандардно дело The General Theory of Employment, Interest and Money во 1936 година. Пред своето време и пионерски, книгата се проби во време кога светот се наоѓаше во голема депресија. Генералната теорија стана предмет на разговор кај политичарите и академците. Тој со неа се обиде да објасни како се поврзани финансиите со вработувањето. Во неа објасни дека одлучувачки фактор е побарувачката. Меѓу револуционерните концепти што Кејнс ги разви беше рамнотежата што ја одредува побарувачката, со која е можна невработеност и дека невработеноста не би можела да се победи со флексибилни цени, една единствена монетарна теорија, базирана на предноста на ликвидноста. Иако овие зборови се тешко разбирливи, Кејнс сакаше на своите современици да им даде до знаење дека вообичаените методи за сузбивање на невработеноста и на депресијата се без влијание.

Кејнс ги преврте економските теории што дотогаш важеа. Неговата претстава за т.н. антициклично

однесување на државата, што значеше трошење на парите во лошите времиња, заштедени во добрите времиња, беше новина за економските политичари. Дотогаш важеше како нормално да се штеди и во лошите времиња, за да не се прават долгови и одеднаш Кејнс бараше нешто ново. Државата, според него, во периодот на рецесија би морала да настапи како побарувач и како работодавец. Макроекономијата беше создадена!

Револуцијата на Кејнс ги подели економистите на два табора. Младите застанаа на негова страна, постарите против него. До денес т.н. неокласичните приврзаници на Кејнс се изложени на силна критика кога бараат спроведување на теоријата за надминување на сегашната економска криза во Европа. Тоа, за жал, не е можно затоа што државите немаат заштедено никакви резерви. Непостигнувањето на критериумите од Мастрихт во Италија, Грција, Германија и Португалија јасно го покажуваат тоа.

Од 1938 година му се нарушува здравствената состојба и тој се повлекува од жестоките дебати. Кога изби Втората светска војна одново го објави своето списание How to pay for the War во 1940 година. Во кусиот есеј тој ја опиша инфлационата стапица, која би настанала со војната и го претстави поимот „принудно штедење“, за спречување на инфлацијата на цените. Оваа постапка се воведе во 1941 година во Велика Британија. За време на војната тој размислуваше и за економски повоен поредок. Во 1943 година Кејнс макотрпно се бореше за своите идеи за Internationalen Clearing Union, којашто ја нарече Bancor. Во преговори со Американците ги релативизираше своите идеи и го прифати таканаречениот „White Plan“ за Меѓународен фонд на израмнување, во кој се содржани сите валути на земјите-учеснички. Во секој случај преземени се суштински делови од неговата Clearing Union.

Во 1944 година Кејнс ја предводеше британската делегација на Меѓународната конференција во Бретон Вудс, каде се изработија деталите на овој систем.

Американскиот „бел план“ беше прифатен и земјите добија стабилен курс за менување на американскиот долар, додека пак вредноста на доларот беше врзан за злато. Овој систем се одржа до 1972 година, а оттогаш вредноста на доларот се базира само на економската сила на САД. Поради делумното депонирање на злато во Форт Кноџ доларот се нарекува и златна валута.

Во тоа време се основаа две институции во соработка со него, за зачувување на овој систем на нов меѓународен валутен механизам, Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.

Сите овие напори значително ја нарушуваат здравствената состојба на Џон Мајнард Кејнс. Тој умира во 1946 година, веднаш откако изработи гаранција за американските заеми во Велика Британија.

**Abstract**

John Maynard Keynesí classic „The General Theory of Employment, Interest and Money“ changed the worldís view of economy and the role of the state fast and fundamentally. Keynes studied in Eton and at Kingís College in Cambridge. In 1911 he became editor of the „Economic Journal“. His criticism of the Versailles Treaty, made him known to a broad audience. In the 1920ies, Keynes actively participated in public debates on politics and published several articles. His „Treatise on Money“ (1930) explains the fundamental theory of liquidity in relation to interest. The objective of his „General Theory“ (1936) was to explain how the finances are connected to employment, with request being the determinant. Keynes wanted to make clear that the conventional methods of fighting unemployment and depression had become ineffective. His „General Theory“ turned upside down all current economic theories. The state was supposed to provide request and employment during recession. At the beginning of World War II, Keynes introduced the device of „forced saving“, which was adopted in Britain in 1941. In 1944, Keynes headed the British delegation at the international conference in Bretton Woods, where the American „White Plan“ was accepted. This system was itself influenced by his idea of an International Clearing Union and provided all countries with a firm exchange rate for the US Dollar. Keynes also contributed to the foundation of the International Monetary Fund and the World Bank. He died in 1946.

# На што мислиме ние, кога велиме „ние“?

Леона Страха

*ГЕРТОН ЕШ, Тимоти „Слободен свет, Европа, Америка и шансите на кризата“, Минхен 2004 година*

Во својата најнова книга Тимоти Гертон Еш тргнува на пат околу светот и ги бара шансите за сегашната криза на Западот




Западот одново се менува. Европа и САД се набљудуваат со недоверба, Велика Британија е во потрага по посебна улога и сè уште воопшто не може да се предвиди како ќе функционира Европската унија по проширувањето кон Исток. Но, и покрај тоа, ваквиот Запад бара да учествува во решавањето на политичките конфликти ширум светот. Со право - смета Тимоти Гертон Еш. Тој, како никој друг, е запознат со политичката ситуација во цела Европа и во САД. Тој има дискутирано со Буш, Блер и Шредер, но и со граѓани од различни западни држави, кои како гласачи ќе го одредуваат понатамошниот тек на развојот.

Во потрагата по загубеното „ние“ на Тимоти Гертон Еш му се потребни преку 300 страници. Прашањето, во неговата прецизирана форма, гласи: „Која е таа сеопфатна политичка заедница, за којашто спонтано би зборувале како за „ние“ или за „нас“? Авторот одговорот го дава дури на крајот на книгата, но уште на почетокот му дава на читателот на знаење дека одговорот е клучот на нашата иднина. И бидејќи Еш пишува толку извонредно, загарантирано му е сето внимание на читателот - претставува задоволство да се тргне со него во потрага по решението на проблемот.

Од крајот на Втората светска војна па наваму, покрај националното чувство, се разви и едно

западноевропско и трансатлантско чувство за „ние“. Во времето на студената војна имаше и едно „слободно“ чувство „ние“, кон коешто се стремеа луѓето од зад железната завеса и коешто го поврзуваа со слободата, човековите права, демократијата и правната државност. На 9 ноември 1989 година граѓаните на ГДР почнаа да удираат со сите расположливи алатки по бетонот на Берлинскиот ѕид, и тој падна. Падот го означи фактичкиот крај на векот и надежта за „проширување“ на слободата. Со распаѓањето на Советската унија поимите „Запад“ и „Исток“ го изгубија значењето што со децении го имаа.

Комунистичкиот Исток исчезна и со тоа Западот полека западна во една криза, несогласувањата се трупаа како облаци што носат невреме и бесконечно се дискутираше како би требало да изгледа „новиот светски поредок или светски неред“. Терористичките напади од 11 септември предизвикаа прво изрази на солидарност во Европа и на другите континенти, но во тек на една година „кризата за Западот“ премина во „криза на самиот Запад“. Владата на претседателот Буш заклучи дека „војната против теророт“ неопходно значи војна против Ирак. Мнозинството Европејци не беа задоволни со оваа одлука. Војната во Ирак длабоко ги подели Европа и Западот.

*Кризата..*

Првиот дел од книгата го носи насловот „Криза на Западот“. Во овој дел авторот се занимава со кризата, која во почетокот на овој век ги подели Европејците и Американците. Патувањето авторот го започнува дома во Велика Британија, која од сите земји-столбови на Западот „најболно е растргната меѓу Европа и Америка“. Од оваа „поделена земја“ продолжува патувањето понатаму кон континентална Европа, потоа кон Америка и конечно во светот од другата страна на Западот.

Велика Британија носи глава со две лица. Иако контрастот меѓу левото и десното лице - „Европа“ и „Америка“ е помалку екстремно, сепак политички гледано, напнатоста меѓу овие две многу слични лица е таа што ја става на проба на растргнување главата со две лица на Велика Британија. Од една страна, уште од времето на деновите на Черчил, В. Британија се обидуваше преку „special relationship“ со Соединетите Американски Држави колку што е можно повеќе да ја сочува својата положба на светска сила, а од друга страна, Черчил, по Втората светска војна, се бореше за повторно засилување на Франција како голема сила. Неговата земја, оценува Гертон Еш, изгуби едно светско царство и досега не најде нова улога. Денес Британците се неделиво поврзани и со Европа, и со Америка: културно, политички, економски, интелектуално, социјално, воено и гастрономски.

Тони Блер би сакал да биде добар Европеец и ја отелотворува дилемата на Лондон: „од лево одекнува ѐБирај ја Европаí, од десно ѐБирај ја Америкаí, одзади ѐОстани десничарска мала Англијаí, а тие од

првите редови не добиваат никаква поддршка“. Да се одлучиш за оваа или за онаа страна би било еднакво на „вистинска ампутација“.

Европскиот политичар со кој најсилно се соочи Блер беше францускиот претседател Жак Ширак. Дипломатијата околу војната во Ирак доведе до конфронтација на двете стари европски стратегии, таа на Де Гол и таа на Черчил. Во случајот со Франција, како и со Велика Британија, надворешната политика е секогаш неделиво поврзана со националната стратегија, колку што е можно повеќе да се зачува од изгубеното влијание како поранешна воена сила.

По Суецката криза Англичаните се приклонија повеќе од кога и да е кон Вашингтон, додека Де Гол се обидуваше да ја засили големината на Франција со тоа што пропагираше „европска Европа“. Тоа значеше „топла, блиска прегратка“ со Сојузната Република Германија, интензивно негување на врските со Русија и со Кина, демонстрација на независност наспроти Соединетите Американски Држави со повлекување од воените структури на НАТО и неговото познато „non“ за британското членство во Европската заедница. Старото ривалство со Англија беше дел од стратегијата на Де Гол исто како и актуелниот конфликт со Соединетите Американски Држави.

За разлика од Британците, Французите со задоволство зборуваат во името на Европа и „јавно кажуваат која ёЕвропаí навистина е ёевропскаí“. Малку понагласено од авторот се вели: „Британците се неспособни да се идентификуваат со Европа, додека пак Французите не се во состојба да се разграничат од неа“. Чувствата, што се скриваат зад француската позиција за време на кризата на Западот, на почетокот на 21. век, може да се разберат само доколку се има предвид сразмерот на трауматичната загуба на политичкиот и културен центар, во светот, во Европа па дури и во Европската унија. По падот на Берлинскиот ѕид и по создавањето на новите демократии во поранешниот „Исток“, Германија го претставуваше центарот на Европа, а не Франција.

Франција беше лидерот, но Германија беше таа што го даде одлучувачкиот збор во ирачката криза. Без Германија немаше да се создаде оската Берлин-Париз-Москва во 2003 година. Германската позиција беше некаде меѓу Французите и Британците, добро знаејќи дека американската поддршка беше важна за преживувањето за Сојузната Република Германија и за Западен Берлин во студената војна. Со отпорот кон Америка, Германија скршна од надворешно-политичката традиција на СР Германија. Од 60. години на 20. век секогаш имаше приврзаници на Де Гол во СР Германија, но ниту Аденауер, ниту некој друг политичар по него не би се поставил против САД заедно со Де Гол. Благодарен за безусловната поддршка за германското обединување, Хелмут Кол, а во своите рани години на извршување на должност и Герхард Шредер ја продолжија оваа политика, сосема спротивно од двоумењето на британската и на француската страна.

„Не“-то на Шредер во однос на војната во Ирак беше сè, само не

јасен одговор. За тоа имаше не само внатрешно-политички причини, означени како опортунистички од страна на Гертон Еш, имено, желбите на црвено-зелената коалиција да остане на власт и по изборите во 2002 година, туку и ставот на Германците во однос на војната. „Кај францускиот отпор наспроти ѐамериканската војнаѓ станувашe збор, пред сѐ, за Америка, кај германскиот отпор станувашe збор подеднакво и за војната и за Америка".

Според мислењето на авторот, двата табора, и „Евро-голистите" со Жак Ширак на чело и „Евро-атлантистите" со Тони Блер како лидер, не беа успешни во својот став во однос на војната во Ирак. „Неоголистичкото видување на една униполарна Европа во еден мултиполарен свет заврши со мултиполарна Европа во еден, како и претходно, униполарен свет. Европа, поточно делот од Европа, околу кој се собраа Франција и Германија не беше доволно моќен за да ги спречи САД во нивната намера. Тони Блер на врвот на нео-черчилците не успеа исто како и Ширак при обидот да ја доведе Европа на негова линија".

Ниту САД на Џорџ Буш не остануваат поштедени во книгата на Еш. Авторот остро ги критикува политиката за животна средина на Соединетите Држави и нивната развојна политика. Вашингтонскиот „Center for global Development" и магазинот „Foreign Policy" ги ставаат САД на последно место на богатите земји со „ангажман за развој". За описот на однесувањето на 43. претседател на САД, Гертон Еш се повикува на антиката. „Моќта во неговата глава претставува само воена моќ... Старите Грци имале поим за ваквото однесување. Тие го нарекувале надменост".

На крајот на првиот дел од неговата книга, авторот констатира дека меѓу „Европа и Америка нема поделени системи на вредности, ѓевропскиѓ и ѐамериканскиѓ, туку различни системи што влегуваат еден во друг со многу голем централен пресек. Иако наоѓаме неколку навистина крути политички и економски конфликти на интерес, сепак тие се одвиваат надолго и попреку во сите правци и создаваат кавги не само помеѓу, туку и внатре во блоковите и во земјите".

Во поглед на глобалните проблеми што авторот фигуративно ги означува како „новите црвени армии" и при тоа мисли на конфликтот на Блискиот Исток, на развојот во Далечниот Исток и во Африка, Европејците, Американците и слободните народи на сите места имаат, во прв план, еден голем заеднички интерес. „Но, ќе ја искористат ли својата шанса?".

*... и шансата*

Вториот дел од книгата е значително пократок и не толку добар како првиот. Тимоти Гертон Еш всушност одговара на своето суштинско прашање, но важните прашања како, на пример, проблемот на продлабочување на европскиот процес на обединување, уставот и шансите за негово ратификување или одвај се застапени, или воопшто не се појавуваат во текстот. Пона-

тамошното проширување на Европската унија на Исток и на Југоисток се подразбира за Еш. Тој го користи поимот „новиот Запад“ и со него мисли на севкупноста на демократски управуваните држави во овој свет. Човештвото, слободните граѓани на „новиот Запад“ се морално обврзани да ги застапуваат интересите на луѓето што не живеат во слобода.

Иако се чини дека одговорот на суштинското прашање е прекраток, во книгата се наоѓа една од најдобрите анализи на времето и на односите во светот по 11 септември, како и најуверливите аргументи против европскиот идентитет, намален од Америка, но и аргументи против начинот на кој Соединетите Американски Држави ги следат своите интереси во светот, кои во останатиот свет будат противнички расположенија против „America-the-Powerful“. Новата книга на Тимоти Гертон Еш е многу повеќе од политички попис на инвентарот, таа е страсен завршен збор кризата да се искористи како шанса, за еден навистина слободен свет.

**Abstract**

Timothy Garton Ash spends over 300 pages in search of the lost „we“. In the first part of his book, entitled „A crisis of the West“, he deals with the crisis caused by the war in Iraq that disunited Europeans and Americans in the beginning of the 21st century. The diplomacy around the war in Iraq was eventually dominated by the conflict between two old European strategies: Gaullism and churchillism. After the development of new democracies in the former East, not France but Germany became the centre of Europe. Although France led the opposition against the American Iraq policy, it was Germany that launched the axis Berlin-Paris-Moscow. By its disagreement with the US, Germany abandoned its traditional foreign policy. According to Garton Ash, both the „Euro-gaullists“ led by Jacques Chirac and the „Euro-atlantists“ with Tony Blair at their head have failed in their attitude towards the war in Iraq. Neither France and Germany nor Great Britain were able to apply their position to Europe. The author also severely criticizes the USž environmental and development policy. He concludes that Europe and America do not have two separate value systems, but several fused ones that have much in common.

In the second part of „Free World“, Garton Ash introduces the notion of the „New West“, which comprises all the democratically ruled states of the world. It is the moral responsibility of all free citizens of the „New West“ to stand in for the interests of those people who do not live in freedom.

Garton Ash gives one of the best analyses of the time and circumstances in the post-9/11 world along with some convincing arguments against both a European identity characterized as anti-American and the USë way of promoting their interests. His new book is not only a political survey, but also a passionate pleading for the crisis as a chance: for a truly free world.

# Извадок од извештајот на Кофи Анан за реформи во ООН: Поголема слобода (21 март 2005)

167. Повикувајќи се на Повелбата на Обединетите нации, сите држави- членки признаваат дека Советот за безбедност ја има примарната одговорност за одржување на меѓународниот мир и безбедноста и се согласуваат да бидат обврзани од неговите одлуки. Затоа, од огромна важност е, не само за Организацијата туку и за светот, Советот да биде спремен да ги понесе своите одговорности, а неговите одлуки треба да бидат прифатени со респект во целиот свет.

168. Во Милениумската декларација, сите држави се заложија да ги интензивираат своите напори за „да постигнат разумна реформа на Советот за безбедност" во сите негови аспекти (види резолуција на Генералното собрание 55/2, параграф 30). Ова ги одразуваше гледиштата, застапувани подолго време од мнозинството, дека промена во структурата на Советот за безбедност е потребна со цел тој да стане пошироко репрезентативен во рамките на меѓународната заедница како целина, како и во однос на геополитичката реалност во светот денес, и со тоа полегитимен во очите на светот. Неговите методи на работа треба да станат поефикасни и транспарентни. Советот мора да биде не само порепрезентативен, туку, исто така, и помотивиран да презема акција кога таа е потребна. Помирувањето на овие два императиви е тежок тест кој секој предлог за реформа мора да го помине.

169. Пред две години, јавно реков дека, според мене, ниедна реформа на Обединтетите нации нема да биде комплетна без реформата на Советот за безбедност. Тоа е сѐ уште мое уверување. Советот за безбедност мора да биде широко репрезентативен во однос на реалните односи на моќ во денешниот свет. Затоа ја поддржувам позицијата искажана во извештајот на Високиот панел за закани, предизвици и промени (A/59/565) во врска со реформата на Советот за безбедност. Имено:

а) Тие би требало, во духот на членот 23 на Повелбата, да го зголемат инволвирањето во процесот на донесување на одлуки на оние кои придонесуваат најмногу за Обединетите нации финансиски, воено и дипломатски, поспецифично придонесуваат во Обединетите нации во врска со проценетите буџети, партиципацијата во одобрените мировни операции, придонесуваат кон волонтерските активности на Обединетите нации во сферите на сигурноста и безбедноста, и дипломатксите активности, кон поддршка на целите и мисиите на Обединетите нации. Во рамките на развиените земји, постигнувањето на значаен прогрес кон меѓународно договореното ниво од 0,7% на ГНП за ОДА, треба да се смета за важен критериум на придонес;

б) Треба да ги воведат во процесот на одлучување земјите кои се порепрезентативни за широкото членство, посебно земјите во развој;

в) Не треба да ја ослабуваат ефективноста на Советот за безбедност;

г) Треба да ја зголемат демократската и одговорната природа на телото (Советот м.з.).

170. Ги повикувам земјите-членки да разгледаат две опции, А и Б, предложени во овој извештај (види табела 5), или кој било друг изводлив предлог во смисла на големина и баланс што може да се изведе врз база на кој било од овие два модела. Државите-членки треба да се согласат да одлучат за ова важно прашање пред

самитот во септември 2005. Би било добро државите-членки да одлучат по ова витално прашање со консензус, но ако не можат да постигнат консензус, тоа не треба да биде изговор за одложување на прашањето.

*Табела 5: Реформа на Советот за безбедност; модели А и Б*

Моделот А обезбедува шест нови постојани места, без право на вето, и три нови двегодишни повремени места, поделени помеѓу поголемите географски области на овој начин:

| *Регионална област* | *Број на држави* | *Постојани места (континуирано)* | *Предложени нови постојани места* | *Предложени двегодишни места (без можност за обновување)* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|
| Африка | 53 | 0 | 2 | 4 | 6 |
| Азија и Пацифик | 56 | 1 | 2 | 3 | 6 |
| Европа | 47 | 3 | 1 | 2 | 6 |
| Америка | 35 | 1 | 1 | 4 | 6 |
| **Вкупно модел А** | **191** | **5** | **6** | **13** | **24** |

Моделот Б не обезбедува нови постојани места но креира нова категорија на осумдесет и четири места кои може да се обноват и едно ново двегодишно непостојано место (без можност да се обнови), поделени помеѓу поголемите географски области на овој начин:

| *Регионална област* | *Број на држави* | *Постојани места (континуирано)* | *Предложени четиргодишни местасо можност за обновување* | *Предложени двегодишни места (без можност за обновување)* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|
| Африка | 53 | 0 | 2 | 4 | 6 |
| Азија и Пацифик | 56 | 1 | 2 | 3 | 6 |
| Европа | 47 | 3 | 2 | 1 | 6 |
| Америка | 35 | 1 | 2 | 3 | 6 |
| **Вкупно модел Б** | **191** | **5** | **8** | **11** | **24** |


## Abstract

In his report on UN reform, UN Secretary General Kofi Annan only touches very briefly upon Security Council reform, and does not recommend specific action on this vital aspect of UN reform. Annan urges member states to consider both models A and B, as outlined by the High Level Panel on Threats, Challenges and Change, and calls on states to reach a decision on Security Council enlargement before the summit in September 2005.

# За авторите

**Ханс Петер Бух,** поручник потполковник Ханс Петер Бух моментално работи како советник за информирање на јавноста во Меѓународниот воен оддел при Штабот на НАТО. Тој е портпарол на генералот Харалд Кујат, претседавач на воениот комитет на НАТО.

**Сашо Додевски,** роден 1973 година. Магистер по меѓународна политика. Магистрирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, каде работи како демонстратор по предметот Меѓународни организации и Меѓународно право и меѓународни политички односи-Применета програма.

**Ѓорге Иванов,** роден 1960, вонреден професор и продекан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Предава Политички теории и Политичка филозофија на политичките студии на Правниот факултет.

**Ѓунер Исмаил**, роден 1951(Битола), професор по философија, публицист Од 1997 год. основач и претседател на УО на ФОРУМ Центарот за стратегиски истражувања, поранешен министер во две Влади на РМ.

**Улрих Клепман,** роден 1968, дипломиран економист, официјален претставник на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Република Македонија

**Кирил Нејков,** роден 1977 Скопје. Тој е магистер по меѓународно право на Универзитетот во Кембриџ.

**Александар Спасеновски**, роден 1980 година, постдипломец по меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, демонстратор по Политички систем и по Современи политички системи на истиот факултет.

**Анета Стојановска**, родена 1982 година, дипломирала Политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Леона Страха**, родена 1981, студира на Хумболт Универзитетот во Берлин нова историја, југоисточноевропска историја и италијански.

**Дане Талески,** роден 1979, член на ИДСЦО и магистрант по Европски студии на Центарот за европски интеграции, Friedrich Wilhelms Универзитет, Бон.

**Ерман Топчу**, постдипломец по европски студии при Центарот за Студии на европски интеграции (ЗЕИ), Rheinische-Friedreich-Wilhelms-Universit‰t Bonn.
*ermantopcu@yahoo.co.uk*

**Штефан Фридрих,** роден 1965, филолог по кинески јазик и литература и политички научник, од 2001 е раководител на претставништвото на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Шангај и коиздавач на „Големиот кинески лексикон“.

**Андреас Шваб**, роден 1973, пратеник е во Европскиот парламет во пратеничката група на Европската народна партија (демохристијани) и на европските демократи.